НИКОЛА ПЕТРОВ

# УЛОГАТА НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ВО ПОДГОТВУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ЗА ПОАЃАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ ОД РАЗЛИЧНИ СЕМЕЈНИ СРЕДИНИ

## ДОКТОРСКА ТЕЗА

Скопје, 1979 година

*Грижата за децата мора*
*да биде трајна*

*Тито*

# I У В О Д

Предучилишното воспитување и образование претставува почетен, примарен и неразделив дел на системот на воспитувањето и образованието во СФРЈ. Во нашето современо самоуправно социјалистичко општество, воспитанието и образованието претставуваат решавачки фактор за формирањето на сестрана развиена и креативна личност, која успешно ќе се вклучи во процесот на трудот и самоуправните односи и во целокупниот општествено - политички живот. Во прилог на тоа во Резолуцијата на Х-от конгрес на СКЈ, меѓу другото се вели: "Воспитувањето и образованието дадоа посебен придонес за развитокот на личноста, на нејзините потреби и способности, за подигањето на културното ниво и за оспособувањето на работничката класа за самоуправување ...". И понатаму:" Во оценката на постојната состојба, Сојузот на комунистите ги истакнува пред се, оние карактеристики на досегашниот развој на воспитувањето и образованието и оние резултати и проблеми што укажуваат на неопходноста од подлабоки промени во оваа област." [1]

---

[1] Идејните основи на самоуправната социјалистичка преобразба на воспитувањето и образованието, Просветно дело 3 и 4/74 стр.143

[1] Иста стр

Општественото институционално предучилишно воспитување произлегува од целите и задачите на воспитувањето кои се општествено условени и од истите се насочуваат и конкретизираат доминантните општествени цели, односите, нормите, потребите и стремежите на општеството за тоа какви треба да бидат децата за да постанат корисни и продуктивни членови на нашата самоуправна социјалистичка заедница.

Систематското институционално предучилишно воспитување и образование на децата од предучилишна возраст, има големо влијание во формирањето на детето во овој период од животот, кога неговиот биолошки развиток е најзабрзан, а со тоа и восприемањето на детето од влијанијата на средината во овој период е поголемо од било кога во развитокот. Оттука со сигурност може да се тврди дека во предучилишниот период постојат најголеми можности за обликување на идната слободна и творечка социјалистичка личност.

Предучилишното воспитување има, исто така, големо значење и улога во формирањето на основите и темелите на кои се надоградуваат новите знаења,умеења и навики ,и развитокот на творечките способности кај децата.

Организираното преучилишно воспитување и образование овозможува оспособување на децата за успешно адаптирање и вклучување во процесот на наставата,

бидејќи во предучилишните установи детето за првпат доаѓа во допир со организирано и стручно водење и учење. Во предучилишните установи детето се запознава и учи како да учи, а процесот на сознанието го доживува пријатно, радосно и со посебен интерес.

Имајќи го предвид сето ова, нашето социјалистичко самоуправно општество посебно ја истакнува потребата, улогата и значењето на предучилишното воспитување за брзо надминување на појавите и последиците на социјалните разлики меѓу луѓето и за создавање на такви општествени услови за опфаќање, воспитување и подготвување на децата за училиште од сите социјални структури и категории, односно предучилишно воспитување да биде достапно за сите деца.

Актуелноста на оваа потреба е дотолку поголема, ако се има предвид дека влијанието на различните социокултурни средини врз психичкиот и физички развиток на детето е од далекусежни и трајни последици во периодот на развитокот на детето од предучилишната возраст. Ваквите последици тешко се исправуваат во подоцнежниот развиток на децата, заради што институционалното воспитување се јавува како оден од корективите за смалување на социјалните разлики.

Ваквата поставеност и значајност на општественото предучилишно воспитување е одредена и

детернирана со повеќе општествени документи што ја насочуваат: општествената, научната и стручната работа на овој план. Во резолуцијата за развитокот на воспитувањето и образованието врз самоуправната основа на X-от Когрес на СКЈ се вели: "Со воспитувањето и образованието на детето од преучилишната возраст се поставуваат првите темели на социјализацијата, неговиот физичко-здравствен, интелектуален, морален и естетски развиток, заради што е потребно организирано да се влијае врз воспитната функција на семејството, да се основаат предучилишни установи и да се врши подготовка на предучилишните деца за поаѓање во училиште." [2]

Заклучоците од X-от и XI-тиот Конгрес на СКЈ и заклучоците на VI и VII Конгрес на СКМ, како и на другите републички конгреси на СК јасно укажуваат каква е улогата на предучилишното воспитување и образование на детето. Во тој поглед треба да се нагласи дека во претходниот период предучилишното воспитување и образование немаше ваков третман каков што има денеска, а и тоа така не преставуваше органски дел на воспитно-образовниот систем и во практиката беше сфатено како форма на социјално згрижување.

---

2) Исто стр. 161

Со Уставот и со Законот за здружен труд создадени се општествени услови за широко вклучување на работниците од организациите на здружен труд, работните луѓе и граѓаните во месните заедници и во општината да решаваат за целината на образовните и кадровските потреби, за програмите кои се остваруваат со оваа дејност и за средствата за нивно остварување. Поаѓајќи од ова "Сојузот на комунистите на Југославија се залага во организациите на здружен труд, во месните заедници, во самоуправните интересни заедници и во детската заштита да се создаваат услови за опфаќање на се поголем број деца со организирано предучилишно воспитување како составен дел на воспитно-образовниот систем." [3]

Овие заклучоци веќе се оживотворуваат во практиката за што Заедницата вложува големи напори за помасовно ширење на мрежата на предучилишните институции преку разводни форми за опфаќање. Со организирано предучилишно воспитување денеска се опфатени околу 16% од децата на возраст од 0 - до поаѓање во училиште. Во сите градови и поголеми населби во Републиката изградени се и работат предучилишни установи, а прифаќањето на децата во забавиштата за нивно подготвување за поаѓање во училиште во последните години зема се поголем замав.

---

[3] Резолуција и Статут на СКЈ, стр. 179, Комунист-Ск./78 г.

Но, и покрај ваквите напори за ширењето на мрежата на овие установи, опфатеноста на децата се уште релативно е мала, па затоа овие установи се уште не можат да претставуваат значаен фактор за социјалните нееднаквости, односно за изедначување на условите на воспитувањето и образованието на децата.

Како резултат на ваквата општествена одреденост произлегоа и новите закони за предучилишното воспитувеање и образование кај нас и во другите републики, а исто така и програмите на воспитно-образовната работа со конкретизирани содржини. Во таа насока покрај општествените настојувања за јакнењето улогата на семејството во обезбедувањето на основните услови за нормален психо-физички развиток на децата,се постигнува и преку јакнењето на економската база на семејството и подигнувањето на културното и образовното ниво на родителите, преку разновидните форми и средства на информирање и комуницирање , се јавува потребата за обезбедување услови за општествено институционално предучилишно воспитување.

Една од основните цели на предучилишното воспитување и образование е во согласност со педагошките и научно-стручните достигнувања, како и имајки ги предвид општите цели на воспитувањето во нашето социјалистичко самоуправно општество да обезбеди услови за

нормален физички, интелектуален, социјален, емоционален и морален развиток и да создава услови за успешно понатамошно воспитување и образование на децата.

Развитокот и формирањето на личноста на детето е долг процес на преобразување на оние потенцијали што ги носи детето со неговото раѓање. Иако во текот на развитокот се воспоставува и одржува континуитет меѓу неоформените потенцијали на формирањето на индивидуата не влијаат само квантитативните промени, туку и квалитативните промени и својства како и внатрешните промени и својства на пропорциите.

Процесот на формирањето на личноста поминува долг пат низ развојните фази во кои преовладуваат различни изрази на исти човечки можности. Затоа предучилишното воспитување посебно ги нагласува раните изрази на физичките и психичките потенцијали, поведението и воопшто целокупната дејност и активност на малите деца кои се наоѓаат во развојна врска.

Истражувањето во развојната психологија и во предучилишната педагогија покажуваат дека периодот од третата до седмата година дава големи можности за поттикнување на целокупниот развиток на детето. Интензивниот развиток и созревање како и еластичноста на детскиот организам во овој период даваат големи

можности за воспитни и образовни влијанија, во формирањето на основите на личноста и поведението на детето.

Поединечните истражувања вршени во разни земји покажуваат дека во периодот на раното детство,а посебно во предучилишниот период постојат најоптимални можности преку организирана воспитно-образовна работа да се забрза развитокот на детето.

Ако се занемарат педагошките влијанија се доаѓа до осиромашување на развојните можности кај детето и до заостанување на неговиот развиток кое подоцна тешко се надополнува.

Предучилишните установи како организирани воспитно- образовни институции со својата организациона, планска и програмска поставеност, раководејќи се од поставените цели и задачи вршат големо влијание врз правилното насочување на развитокот, поведението, избирањето и примнувањето на најадекватни форми, методи и средства за оптимален и сестран развиток на личноста на детето.

Во таа смисла предучилишните установи имаат голема улога во подготвувањето на децата за поаѓање во училиште. Сите овие и другите компоненти што ја сочинуваат подготвеноста за училиште влијаат на институционалните и вонинституционалните форми на

воспитувањето и образованието на предучилишните деца, домашните услови и другите фактори кои учествуваат во формирањето и подготвувањето на ддецата за учулиште се предмет на обработка на ова истражување.

Во остварувањето и реализирањето на општата цел, како и реализирањето на конкретните цели и задачи на предучилишното воспитување, бара вработување на стручно оспособени лица за програмско, целисходно и стручно воспитување и образование, кои успешно ќе ги подготват децата за поаѓање во училиште. Со Резолуцијата на XI-от Когрес на СКЈ е предвидено "Неопходно да се поттикнува и содржајно да се актуализира стручно, педагошко и идејно- политичко оспособување на воспитувачите, преку само-образование и преку сите други организирани форми на усовршување."[4]

Ваквата определеност и ангажираност на општеството добива своја конкретизација и во Законот за предучилшното воспитување и образование во кои се синтетизирани најновите сознанија и потреби, со што се цел предучилишните установи како почетни и примарни да се организираат на ниво на кое ке можат успешно да одговорат на современите барања во денешниов степен на развитокот на нашето социјалистичко самоуправно општество.

---

4) Резолуција на XI Конгрес на СКЈ стр.181, Комунист -Скопје/78 год.

Предучилишните установи како воспитно - образовни институции, својата дејност ја обавуваат преку програмата за воспитно- образовна работа,изработена од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето од разни содржини и подрачја. Програмските цели и задачи на воспитно-образовната програма во предучилишните установи се одредени од содржините, методите, формите и средствата на работа што се специфични за децата од предучилишна возраст. Покрај наведеното, програмските цели и задачи се одредуваат и од научните сознанија за развитокот и воспитувањето и образованието на децата, како и од марксистичко- хуманистичките сфаќања и погледи за човекот како сестрано развиена и творечка личност.

Во тој поглед во Резолуцијата на XI -от Конгрес на СКЈ се вели: " Неопходно е да се усовршуваат програмите во основното образование и да се поврзуваат со содржините на предучилишната програма и со програмите на заедничката воспитно- образовна основа на насоченото образование." [5]

Организирањето на институционалното предучилишно воспитување врз научните максистичките погледи и сознанија ќе допринесе за подобар премин од спонтана социјализација кон насочување на програмирање на развитокот на детето во понатамошното формирање на психо-физичките својства и особености.

---

5) Резолуција на XI Конгрес на СКЈ стр.18о Комунист-Скопје, 1978 год.

## ПОТРЕБА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ УЛОГАТА НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ ВО ПОДГОТВУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ЗА УЧИЛИШТЕ

Потребата за проучувањето улогата на предучилишните установи во подготвување на децата за училиште од разни семејни средини, е условена од неколку моменти:

Изминатиот период на социјалистичкиот развиток на нашата земја, создаде суштествени промени во целокупниот живот на општеството. Научно- техничката револуција во современо општество инплицира длабоки и сестрани општествени промени кои се манифестираа и изразуваат во работата, производствено- материјалните вредности, како и од другите видови на општествената активност и дејност на современиот човек. Развитокот на индустријализацијата на нашата земја доведе до експанзија и ширење на градовите со мигрирање на населението од село во град, што од своја страна услови менување на традиционалниот живот и создаде нови услови за живеење и работење. Во современото општество, семејството доживува коренити промени и како резултат на тоа произлезе и менување на воспитната функција и покрај тоа што семејството се уште претставува незаменлива институција за првобитна и примарна социјализација на детето. И покрај тоа сведување услогата на воспитување и образование само на родителите и децата

во услови кога и двата родители се вработени, семејството побеќе не може да ги задоволи сите потреби на детето на воспитно образовен план, ниту да создаде неопходни услови за негов оптимален физички и психички развиток. Тоа посебно доаѓа до израз кога поедини деца манифестираат и изразуваат желба и потреба за активирање и сознавање на околината, за луѓето и односите во кои тие стапуваат. Исто така семејството, не може да ги обезбеди сите основни услови за развиток на сознајните способности, посебно во периодот кога во развитокот на детето се јавува потреба за одредени поттикнувања. Поголем број семејства во такви случаи не се во можност да му го дадат на детето, тоа што го бара. Заради тоа институционалното општествено предучилишно воспитување на децата од предучилишната возраст се јавува како дополнување на семејното воспитување, а во одредени случаи и како замена. Тоа значи, дека се јавува потреба за масовно воспитување и образование во предучилишните установи уште од раната возраст,за да можат успешно да се вклопат во училиштето и да го следат образовно-наставниот процес.

Систематското општествено предучилшно воспитување врши големо влијание во развитокот и формирањето на детето во периодот кога неговиот биолошки развиток е најбурен, а исто така кога е забрзан и

развитокот на нервниот систем. Заради тоа и способностите за примање кај детето, како и влијанијата на средината е многу поголемо од било кога во подоцнежниот тек на развитокот. Од тие причини, може слободно да се каже, дека предучилишниот период дава најголеми можности, а предучилишните установи обезбедуваат солидни услови за обликување и формирање на младата личност. Овој факт јасно укажува дека предучилишното воспитување има голема улога и значење во поставувањето, изградувањето и формирањето на психо-физичките способности, како и творештвото на младата личност.

Во согласност со спомenatите како и другите психолошко- педагошки законитости за развитокот и воспитувањето на децата, се поставува цел и потреба за што побрзо и масовно ширење мрежата на предучилишните институции, како и педагошкото водење на децата во оваа етапа од нивниот развиток.

Меѓутоа, истакнувајќи го значењето на организирано општествено воспитување и образование на децата во предучилишните установи, треба да се нагласи дека потребата за побрз развој на општествената заштита и развојот на системот на предучилишното воспитување на децата, покрај напред наведените

сознанија, го диктира и темпото на мошне динамичниот општествен развој кој со себе ги носи процесите на раслојување на традиционалното семејство.

Имено, брзиот индустриски развиток на нашата земја доведе до експанзија и ширење на градовите, миграциони движења на населението од село во град и слично. Од друга страна, општествените напори за економска самостојност на жената го забрза процесот на напуштање на нејзиното традиционално занимање како домаќинка и доведе до нејзино масовно вклучување во процесите на трудот и поголемо активирање во самоуправниот механизам и општествено политичкиот живот. Економската самостојност на жената и другите позитивни промени во семејството, во голема мера придонесоа за еманципација на новите семејни структури и односи, меѓутоа, проблемот за згрижување и воспитување на децата стана мошне актуелен. Се чини дека решавањето на прашањето за опфаќање и воспитување на децата не ги следеа процесите што настануваа и настануваат со развитокот на општествено- економскиот систем и проблемите на социјален план, што преставува неминовна појава на општествено економскиот развиток.

Денеска немаме преглед за тоа на каков се начин се воспитуваат децата во новонастанатите

семејни структури и движења, но јасно е дека згрижувањето и воспитувањето на децата во наведените состојби надвор од предучилишните установи е непотполно и неадекватно за нивниот нормален психо- физички развиток. Оттука во дадените услови, опфаќањето на децата во установите за дневен престој-предучилишни установи, претставува општествена грижа за децата од сите категории на семејства, а пред се:

- за децата кои живеат во образовно и културно депревирани семејни средини, бидејќи во овие средини тие немаат можност да добијат адекватно воспитување за стимулирање на нивниот интелектуален потенцијал, за појмовно богатење, за стекнување на основи на поведението, тие се лишени од богатството на дидактичките и други воспитни средства за задоволување на нивниот психички живот, а неадекватното воспитување на децата во овие семејни средини доведува до негативни појави на поведението и неподготвеност за училишните обврски;

- за децата од таканаречените социјални категории семејства,а посебно семејствата на разорени меѓусебни односи, дефицитарните семејства, децата на родители алкохоличари, децата воспитно занемарени, децата на родители кои се економски необезбедени и

други случаи на социјално загрозени семејни средини, во кои децата се жртва на неповолните семејни услови за нормален физички и психички развиток, бараат општествена грижа, заштита и воспитување. Прифаќањето на оваа категорија деца во предучилишните установи има пресудно значење за заштитување на истите од можноста да биде спречен нивниот нормален психо- физички развиток, а со тоа и од мрачната перспектива тие да станат сувишни граѓани на општеството;

- На децата на вработените родители кои немаат можност да посветат поголемо време и грижа во одгледувањето и воспитувањето на децата преку денот заради отсуството од домот и заради презафатеноста во домашните работи за време на нивното краткотрајно дневно престојување во домот, ангажираноста со општествените обврски и слично. Децата што живеат во овие семејства се доволно материјално обезбедени, тие најчесто се обезбедени со воспитни средства за игри, разонода, активности и доволно се поттикнато за нивниот интелектуален развиток, меѓутоа, нивната препуштеност на улицата преку денот или на случајни воспитувачи го прекинува континуитетот на воспитно-образовната работа на родителите, а често се постигнува во тој поглед расчекор помеѓу воспитувањето што го даваат родителите

и воспитувањето што го добиваат децата преку денот од страна на другите лица задолжени да се грижат за нив, поради што не се исполнуваат желбите на родителите на планот на воспитувањето на децата;

- на децата од семејствата кои мигрираат од неурбанизираните средини, чии родители немаат доволно искуствени знаења за животот и воспитувањето на децата во услови на развиени животни средини се исто така на еден или друг начин дефицитарни. Овие семејства, со нивното доселување во новата средина се судруваат со многубројни животни проблеми /вработување, решавање на станбеното прашање и др./, поради што воспитувањето на децата го ставаат на заден план. Оттука прифаќањето на овие деца во предучилишните установи е од посебно значење како и општествената помош во прифаќањето и воспитувањето е неопходна;

- покрај споменатите категории на семејства кои чувствуваат примарна потреба на општествено организирано опфаќање и воспитување на децата во предучилишните установи, треба да се истакне дека и на семејствата од селските средини им е потребна општествена помош во подигнувањето и воспитувањето на децата. Преоптеретеноста на родителите со полската и друга работа на село без определено работно

време, недоволната педагошка информираност за развитокот и воспитувањето на децата и други ја занемаруваат воспитната улога на родителите во воспитувањето на децата. Поради тоа децата од селските семејни средини кои немаат можност да посетуваат предучилишна установа, доаѓаат во училиште неподготвени, имаат тешкотии во адаптирањето и во следењето на наставниот процес. Имајќи предвид дека во овие средини не е секојпат можно отворање на предучилишни установи со целодневен престој, грижата за општествено опфаќање и воспитување може успешно да се реализира преку отворање на забавишта при основните училишта.

Меѓутоа, организираното општествено згрижување и воспитување на децата од предучилишната возраст, педагошката теорија и практика го истакнува како потреба за сите деца, бидејки воспитувањето и образованието на децата во предучилишните установи не се јавува само како замена на улогата на родителите, туку и како процес на систематско, планско и организирано воспитувањети образование на децата,со што се надополнуваат празнините на воспитно-образовната работа на родителите и се отвара можност за нови сознанија, искуства, стекнување.на умеења и навики.

Затоа денеска на опфаќањето на децата во

предучилишните установи не се гледа само како потреба за згрижување на децата на вработените родители, туку како потреба на сите категории деца, преку која се создаваат приближно еднакви услови за нивниот развиток и воспитување, независно од семејните услови и можности.

Потребата за ширење мрежата на предучилишните институции и нивниот третман како почетни и примарни воспитно-образовни установи, не е условена само од горе наведените мотиви, туку и од барањата што ги поставува современата педагошко-психолошка наука. Имено,новите сознанија на педагошко-психолошката мисла го истакнуваат судбоносното значење на предучилишното воспитување и неговиот натамошен развој, од причини што во тој период детето има широки можности за максимално развивање на интелектуалните способности, доаѓање во контакт со појавите и настаните во непосредната околија што влијае на развитокот на љубопитноста, интересите за здобивање на елементарни претстави и поими, збогатување на искуствата и знаењата, формирањето на основните културно-хигиенски навики, како и поставување основите на социјализацијата на детето. Тоа значи дека наведените основи на здобиените способности за учење и умеење во голем процент може да се здобијат во предучилишната возраст

кога се поставуваат основите за правилно и сестрано воспитување и образование на децата. Во склад со психолошките и педагошките потреби се поставува и барањето за организирано педагошко водењена децата во овој период од нивниот развиток. Нееднаквоста на водењето на децата во предучилишното воспитување доведува и до нееднаков старт во учењето.

Потребата за опфаќањето на децата во предучилишните установи, се јавува како нужна во подготвувањето за училиште за сите деца, независно од тоа дали нивните родители се вработени или не. Впрочем, да спомнеме и тоа дека во предучилишните установи се одвива организиран, воспитно- образовен процес што е предвиден со програмата за воспитно - образовната работа на предучилишните установи. Организираната воспитно- образовна работа во предучилишните установи се планира, програмира, организира и изведува од стручно подготвениот воспитувачки кадар, кој дава широки можности за развивање на интелектуалните способности на децата, за создавање на основите на однесувањето и навиките и успешно подготвување на децата за училиште. Оттука несоодветни се споредувањата на опфатеноста на децата во предучилишните установи со бројот на вработените родители, ако се има предвид дека секое дете треба да биде опфатено

со организирано предучилишно воспитување.

Од друга страна, во современото општество суштествено е променето ефаќањето за улогата и значењето на училиштето.

Со оглед на сегашниот степен на развиток на науката и техниката, од училиштето се бара да формира такви личности, кај кои оптимално ќе се развијат и облагородат способностите за понатамошното самостојно учење, за творечка и продуктивна работа, како и активирање во процесот на наставата, производството и самоуправувањето. Исто така достигнатиот степен на развиток и работа на современото училиште со кадровската и техничката опременост, претставува солидна основа за успешно изведување на наставата, проширување задачите на одделните наставни подрачја, воведување на нови форми, методи, средства и иновации во наставната работа, што во голема мера бара индививидуално активирање на секој наставник и ученик.

Во склопот на ваквата поставеност и осовременувањето на наставната работа, сама по себе го наметнува и актуализира проблемот за подготвувањето на децата за поаѓање во училиште. Искуствата од работата со првачињата во основните училишта покажаа дека децата кои доаѓаат во училиште направо т.е. кои не посетувале предучилишна установа, не се доволно подготвени

за училиштето. Тоа доаѓа од таму што децата, преку својата љубопитност и активност бргу ги исцрпуваат можностите што им ги дава семејната средина на планот на запознавањето на природата, околината,а посебно на поширокиот образовен план. Дури и во услови кога родителите настојуваат да го надоградат детското искуство, нивните настојувања не можат целосно да ги задоволат потребите и интересите за интелектуалната надградба, пред се заради тоа што работата на родителите со децата не обезбедува целосност, нема доволно ширина, не е организирана и не се одвива системно.

Некои делумни испитувања за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште што се врши во нашата земја и во нашата Република, исто така говорат дека постои разлика во подготвеноста на децата за училиште помеѓу оние деца кои посетувале предучилишни установи и тие што доаѓаат во училиште направо од своите семејства.Меѓутоа, делумните истражувања не дошле до поцелосни сознанија како содржините на воспитно -образовната работа, со организационата и кадровската поставеност, влијаат врз развитокот на претставите, поимите, искуствата, знаењата, умеењата и навиките во подготвувањето на децата за училиште.

Сето ова покажува дека современиот развој на наставниот процес, во чија основа лежи активниот однос на учениците во усвојувањето на наставното градиво, бара значајно поголемо подготвување на децата во предучилишниот период и живното приспособување за брзо и ефикасно адаптирање во училишниот живот и осамостојување во исполнувањето на училишните задачи, обврски и задолженија.

## ТЕОРЕТСКО И ПРАКТИЧНО ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Предучилишните установи како почетни и примарни воспитно-образовни институции во системот на образованието и воспитувањето во првите години од нивното формирање имаа претежно карактер на згрижување на децата и обезбедување елементарни услови за игра и забава. Во наредниот период, со развитокот на општествените односи и промени, јакнењето на материјалната основа, како и новите научни сознанија за воспитувањето и образованието на предучилишните деца, условија да се отвори нов процес на отворање и проширување на мрежата на предучилишните установи, доопремување на кадровското екипирање на истите и нивното приспособување за извршување на општите и посебните цели и задачи во нивните услови за развивање на: физичките, интелектуалните, моралните, естетските способности кај децата за нивното успешно социјализирање, адаптирање и активирање во средината и училиштето.

Заквите определби, впрочем се јасно дефинирани во Резолуцијата за развојот на воспитанието и образованието врз самоуправна основа, каде меѓу другото се вели:

"Со воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст се поставуваат првите темели на социјализацијата на детето, неговиот физички, здравствен, естетски, интелектуален и морален развиток. Поради тоа треба, покрај јакнењето улогата на семејството, знатно пошироко и побрзо да се развива мрежата на предучилишните институции (со полудневен, целодневен престој, сезонски установи и различни објекти за игра и забавен живот) и да се обезбеди стручна работа со овие деца." [7]

Ваквата поставеност на предучилишното воспитување, услови и програмско преконструирање на содржините на воспитно- образовната работа зависно од видот и типот на установата, како и од возраста на децата. Во оваа фаза на развиток на предучилишното воспитување значајно место и улога има воспитниот кадар во предучилишните установи. Новите програми на содржината на воспитно -образовната работа бара стручно квалификувани кадри за реализирање на целите и задачите на воспитно- образовната работа и следење на развитокот на децата и нивните индивидуални способности и особености.. Од тие причини во последно време се повеќе се подобрува квалификационо-кадровската структура на предучилишните установи со ново вработени стручни

---

[7] Резолуција за развојот на воспитувањето и образованието врз самоуправна основа. Просветно дело бр.5-6. 70 год.стр.313.

лица. Тоа впрочем го поставуваат и одредбите на Законот за предучилишното воспитување. Имено во член 11 се вели:

"Воспитно- образовната дејност во предучилишните установи ја извршуваат воспитувачи, кои ги остваруваат целите и задачите на воспитувањето и образованието во предучилишните установи и вршат други работи во врска со воспитно- образовната дејност на установата, додека згрижувачката дејност ја извршуваат здравствени работници и други стручни профили, кои се грижат за психо-физичкиот развиток и здравјето на децата."

Понатаму, во член 14 од Законот, алинеа прва, се вели:

"Воспитувачите во предучилишните установи имаат право и се должни стручно да се усовршуваат,да го следат развојот на педагошката теорија и практика, да ги продлабочуваат стручните знаења и да владеат со најновите методи на воспитно- образовната дејност и употребата на соодветни педагошки средства." [7]

Цитираните одредби на Законот укажуваат дека предучилишните установи се воспитно- образовни институции со специјално подготвени кадри за одвивање на

---

[7] Закон за воспитување и образование на децата од предучилишна возраст.-Сл.весник бр.44/1976 член 11 и 14

воспитно- образовната работа со децата и во склоп на конкретизирањето на програмата да ги применуваат стручните и научни сознанија и преку организацијата и целокупната дејност и активност да вршат подготвување на децата за поаѓање во училиште.

Меѓутоа, оваа почетна фаза на ширењето на мрежата на предучилишните институции, менувањето на обемот, содржината и организацијата на дејноста не беа доволно и адекватно следени и проучувани. Оттука, истражувањето на оваа област ќе допринесе за теоретско расветлување на определени прашања во воспитанието и образованието на децата од предучилишната возраст што доаѓаат од различни семејни средини и структури.

Институционалното предучилишно воспитување во сегашната фаза на неговиот развиток треба да ги надмине границите на хуманоста и да стане средство за преобразување на општеството. Наиме во досегашната практика предучилишните установи се јавуваа како институции за згрижување на децата на вработените родители, посебно на вработените мајки, така што во извесна смисла тие претставуваа и установи за мајките, а не установи за децата. Тоа покажува дека се уште не се доволно расветлени некои прашања што треба да дадат придонес

за унапредување на воспитно- образовната дејност на овие установи, во остварувањето на општите и посебните цели, за обезбедување на успешен и несметан развиток на детето, смалување на стартните разлики и подготвувањето за училиште.

Проучувањето на проблемотиза подготвеноста на децата за училиште ќе придонесе за расветлување, разјаснување, како и одредување на критериумите за утврдување на степенот на подготвеноста на децата за поаѓање во училиште, за менување на досегашните сфаќања и тенденции за престојот на децата во предучилишните установи, проширувањето на целите и конкретизирањето на задачите на предучилишните установи за успешно трансформирање на овие институции од згрижувачко- хуманитарни во воспитно -образовни институции.

Од друга страна, теоретското расветлување на овој проблем и суштинското одредување на критериумите за подготвеноста на децата за поаѓање во училиште, исто така во голема мера ќе придонесе за унапредувањето на училишната и наставната работа. Училиштето како образовна и воспитна институција по прашањето колку и на кој начин новите сознанија и тенденции во воспитувањето и образованието на предучилишните деца, можат да допринесат за подготвувањето за поаѓање во училиште има јасни гледишта, бидејќи институционалното предучилишно воспи-

тување и образование претставува фактор за подобрување условите за развиток посебно на децата од дефицитарните семејства и средство за забрзување на развитокот на интелектуалните способности и за успешно подготвување за училиште. Педагошките и научни сознанија вградени во практиката и работата на предучилишните установи, допринесуваат за менување на основите на училиштето како образовно- воспитна институција, а истовремено и за прилагодување на постојните програми на предучилишните установи и основните осумгодишни училишта. Во таа смисла професор Д-р Санда Марјановиќ вели:

"Baranjeto na našeto vreme da se obrazuva i vospituva postavi slični zadači na predučilišnite ustanovi i na osnovnite učilišta, a istovremeno i vzaemno naspčeni. Detskite gradinki treba da se obrazuvaat odnosno vo vospitnata struktura da vklučuvaat i obrazovna rabota. Učilišteto treba i obrazovanieto da go transformira vo vospituvanjeto na mladite".[18]

Оваа поставеност на предучилишните установи и основните училишта што ја определува Д-р Санда Марјановиќ укажува на потребата од континуитетот и

---

18) Д-р Александра Марјановиќ: "Povezivanje predškolskog i osnovnog vaspitanja i obrazovanja. "Predškolsko dete" Br.1/1977 str.12

поврзаноста помеѓу споменатите воспитно -образовни институции во системот на образованието и воспитувањето во СФРЈ.

Овоа истражување ќе придонесе да се согледа улогата и педагошкото значење на формите на организираното институционално предучилишно воспитување (целодневен престој, полудневен престој, повремено сезонско ппфаќање) за реализација на определени конкретни и компензаторски програми со цел да се надополнат пропустите и слабостите на домашното воспитување на децата.

Со расветлувањето на овој аспект на проблемот ќе се допринесе за одредувањето на целите и задачите на воспитувањето и образованието, планирањето, одредувањето на формите на работа, методите и средствата, кадровската поставеност, условите и сл. за целосно и успешно реализирање на општара и посебната цел на воспитувањето и образованието на децата од предучилишната возраст. Сето ова ќе овозможи збогатување на теоретските сознанија за унапредување на воспитно- образовната работа, како и изнаоѓање на најпогодни форми, методи и постапки за успешно подготвување на децата за поаѓање на училиште.

Преку следењето, квантитативната и квалитативната обработка на добиените резултати од експерименталната и контролната група поопределено и поблиску ќе се осознаат аспектите на подготвеноста на децата за училиште во смисла на: физичка, телесна, интелектуална, емоционална, социјална и другите страни на развитокот на децата кои се опфатени со организирано воспитување и образование на децата што не се опфатени во предучилишни установи со организирано и програмирано воспитување и образование.

Едно од прашањата за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за поаѓање на училиште, е како програмската поставеност и реализација на одделни содржини на воспитно-образовната работа се трансформираат во претставно- појмовното богатење и како континуираното надоврзување на програмата на предучулушните установи се надоврзуваат на програмите на наставно - воспитната работа со учениците во основните училишта.

ПРАКТИЧНО ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОУЧУВАЊЕТО НА ПРОБЛЕМОТ

Истакнувајќи ја потребата за надминување и унапредување на постојната пракса, дека основите на воспитанието на децата од предучилишна возраст ја чини социјализацијата, Советскиот педагог Усова ја критикува воспитната практика во предучилишните установи, во која образовните моменти некои воспитувачи ги разрешуваат по чисто воспитен пат и дека напоредно со таканаречената "дидактика на животот" мора да постои и програмирана воспитно - образовна дејност во работата на предучилишните установи. Образложувајќи го ова гледиште, таа, меѓу другото нагласува:

"Организираната работа со децата во предучилишните установи бара посебен приод во запознавањето со предметите, појавите и настаните од непосредната животна околина. Имено, се имаат предвид два вида на претстави, поими и знаења- едни кои децата индивидуално, по пат на интерес, самоактивно ги здобиваат по пат на делување и канализирање на возрасните, односно на програмската работа на воспитувачот."[19]

---

[19] Усова- Обучение в детском САДУ, Москва 1970 год.

Современите воспитно- образовни програми, кои се почесто се заменуваат и дополнуваат,се одраз на новите теоретски и научни сознанија, како и последица на потребите на воспитно-образовната практика, со цел и намера да се поттикне и правилно усмери развитокот, воспитанието и образованието на децата од различните семејни средини и структури. Како резултат на тоа развитокот и подготвувањето на децата, денес во многу земји се отвораат таканаречени подготвителни групи за децата од предучилишна возраст како што се забавишта, мали училишта,сезонски градинки и друго.

Со истражувањето на проблемот со цели преку обработувањето на организационата и практичната поставеност на предучилишните установи да се придонесе за согледување на потребите за масовно опфаќање на децата од различните социо-културну средини за надминување на последиците на социјалните разлики во развитокот и воспитанието на младата личност, Со унапредувањето на програмско- содржинската структура на работата на предучилишните установи, може да се констатира дека предучилишните институции ја надминаа границата на хуманата дејност и станаа моќно средство за преобразувањето и превоспитувањето на децата.

Со оглед на тоа дека мрежата на предучилишните установи, не е доволно развиена, а опфатот на децата се уште е мал, може да се каже дека процентот на децата кои престојуваат и се воспитуваат и образуваат во споменатите институции е мал,а мал е и бројот на децата кои ги користат плодовите на научните сознанија, односно на институционалното општествено предучилишно воспитување.

Во сегашниов степен на развиток на нашето социјалистичко самоуправно општество во рамките на СР Македонија, со организирано општествено предучилишно воспитување во предучилишните установи, се опфатени и тоа:

1. Со организиран целодневен престој во 154 објекти се опфатени вкупно 22.516 деца;
2. Со полудневен престој- забавиште во 417 групи опфатени се вкупно 14.589 деца.

Или вкупно, со организирано предучилишно воспитување во предучилишни установи се опфатени 37.105 деца, што преставува околу 25% на децата од предучилишна возраст.

Овој податок , само по себе зборува дека опфатот на децата од предучилишна возраст во системот на воспитувањето и образованието во СР Македонија

е незадоволителен и е во процес на развивање,ширење и зголемување на опфатот на децата. Проблемот на малата опфатеност е дотолку поизразит, ако се има предвид дека во овие установи помал е бројот на децата на кои најмногу им е потребно организирано предучилишно воспитување и образование.

Од друга страна истражувањето ќе има значајна практична вредност за осовременувањето на образовно- воспитната работа, откривањето на разликите на степенот на подготвеноста на децата за поаѓање на училиште, како и континуитетот и надоврзувањето на предучилишните установи и основните училишта. Освен тоа, расветлувањето на проблемот има за цел поблиску да се одредат потребите и причините за зголемениот интерес за образование на децата од предучилишна возраст, што е суштина и цел на многубројни испитувања и експериментирања на воспитно- образовните програми за менување на: содржините, методите, средствата и формите на предучилишните установи за оптимален развиток и формирање на креативни и творечки личности.

Новите сфаќања и сознанија за развитокот и учењето на децата од предучилишна возраст ги

разнишаа темелите за вродевоста и непроменливоста на интелигенцијата и за предодредениот развиток. Овие сознанија истакнуваат дека развитокот на детето како процес е подложен на учењето многу повеќе, отколку што се претпоставувало порано. Тоа значи на развитокот на детето не се гледа, веќе како тек кој сукцесивно, дел по дел,ја остварува организација и развитокот на личноста, туку се смета дека секој од степените е специфична организација на сите потенцијали. За да може развитокот несметано да се одвива во секој степен, мора да се одвиваат два процеса, односно структурите и функциите оптимално да се развиваат и во нивното јадро зачнат идните структури и функции. За развитокот на детето од предучилишна возраст потребно е оптимално познавање и доживување на светот и околината,бидејќи емоционалното искуство го надополнува сознајното искуство.

Новите погледи за учењето суштествено влијаат на образованието и неговата улога во формирањето на личноста. Денес новите сфаќања за природата на учењето на предучилишните деца и неговата функција во развитокот, доведоа до значајни промени во воспитувањето и образованието на предучилишните

установи. Со други зборови постепено се напушта сфаќањето дека основите на воспитувањето на децата од раната и предучилишната возраст ја чини социјализацијата, сфаќања како емоционално и социјално прилагодување, саоодржување, и стекнување на одредени искуства и навики. Спротивно на ова преовладуваат мислења дека образованието е база на социјализацијата, заради што се смета дека образованието треба да биде составен дел на предучилишното воспитување.

Истражувањето за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште од различни семејни средини, ќе придонесе за применување на новите теоретски сознанија во воспитанието и образованието , што ќе придонесе за изградувањето и формирањето на личноста, а воспитувачите да применуваат такви методи и средства, со чија помош ќе ги осмислуваат новите сознанија во унапредувањето на воспитно- образовната практика.

Современото училиште е заинтересирано за поголем број опфат на децата од предучилишната возраст, преку различни форми на опфаќање заради нивно организирано подготвување за училиште, бидејќи практиката покажа дека децата, кои не посетувале предучилишна установа не можат најуспешно да се вклопат во

наставата и да ги извршуваат училишните и наставните задачи и задолженија.

При сето ова во одредени услови и средини, училиштето се јавува како организатор и реализатор во подготвувањето на децата за училиште. Во тој поглед во нашата Република во составот на основните осумгодишни училишта, заради потребите за помасовно опфаќање на децата со организирана едногодишна подготовка за училиште, се отвараат забавишта и таканаречени сезонски забавишта.

Имајќи предвид дека основните училишта ја прошируваат својата дејност на планот на подготвувањето на децата за училиште, ќе придонесе да се унапредат и изнајдат погодни и адекватни форми на поврзување и соработка меѓу семејството како основна и примарна социјална средина, во која се развива детето и предучилишните установи како базични- воспитно- образовни институции, кои ја даваат основата на социјализацијата и подготвувањето за училиште во кое плански, систематски, организирано и активно се здобиваат со знаења, умеења, искуства и навики.

Организираното општествено предучилишно воспитување и образование, претставува и дополнување на семејното воспитување за децата на оние

родители, кои поради зафатеност, вработеност и немање време, сили и можности повеќе да се посветат на воспитувањето и образованието на своите деца, како и за децата кои, од различни други причини: социјални, материјални, културни и слично, не обезбедуваат потребни услови и помош на децата за нивниот развиток, воспитување и образование.

Имајќи предвид дека предучилишните установи од досегашното делување не ги изнајдоа и не ги користат сите можности на поврзување и помош на семејството во подигнувањето и воспитувањето на децата, студијата ќе даде значаен придонес за одредување и истакнување на нови форми и содржини на взаемно делување и соработување меѓу предучилишните установи и семејството во остварувањето на целите и задачите на воспитанието и образованието.

Предучилишните установи како воспитно-образовни институции во услови на проширување на својата дејност од различни причини не можат да ги опфатат сите деца од околината и месната заедница со целодневен престој, а со сегашната организациона поставеност не се доволно отворени за потребите на сите деца, односно и за децата кои не се опфатени со организиран престој во рамките на делокругот на

своето подрачје. Од тие причини сметаме дека отвореноста на предучилишните установи не е доволно проучена во смисла на изнаоѓање погодни форми за прифаќање на децата од месната заедница што не престојуваат во предучилишни установи и во смисла на прераснување на предучилишните установи во центри за опфаќање на сите деца и педагошко информирање и просветување на родителите по прашањата за воспитанието и образованието.

Студијата, односно експериментот, покрај другото, ќе има за цел да ја анализира и согледа сегашната организациона поставеност на предучилишните установи и во таа смисла да предложи можни решенија за нејзиното поголемо отворање кон потребите за сите деца во средината каде што постои и делува.

## ИСТОРИЈАТ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Дилемата на која возраст да се запише детето во прво одделение, веќе повеќе од една деценија претставува актуелен проблем на педагошката јавност. Во практиката срекаваме не само одделни случаи да се запишуваат деца во прво одделение со шест години, според мислењето на лекарот, учителот, педагогот и други стручни профили, туку постојат и експериментални одделенија што треба да потврдат дека детето со шестогодишна возраст е способно да го следи организираниот образовно-воспитен процес и наставната програма за прво одделение.

Кога веќе прашањето зазема експериментални димензии, со цел да се дојде до определени констатации, сметам дека е нужно и теоретски да се расветлуваат поединостите што ги опфаќа поимот на подготвеност на децата за поаѓање на училиште. Оваа потреба се налага до толку повеќе што експериментирањата на овоа поле се вршат не само во светот и во Југославија, туку и во нашата Република. Од друга страна, пак, интересот на родителите за порано запишување на децата во училиште од ден на ден расте, така што секоја годината забележуваме се поголем број деца запишани во I оделение со 6-годишна возраст.

Секако, забрзувањето на овој процес е резултат на подемот на предучилишните установи,кои од година на година забележуваат се подобри резултати во организирањето и реализирањето воспитно - образовната програма.

Втор елемент, што придонесува да се забрза овој процес, е развитокот и напредокот на науката, културата и техниката, а особено техничките средства, преку кои децата имаат можности рано да се запознаат со определени појави во општеството, непосредната околина и сл. Се почесто се истакнува фактот дека начинот на живеење на децата во развиена општествена и културна средина, во која тие имаат поволни услови да ги користат благодетите на современите технички средства за комуницирање, создадени се се поголеми можности за воспитување на поширок и интегрален план, отколку што тоа го поставуваше традиционалната педагогија. Меѓутоа, како во јавноста, така и во педагошката практика, недоволно е расветлено прашањето: што опфаќа поимот подготвеност на детето за училиште и кои се компонентите на подготвеноста на децата за успешно следење на наставниот процес во прво одделение.

Проблемот на зрелоста и подготвеноста на децата за поаѓање на училиште не е нов. Тој проблем го третирале повеќе истакнати педагози во минатото, адекватно на постојните општествени услови и на степенот на развиеноста на образовно- воспитната практика, поставувале и определувале норми за подготвеноста на детето за следење на организирана настава во училиштето.

Така на пример, Ј.А. Коменски, кого го сметаме за основоположител на предучилишното воспитување,во делото "Мајчина школа" дава упатство како треба да се организира и изведува воспитувањето на децата во раната возраст, ги поставува првите тестови за мерење на зрелоста на децата за поаѓање на училиште. Овој тест го поставува детето да избира меѓу "јаболко и пари". Се сметало, секако мошне независно, дека детето кое ќе ја пушти раката по парите, а не по јаболкото, е зрело за училиште. Фребел во делото "Воспитување на човекот" нагласува дека "на детето треба да му биде дадено она што го бара секој степен од неговиот развиток",за да може тоа да развие нов повисок степен од неговиот развиток". Ова гледиште натаму го разработуваат Hofman и др. теоретичари, кои истакнуваат, дека детето има свој

сопствен живот и секое негово прилагодување на животот на постарите е загуба и пропаст. И понатаму тој наведува, дека зрело за училиште е она дете кое наполно ги исцрпело можностите што му ги даваат претходните степени од развитокот и се стреми за но сознанија што може да му ги даде училиштето. Hilbert во своето дело " Uvod na problemot za zrelosta na učilište, прашањето го поставува од барањата на училиштата, Според него, зрело за училиште е она дете кое е способно успешно да ги совладува училишните обврски.[12]

И покрај тоа што наведените и другите истакнати научници во педагошката теорија и практика поставувале определени барања за времето и подготвеноста на децата за запишување во прво одделение, дури Dizinger, во делото "Kon problemot na zrelosta za učilište не доведува поблиску до поимот. Тој разликува два аспекти на зрелост и подготвеност:

Во книгата "Критериуми на училишната подготвеност" Criteria ofschool readiness, Bror A.Johanson Stocholm, се среќаваат суштински согледувања за елементите и компонентите што ја чинат зрелоста и подготвеноста на децата за поаѓање на училиште. За таа цел ќе истакнам некои суштински прашања што ги дава авторот во овој труд.

---

12) Johansson, Criteria of school readiness str.31

Анализирајќи ја споменатата студија од авторот Johansson , кој во својот труд го цитира Монаков како стручњак, кој подолго време се бавел со проучувањето на овој проблем, помеѓу другото истакнува дека еден од компонентите на зрелоста на децата за поаѓање на училиште преставува развиеноста на нервно-моторниот систем, кој се постигнува во периодот од петтата и шестата година, односно со финалните процеси на мијалинизацијата на нервниот систем. Со тоа детето добива неуромускулно моторна кондиција, која е неопходна за движења во процесот на активностите со кои се среќава детето со поаѓање на училиште.

Според Хилдергард Хецер Hildegart Hetzer "Подготвеноста на децата во социјализацијата е основен критериум за подготвеноста за поаѓање на училиште" 10. Шарлота Билер Šarlotte Buhler ,надоврзувајќи се на проблемот на подготвеноста на децата за поаѓање на училиште, истакнува дека работната способност преставува психолошка кондиција, која е неопходна како училишна подготовка за училиште. Таа понатаму наведува дека врз базата на играта на децата се развива процесот од работа кон учење од функционална подготвеност.

Во понатамошното разработување на проблемот Шарлота Билер нагласува дека шестогодишното дете кое е приспособено самостојно да ги обавува работните задачи, како и да ги задоволува сопствените потреби, е исто така подготвено да ги извршува барањата и од другите што му ги поставуваат, при што секогаш треба да се има предвид возраста на детето.

Теоретичарот Хецер Hetzer врз основа на своите студиски проучувања истакнува, а истовремено објаснува, дека детето во периодот меѓу петтата и шестата година достигнува физичка и ментална возраст за училиште, односно во овој период детето се трансформира од дете во дете- ученик почетник. Од оваа поставка на овој педагошки мислител јасно се увидува дека процесот на созревањето и подготвувањето во споменатата возраст не е завршен , затоа што детето подлежи на понатамошно развивање и функционално усовршување. Во понатамошното разработување на проблемот, авторот нагласува дека со трансформацијата на детето од дете во ученик која завршува меѓу шестата и седмата година од развитокот, добива физичка подготвеност која е многу значајна за обавување и извршување на училишните задачи и задолженија. Друг важен предуслов, истакнува авторот, е развивањето на мото-

---

14| Johansson, Criteria of school readiness str. 41

риката и ситната мускулатура, што претставуваат основа за успешно и несметано извршување на повеќе задачи, задолженија и активности.

Гетс Gates - Анализирајќи го проблемот за подготвеноста на децата за поаѓање на училиште, посебно го издвојува прашањето за целосна подготвеност за учење и посетување на училиште,нагласува: "Za uspehot na deteto vo početnata nastava, ne e važna samo fizičkata i mentalnata vozrast, tuku i negovata podgotovka vo predučilišnata vozrast".[12]

Овие мисли јасно укажуваат дека децата од предучилишна возраст треба да се вклучуваат во организираниот воспитно- образовен процес, каде добиваат можности за ширење на хоризонтот на знаењата, социјализацијата и општо подготвување за училиште.

Пенфилд Penfild - се надоврзува на учењето на Монаков и го фаворизира неговото сфаќање. Поконкретно речено, неуромоторната зрелост и подготвеност за поаѓање на училиште, како што тој истакнува, е основа на која нервниот систем се базира за специфични активности, како на пример:говорно искажување, цртање, пишување, читање и слично.[16] Според него читањето и пишувањето како специфични активности бараат движење на очите и рацете од лево кон десно,а тој

---

[12] Johanson:Criteria of school readines str.37-Stocholm
[16] Johanson:Criteria of school readines str.37-Stocholm

правец на движење е развиен феномен кој не се појавува кај некои деца се до шестата година од животот.

Улин Ulin - надоврзувајќи се на учењата на претходно спомнатите теоретичари истражувачи, истакнува дека:"Site deca na šestgodišna vozrast ne se fizički zreli za učilište, odnosno kaj nekoi se ušte ne e postignata normalna razvienost na sitnite muskuli za posloženi dviženja na očite, racete i dviženjeta na govornite organi, što e od golemo značenje za podgotvuvanjeto za poagjanje na učilište. Zatoa, razvitokot na neuromuskularniot sistem pretstavuva osnova na deteto za učenje, aktiviranje, pišuvanje, crtanje i izveduvanje na drugi slični aktivnosti" [12]

Генералниот концепт на подготвеноста на децата за училиште е, исто така, важно прашање кое заслужува посебно внимание. И во тој поглед Сендерсон Sanderson - во врска со подготвеноста вели:[13] "Podgotvenosta za učilište e zavisna od različnite faktori: fizičkict opšt razvoj, razvienosta na maturacijata na očite, razvojot na organite za govor i sluh, intelektualnata razvienost, dostignato potrebno nivo na mentalnata vozrast, razvienost na intelektualnite sposobnosti za asociranje, uviduvanje na problemite, izgradenosta na govornoto nivo i sl." [13]

---

12| Johanson Criteria of school readines str.37,Stocholm

13| Isto str.37

Во понатамошното анализирање на проблемот во споменатиот труд, се јавуваат и други теоретичари кои го иницираат и даваат свои прилози и мислења во расветлувањето на ова прашање и ги истакнуваат генералните општи аспекти и компоненти на зрелоста и подготвеноста за поаѓање на училиште, и дека физичката, интелектуалната и емоционално- социјалната компонента, претставуваат основа на која се гради подготовката за поаѓање на училиште со создавање на поволни услови за развој и канализирање, активирање и култивирање на потенцијалите на детето.

Поаѓајќи од овие сознанија теоретичарот Хусен -Husen се обидува да даде поблиска дефиниција за подготвеноста на децата за поаѓање на училиште. Имено,тој ги определува релациите и барањата кои учениците во прво одделение треба да одговорат, да се адаптираат и да се вклучат во наставниот процес. Според него: " Deteto, neposredno pred poagjanje na učilište treba da se vkluči vo organizirana grupna rabota, da ja prifati disciplinata na grupata i da učestvuva vo postavuvanjeto i izvršuvanjeto na zadačite i zadolženijata što mu se postavuvaat i da gi prima napastvijata što mu gi dava vospituvačot."[14]

---

14/ Johanson str.32

15/ Husen strana 39

Покрај истакнатите учења и ставови во спомнатиeто труд, може да се забележи дека постојат и други теоретски и практични ставови, мислења и учења за подготвеноста за поаѓање на училиште,при што некои теоретичари посебно во прв план ја истакнуваат социјализацијата, а други, емоционалниот развиток и стабилност и при сето тоа и едните и другите ги поставуваат како основни компоненти и елементи за подготвување, адаптирање и вклучување во новата средина, односно училиштето.

Следејќи ја советската периодика и литература по прашањето за воспитувањето и образованието на предучилишните деца и подготвувањето за поаѓање на училиште, може да се согледа и констатира дека за споменатиот проблем дискутираат, полемизираат и истакнуваат свои ставови повеќе теоретичари, педагози и психолози од врвни стручни и научни институции. Во тој поглед посебно треба да се истакнат проучувањата на Усова, Ладјаков, Елконин, Галперин, Љубљинска, Леушина, Логинова и многу други. Сите споменати теоретичари во основа се согласуваат и посебно ја истакнуваат улогата и значењето на организираното предучилишно воспитување и образование во подготвувањето на децата за поаѓање на училиште. Ваквиот став во поново

време посебно го подржува Петриченко во студијата "Подготвителнаја група к школе". Имено, се нагласува дека програмско- содржинската работа во предучилишните институции влијае врз развивањето, воспитувањето и образованието на децата.

Петриченко во споменатата студија наведува:

" На децата од предучилишната возраст не не само што им се даваат одредени знаења, умеења и навики, туку тие треба да се воведат и во процесот на мислењето, односно самостојно да го создаваат светот и околината."

Понатаму авторот нагласува:

" Да се воведат децата во процесот на мислењето и да го сознаваат светот и околината,е сложена работа што бара посебен приод".[24]

Од изнесените ставови на споменатите теоретичари -,педагози и психолози, јасно може да се согледа дека подготовката за поаѓање на училиште

---

[24] Г.Г.Петроченко

Развитие детей 6 лет и подготовка их к школе стр.6 - Минск 1975

во советската педагошката мисла има посебен теоретско-научен карактер. Во тој поглед тие имаат постигнато и завидни резултати, при што систематската поставеност на предучилишното воспитување и образование ја поставуваат на задолжително едногодишно престојување и подготвување на децата за училиште во така наречената "Подготвителна група за поаѓање на училиште".

Најновите Советски проучувања укажуваат дека подготвителната група треба во блиска иднина да ја превземе улогата на описменување. Ваквиот став се уште е во процес на експеримент.

Современото учење и гледање на зрелоста и подготвеноста на детето за поаѓање на училиште ги надополнува ставовите и мислењата на споменатите и други теоретичари, така што на процесот на созревањето, активноста и учењето се гледа како сложен и интегрален развиток на личноста на детето. Созревањето како процес на развивање на физичките и психичките функции на детето, е претежно резултат на внатрешните органски промени, како е тешко да се утанови кои од активностите што ги манифестира детето се резултат на созревањето, а кои се производ на вежбањето и учењето, бидејки овие компоненти во развитокот на детето тесно се надополнуваат. Пример, откако

детето ќе достигне извесна зрелост за појава на говорот, со вежбање и учење и активирање, се оспособува за правилно комуницирање. Ваквата сложеност и поврзаност на созревањето, активноста и учењето е основа врз која се темелат и се развиваат и многу посложени функции и процеси на детето, преку кои тоа ја спознава околината до таа мера, до која му овозможува достигнатиот степен на зрелост и подготвеност.

Меѓутоа, потребно е да се знае постојат сериозни причини што укажуваат дека не смееме да го запоставиме учењето за сметка на созревањето, зошто во раното детство и предучилишната возраст постојат оптимални можности за развивањемна детето и неговото богатење со определени претстави и поими, кои, ако се запостават, ќе доведат до осиромашување на развојните можности на личноста, што подоцна тешко се надополнуваат. Затоа е потреба воспитна дејност што ќе го поттикнува развојот и созревањето на детето, Одтука организираниот престој за воспитување и образование на децата во предучилишните установи има силно влијание, детето на време да ја достигне својата физичка, интелектуална, емоционална и социјална подготвеност и заинтересираност за училиштето и училишните обврски.

Подготвеноста на детето за училиште ја

сочинуваат повеќе компоненти: добивање определен квантум на претстави, знаење и умеење за природата што го опколува, разликување на предметите според формите, боите, големината и др.; потоа добивање определени претстави и поими за непосредната општествена средина и основните елементарни норми за однесување на луѓето меѓу себе во обезбедувањето на животните потреби и во работата. Во тој поглед Советскиот психолог Л.А.Венгер го дефинира овој проблем како развиеност на физичките, умствените, моралните, естетските и творечките способности.

Современите сознанија за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за поаѓање во училиште, извршија големо влијание во развитокот на педагошката мисла на овој план и во нашата земја. Во тој поглед познати се научните сознанија на повеќе наши истакнати научници и теоретичари како што се: Д-р Александра Марјановиќ, Д-р Иван Фурланд, Д-р Иван Толичиќ и др.

Иван Фурланд и Толичиќ во своите студии и искажувања посебно ја истакнуваат улогата и значењето на организираното инситуционално предучилишно воспитание и образование, а истовремено ги определуваат и најпогодните форми на опфаќање и подготвување на децата за поаѓање во училиште.

Д-р Александра Марјановиќ, анализирајќи и проучувајќи го проблемот на поврзувањето на предучичишното и основното образование, посебно ја истакнува улогата и значењето на подготвеноста на децата за поаѓање во училиште, но истовремено дава до знаење дека не треба да се сфати буквално, т.е. децата да се подучуваат за описменување и добивање знаења од различни области што подоцна ќе се изучуваат во I одделение. Во тој поглед таа нагласува дека подготвеноста треба да се сфати како мошне сложена компонента која опфаќа повеќе аспекти во смисла на: правилно развивање на психо- физичките способности, преставно-појмовно богатење, развивање на емоционално- социјалниот живот, поттикнување и сл.

Odreduvajki vakvite stavovi D-r Aleksandra Marjanović veli:" Vo predučilišnite ustanovi na vospituvanjeto i obrazovanieto se gleda kako na sredstvo za podobruvanje na uslovite za razvivanje na predučilišnite deca, posebno na onie od deficitarnite sredini,preku što ke se zabrza razvitokot i inteligencijata na decata za nivno pogolemo podgotvuvanje za učilište".[21)]

Истакнувајќи ги вакните ставови и мислења, се поставува прашањето до која мера се постигнати очекувањата за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште.

---

21) D-r A. Marjanović: Povrzanost na predučilišnoto i osnovnoto obrazovanie, "Predškolsko dete"Br.1/77

Имајќи предвид дека досегашните наши делумични истражувања, проблемот го поставуваат и проучуваат од одделни аспекти и за одделни региони, прашањето и понатаму останува отворено за улогата на предучилишните установи во подготвувањето за училиште на децата од различни семејни средини.

Во согласност на горните ставови и мислења, во нашата земја е покрената широка стручна дискусија во која учествуваат бројни стручни и општествени профили на кадри и за ова прашање се водени повеќе дискусии како што се: конгресите на педагозите, психолозите, разните советувања и слично.

Ваквата општествена и стручна определба за актуелноста на проблемот, завзеде значајно место и во Резолуцијата на XI-Конгрес на СКЈ, како и во Републичките и покраинските конгреси и конференции, со што се бара ширење мрежата на предучилишните установи со разновидни форми на опфаќање, унапредување на нивната дејност, како и понатамошни научни истражувања и работи во оваа област.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Имајќи ја предвид недоволната развиеност на мрежата на предучилишните установи и формите на организираното општествено предучилишно воспитување и образование на децата, досегашните сознанија за улогата, значењето и ефектите на предучилишните установи во подготвувањето на децата за поаѓање во училиште, истражувањето има за целада ги согледа состојбите и позитивностите на организацијата на воспитно- образовната работа, формите, методите, средствата и конкретната реализација на содржините под раководство на стручните кадри во предучилишните установи.

Во таа смисол конкретна цел на истражувањето е поблиску да се осознаат следните прашања:

-увидување на постојните и откривање и изнаоѓање нови форми за институционално и вонинституционално организирано опфаќање на децата од предучилишната возраст;

- согледување и анализирање на улогата и значењето на организираната и програмска воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст под раководство на стручни лица- воспитувачи;

--поаѓајќи од сознанието дека предучилишните установи се примарни воспитно- образовни

институции, истражувањето има за цел поцелосно да го проучи влијанието на институционалното воспитување и образование,во надополнувањето на празнините и пропустите на домашното (семејното воспитување,посебно кога се знае дека и ситуираните семејства не можат да ги обезбедат сите потреби за правилно воспитување и образование на децата;

- согледување на степенот на подготвеноста на децата за поаѓање на училиште како резултат на нивниот престој во училишните установи и реализацијата и конкретизацијата на програмата на воспитно - образовната работа;

- согледување на резултатите од работата на предучилишните установи на планот на богатењето на емоционалниот живот и оспособувањето на децата за правилна социјализација и успешна адаптација во новата средина;

- согледување на улогата и значењето на организираното предучилишно воспитување во култивирањето и формирањето на навиките, самостојноста, будење на интерес, како и оспособување за нивното вклучување во процесот на учењето;

- согледување и споредување на резултатите на организираното институционално предучилишно

воспитување, од една страна, и резултатите на домашно- спонтано семејно воспитување и подготвување за училиште, од друга страна;

- согледување на потребата за континуирано и функционално поврзување на предучилишните установи и основното училиште, како системски воспитно- образовни институции во системот на воспитувањето и образованието.

Истражувањето има за цел покрај наведеното, да го проучи и прашањето за отвореноста на предучилишните установи, за потребите на сите деца од околината и месната заедница, при што се има предвид да се проучат формите на опфаќање на децата кои не престојуваат во предучилишните установи.

Како конкретни задачи за остварувањето на овие цели, во истражувачката работа се поставуваат:

- да се согледа организационата поставеност на различните форми на опфаќање на институционалното предучилишно воспитување и образование и нивните специфичности, како и да се согледа состојбата на сегашниот степен на развиеноста на формите за опфаќање на децата;

- преку анкетирање на воспитниот и наставен кадар, да се согледаат постигнувањата на децата од

различните социјални семејни средини кои посетувале предучилишни установи и оние кои не посетувале предучилишни установи;

- со анкетирање на одреден број родители, да се согледаат домашните услови за развитокот, воспитувањето и подготвувањето на децата за училиште;

- да се изврши комплетно испитување и проучување, на пример од 300 деца од Скопје и внатрешноста, од поволни и неповолни семејни средини, и тоа : 150 кои посетувале предучилишна установа и исто толку кои не посетувале предучилишна установа. При тоа се има за цел да се изврши евалуација на постигањата на воспитно- образовната работа и другите компоненти на подготвеноста за поаѓање во училиште;

- да се изврши анализа на успехот и поведението на испитаните деца (ученици од I одделение на основните училишта), како и компарирање на резултатите во учењето на децата кои посетувале предучилишни установи и кои не посетувале предучилишни установи;

- да се изврши ссатска обработка, а истовремено и да се направи табеларен преглед на најдените состојби и другите показатели што ги дава истражувањето.

Откако ќе се изврши целосна обработка на материјалите од истражувањето, а истовремено користејќи ги добиените резултати, ќе се пристапи кон дефинирање на основните поими на добиените резултати и на другите состојби што ја одредуваат подготвеноста на децата за поаѓање на училиште, за натамошни нови сознанија за учење и адаптирање во новата училишна средина. Со дефинирањето на добиените резултати и состојби ќе се даде прилог на нови сознанија во педагошката теорија и практика, кои резултираат од новата поставеност на општественото институционално предучилишно воспитување во современите услови и новите барања кои ги диктира динамиката на развитокот на општеството, науката, техниката, културата и цивилизацијата.

Со ваквата поставеност се проширувааат задачите ,задолженијата и обврските на воспитувањето и образованието за успешно снаоѓање и адаптирање во животот и работата.

Од друга страна, дефинирањето на овие поими ќе послужи како основа за правилно ориентирање на педагошката практика во предучилишните установи за натамошно унапредување и осовременување на воспитно-образовната работа со децата и учениците.

Освен дефинирањето на состојбите, истражувањето ќе претставува појдовна основа за натамошни нови истражувачки зафати во педагошката теорија и практика во оваа област на системот на воспитувањето и образованието.

Студијата ќе биде заокружена и ќе даде насоки и препораки за натамошно развивање и унапредување на мрежата и формите на организираното предучилишно воспитување, истакнување на улогата на организираното педагошко водење на децата во постигнувањето на оптимален развиток на психо- физичките способности, местото и улогата на општествените организации, интересните заедници, заводите за предучилишно и основно образование и други институции во опфаќањето и унапредувањето на предучилишното и основното образование.

ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Како хипотези на истражувањето во оваа студија, се поставуваа следните:

- семејството како примарна воспитна институција, иако има пресудна улога во обезбедувањето на основните услови и влијанија во развитокот и воспитувањето на децата, тоа од ред објективни и субјективни причини не може да создаде севкупни услови и можности за сестран и оптимален развиток,воспитување, образование и подготвување на децата за поаѓање во училиштето. Тоа доаѓа оттаму што сегашниот степен на развиток на општеството, науката и техниката отвораат широки можности за здобивање на децата со елементарни претстави, поими, знаења, искуства,и умеења кои бараат организирано, континуирано и систематско пренесување на децата.

Покрај тоа,семејството не може во целост да ги задоволи интересите, барањата и потребите за поттикнување и стимулирање на развитокот, како и негување и задоволување на љубопитноста за сознавање, која во овој период посебно е изразено и има огромно педагошко значење.

- Децата кои живеат и се развиваат во неповолни семејни услови и не се опфатени со организирано предучилишно воспитување и образование,

немаат можност за правилен психо- физички развиток, тие заостануваат претставно- појмовно, знаењата и искуствата им се сиромашни, околината и светот подоцна ги осознаваат, тешко се снаоѓаат и прилагодуваат во средината на нивното делување, во споредба со децата кои се развиваат во поволни семејни средини, а посебно со децата кои се опфатени со организирано општествено институционално воспитување и образование.

- Семејството поради структуралните односи, различните услови и организацијата на животот и поставеноста, ангажираноста и обврските на возрасните во задоволувањето на животните потреби и општествените барања, не е во можност да обезбеди организиран приод во воспитувањето, образованието и подготвувањето на децата за училиште. Овој факт, сам по себе ја иницира и посебно истакнува улогата и значењето на институционалното предучилишно воспитување.

- Предучилишните установи, како примарни воспитно- образовни институции во системот на образованието и воспитувањето, со својата организациона, програмска и кадровска поставеност, создаваат поволни услови и можности за постигнување на сестран и оптимален развиток, правилно воспитување и успешно подготвување на децата за училиште.

- Преку реализирањето и конкретизирањето на одделните содржини на воспитно- образовната програма, се овозможува здобивање на децата со системни, поврзани и континуирани претстави, поими, знаења и искуства за природата, околината и другите сфери на сознавање и делување, а со тоа се создаваат основи за творечко мислење, насочување и увидување на заемните врски и односи на предметите и појавите од објективниот свет.

- Со сето тоа, организираното институционално воспитување и образование, обезбедува и дополнување на пропустите и празнините на семејното воспитување,а во одредени случаи и замена, правилно насочување и успешно подготвување на децата за поаѓање на училиште.

- Сегашниот степен на развиток и поставеност на предучилишните установи не овозможува широко опфаќање на децата од сите категории, поради што, и покрај создадените услови, голем број деца остануваат надвор од системот на организираното општествено предучилишно воспитување и образование. Како причина за тоа е недоволната отвореност и организирано делување на предучилишните установи во рамките на месната заедница, за потребите на сите деца во месната заедница.

Со правилна организација и применување на различните форми на опфаќање и делување, предучилишните установи имаат широки можности за пошироко отворање и делување, како центри за опфаќање на сите деца од околината со различни форми на воспитување и образование.

Ваквата поставеност и отвореност на предучилишните установи ќе овозможи тие да станат центри за педагошко информирање и просветување на родителите за поедини проблеми на воспитувањето на предучилишните деца.

- Имајќи ја предвид новата програмска поставеност на одделни содржини на воспитно- образовната работа, како и новите концепции за концептирањето на одделни воспитно- образовни подрачја, за што сведочат и последните неколку измени и дополнувања на програмата на воспитно- образовната дејност во одделни републики и покраини, се налага потреба за посебен приод во планирањето, програмирањето, конкретизирањето и изведувањето на одделни воспитно- образовни подрачја сообразно со новите педагошко- дидактички сознанија на нашите и странските истакнати теоретичари и практичари.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## а) Разработка на проблемот

Проблемот за подготвеноста на децата за поаѓање на училиште во мојата студиска работа се јави со развојот и ширењето на мрежата на предучилишните институции, а истовремено и со постигањата на резултатите што ги постигнуваат споменатите институции на воспитно- образовниот план со децата. Имено,се дотогаш имавме минимално развиена мрежа на предучилишните установи со незначително опфатен број на деца каде немавме практични можности да ја споредуваме подготвеноста на децата во услови на домашно (семејно) воспитување и општествено институционално предучилишно воспитување со сите форми на опфаќање.

За Скопје ширењето мрежата на предучилишните институции, карактеристично е времето од 1964 год. односно по земјотресот. По земјотресот забележуваме побрзо ширење мрежата на предучилишните институции и поголемо опфаќање на децата во истите. Следејќи ја организационата и воспитно- образовната дејност на разновидните форми на предучилишното воспитување, почнав да ги забележувам и првите практични резултати на инситуционалното предучилишно воспитување на планот на подготвувањето на децата за училиште.

Имајќи ја предвид мојата стручна и професионална дејност, како и одреденоста да се посветам на потесна специјалност (предучилишна педагогија),почнаа и првите мои наблудивања, интересирања и соработка со воспитачкиот и другиот кадар во предучилишните установи. Преку соработката дојдов до првите практични сознанија за тоа како децата напредуваат во предучилишните установи: интелектуално, претставно- појмовно, емоционално, социјално и сл.

Во својство на стручен соработник по проблемите за предучилишно воспитување во експериментирањата за унапредување на воспитно- образовната работа на одделни содржини, кои требаше да ја дополнат и прошират програмата, имав можност поконкретно да се запознам со одредени специфичности на воспитувањето и образованието. Имено, следејќи ја работата и резултатите во споменатите институции, доаѓав до сознанија дека децата од предучилишна возраст имаат свои посебни карактеристики и особености на психо-физичкиот развиток и еластичност на нервниот систем. Според тоа, мислам дека заслужуваат и посебен приод и третман во изнаоѓањето на адекватни постапки, начини и методи во воспитувањето и образованието. Сето тоа ми овозможи да ги увидам и согледам специфичностите и карактеристиките за успешно осознавање и збогатување на

искуствата, како и ориентацијата за програмската реализација на воспитно образовната работа,зошто првите сознанија беа ориентирани на згрижувачка воспитно- образовна дејност.

Понатамошната моја работа на проблемот продолжи со зголемен интерес за следење на резултатите на широко поставената организација и програмската работа во предучилишните установи. Согледувајќи ја специфичноста на воспитно- образовната работа со децата од предучилишната возраст, како и вклопувајќи се во реформските зафати, се вклучив во решавањето проблемот за школување и подготвување на кадри подготвени за работа со децата од предучилишната возраст. Континуитетот на воспитно - образовната работа за развитокот на децата од предучилишните установи и понатаму продолжи преку изработката на првите анализи за ефектите на организираното предучилишно воспитување и образование на децата во предучилишните установи. Овие анализи покажуваат дека со програмирана работа на одделни воспитно - образовни подрачја по возрасни групи, раководејќи ги стручно подготвени кадри, даваат многу поголеми резултати во развитокот и воспитувањето на децата, посебно во подготвувањето за училиште, споредбено со децата што не посетувале предучилишни установи, односно што направо се запишуваат во училиште.

Согледувајќи го фактот дека во Скопје, па и во некои други поголеми градови во Републиката, има појава на присвојување деца од страна на наставниците што посетувале предучилишни установи, заради нивното полесно вклучување и адаптирање во наставата и учењето, се вклучив во комисиите за испитување на децата при запишувањето во I одделение како, на пример, во Основното училиште "Ј.Б.Тито"- Влае, Основното училиште "Лазо Трповски" -Скопје, и др.

Резултатите од испитувањата на испитаните деца покажаа поголема подготвеност на децата што посетувале предучилишни установи за разлика од децата што не посетувале.

Следењето на прашањето за подготвеноста на децата за поаѓање на училиште преку проверувањата при запишувањето за поаѓање на училиште се шireше паралелно со вработувањето на училишните педагози, односно развивањето и ширењето мрежата на стручната педагошка служба. Училишните педагози, кои организираа стручен актив, посебно изразија желба за помош и соработка во разрешувањето на проблемот за испитување на подготвеноста на идните училишни почетници. Во соработка со училишните педагози извршивме повеќе парцијални испитувања, за што делумично се имам јавено со свои написи и искажувања во стручниот и педагошкиот печат.

Ориентацијата за перманентно проучување на проблемот за подготвување на децата за училиште со посебен интерес ја насочив кон проучувањето на забавиштата како едногодишни и полудневни прредучилишни институции и сезонски градинки на село. За таа цел имав контакти, разговори, наблудувања и размена на искуства со учители и воспитувачи, од каде доаѓав до сознанија и резултати што укажуваа дека престојот во споменатите институции во значајна мера влијае врз развитокот, формирањето и подготвувањето на личноста на детето за поаѓање на училиште.

Ценејќи дека одредени состојби кај децата до кои доаѓав во набљудувањето и експериментирањето за подготвувањето на децата за предучилишните установи, имаат подлабоки корени во домашните социјални прилики, во нивниот интелектуален развиток, социо- емотивниот живот и сл.,се поврзав со Медицинско- педагошкото советувалиште и станав надворешен соработник и консултант на таа установа. Во споменатата установа со интердисциплинарен стручен тим на педагози, психолози,лекари, социјални работници и други стручни профили во секторот за проучување на подготвеноста за училиште и проблемите во учењето кај учениците, добив можност проблемот што го проучував повеќестрано да го согледувам, анализирам и подолго време следам.

Во оваа соработка ги користев наодите на психолошката и социјалната служба, кои ми помогнаа проблемот на подготвеноста за поаѓање на училиште, целосно да го согледам и проучам.

Следејќи ја и анализирајќи ја странската и домашната литература од различни аспекти за овој проблем, за поблиску запознавање со одредени прашања и дилеми, се јави потребата за контактирање со некои истакнати научни педагошки работници.

Покрај извршените разговори и консултации со наши стручњаци во земјата, организирано престојував на студиски специјалистички престој во СССР на Педагошките институти во Ленинград и Москва, како и на Педагошкиот институт за предучилишно воспитување при Академијата на педагошките науки на СССР, каде имав можности стручно, теоретски и практично да го запознаам проблемот на подготвеноста за поаѓање на децата во училиште во таа земја.

Навлегувајќи посмислено во проблемот и работата за подготвеноста на децата за поаѓање на училиште, како и моите теоретски сознанија на Наставно - научна студиската група за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје, дел од практичните вежби со студентите по педагогија од II година, ги изведував во Педагошкиот сектор на Медико-педагошкото советувалиште,каде

работеа повеќе истакнати педагози и психолози.

По изведените обемни подготовки за истражување и обавени консултации со истакнати републички и југословенски стручњаци, дојдов до јасна одредена цел за поставување и разработување на проблемот за "Улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за поаѓање во училиште од различни семејни средини". За таа цел беше формирана група на соработници воспитувачи, управители на предучилишните установи, училишни педагози, наставници и директори и постигната начелна согласност за изведување на експериментот.

Покрај проучувањата на сознанијата на истакнати светски и наши теоретичари во оваа област при дефинирањето на проблемот за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште од различни семејни средини како цел и организирано следење и проучување,на моето проучување датира повеќе од 10 години. Во изминатиот период имам извршено бројни поединечни следења, набљудувања, разговори и истражувања за местото и улогата на предучилишните установи во опфаќањето, развитокот, воспитувањето и образованието на децата, посебно влијанието на одделните содржини на воспитно- образовната работа за успешно подготвување на децата за училиште.

Во склопот на поединечните проучувања вршени се многубројни консултации со воспитувачкиот кадар, анкетирања за состојбите и резултатите на воспитно- образовната работа, за ефектите од примената на поедините методи, средства и форми на работа кои се применувани во работата на предучилишните установи, а исто така следена е и реализацијата на програмата од поедини воспитно -образовни области, како и нејзината конкретизација на поедини воспитни групи.

За одделни прашања поврзани со овој проблем имам дадено и свои стручни искажувања во педагошката периодика и во општествено политичкиот и културниот живот.

Поединечните согледувања создадоа основи и можности за иницирање и проучување на проблемот за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште. Истакнатиот проблем во досегашната теорија и практика кај нас не е целосно обработен, а потребите за неговото студиско педагошко проучување посебно ја наметнува динамичниот развиток на мрежата на предучилишните установи, кадровската вработеност на поедини стручни профили, програмската реализација, новите сознанија на развојната и предучилишната педагогија, како и барањата на современото

училиште и наставата, децата пред да стапат во училиште, да бидат доволно подготвени за успешно следење и сознавање на наставата и понатамошното творечко развивање на мислењето.

Познато е дека подготвеноста за училиште е тесно поврзана со целокупниот развиток на раната и предучилишната возраст. Затоа проучувањето на улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште е ориентирано на интегрално согледување и проучување на сите аспекти и елементи за поаѓање на училиште, а пред се:

- Влијанието на предучилишната установа како воспитно- образовна институција со целокупната нејзина програмска, кадровска, организациона поставеност, како и содржинската работа врз физичката развиеност на физичките способности на децата;

- Влијанието на програмираната и организираната воспитно- образовна работа во предучилишните установи во остварувањето на целите и задачите за оптимален интелектуален развиток на децата, интелектуалните способности, а посебно за развиток на творечкото мислење,

- Влијанието на предучилишните установи

во развитокот на социјализацијата и адаптацијата на децата, како и на формирањето на позитивниот емотивен живот кај децата за нивно успешно вклопување во новата социјална средина -училиштето:

- Влијанието на целокупната организација и дејност преку содржините на воспитно- образовната работа, посебно реализацијата на слободните и задолжителните занимања врз формирањето на работните способности и навиките;

- Улогата на предучилишните установи во формирањето и здобивањето на основни претстави, поими, знаења и искуства за природниот и општествениот живот, за просторната и количинската разделеченост, што претставува основа на содржинската подготовка на децата за успешно вклопување во образовно- воспитниот процес во наставата;

- Влијанието и улогата на предучилишните установи во насочувањето и стимулирањето на воспитната работа на родителите со децата од различни социјални структури;

- Улогата на предучилишните установи во остварувањето на континуитетот на воспитанието и образованието на предучилишните установи и основните училишта.

Една од значајните разлики што ја постигнуваат предучилишните установи во секојдневната воспитна работа со децата, е постигнувањето на приближно изедначени предзнаења и искуства на децата од различните социјални и семејни структури. Овој момент во досегашниот развиток на теоријата и практиката не беше доволно потенциран и обработуван. Меѓутоа, поединечните искуства и сознанија покажуваат дека е потребно натамошно следење на резултатите што ги постигнуваат децата од различните семејни средини и на тој начин да се согледа значењето и улогата на организираното институционално предучилишно воспитување во изедначувањето на децата во стартот на нивното школување. Освен тоа систематското организирано предучилишното воспитување, овозможува да се поттикнат творечките способности, како и да ги уочуваат и доживуваат естетските вредности на одредени содржини, појави и настани.

ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

За истражувачката работа и добивањето емпириски показатели за следење, пратење, обработка, споредување и констатации во одредувањето на улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште од различни семејни средини одредени се, односно земени за експериментирање 300 деца. Популацијата деца што е опфатена со овоа истражување е на возраст меѓу 6 и 7 години за време на нивното вклучување во групата , а нивните напредувања во развитокот, воспитувањето и подготвувањето за училиште на: физички, интелектуален, емоционален и социјален план е следено во период од две години и тоа: Една година во предучилишна установа, односно во семејството, а втората година во I одделение на основното училиште. При изборот на популацијата се придржував на следните основни критериуми:

- Експерименталната група изнесуваше 150 деца кои посетувале предучилишни установи со целодневен и полудневен престој;

- Контролната група, исто така изнесуваше 150 деца, кои,од објективни и субјективни причини, немале можности да посетуваат предучилишни установи и кои се развивале и воспитувале исклучиво во семејни услови и условите што спонтано им ги давала домашната средина;

- Експерименталната и контролната група ја сочинуваа деца од: Скопје и околината, Кочани и Прилеп, така што на некој начин примерокот ги опфаќа: Централниот, Источниот и Западниот дела на Републиката;

- Сите деца што се вклучени во истражувањето (во експерименталната и контролната група) психолошки се тестирани и нивните интелектуални способности се во границите на просекот, односно повисоки. Од проучувањето се исклучени сите предвидени деца кај кои со психолошкото испитување се најдени пониски или се сомнева за нивните интелектуални способности;

- Децата што се опфатени со истражувањето потекнуваат од различни семејни, социјални и квалификациони структури, како и од семејствата со различна материјална основа и наобразба;

- Со поставувањето на целите на истражувањето, експериментот се одвиваше со непосредно следење и проучување на резултатите постигнати кај децата што посетувале предучилишни установи и деца кои не посетувале предучилишни установи, како и следење и проучување на резултатите во I-то одделение на основното училиште кај децата од експерименталната и контролната група. За таа цел користени се и други соработници: студенти, воспитувачи, наставници, педагози и други стручни профили.

За одредувањето на физичката развиеност и способност кај децата што се опфатени со истражувањето на експерименталната и контролната група, користени се наодите на лекарите -педијатри при Медицинско - педагошкото советувалиште, кои се земени од досиеата на децата во предучилишните установи и детските дис - панзери наменети за децата од предучилишната возраст.

Физички-здравствено гледано децата од двете групи со нормални со мали остапувања, односно разлики што се јавуваат во растот, тежината, физичката кондиција и другите карактеристики на индвидуалните особености на физичкиот развиток на децата. Во групата не се забележни посебни карактеристични физички промени, како што се грациозноста, срцеви заболувања, заболување на градите и други хронични заболувања, кои ја намалуваат нормалната физичка кондиција и не овозможуваат оптоварување на детето во процесот на учењето, работата и другите активности во домот и училиштето.

Со формирањето на групата не се земени особеностите на децата во физичкиот развиток по пол (машки и женски), бидејќи во педагошко, психолошките и медицинските науки познати се специфичностите на развитокот без некои посебни разлики и особености кои во експериментот негативно би влијаеле.

Следењето на физичкиот статус и физичкото напредување на децата од експерименталната и контролната група се пратени во текот на целиот период на експериментирањето со групата, така што испаѓањето од групата на одделни деца поради: болест, потешки физички деформации, незадоволителен физички развиток, како и оние кои ја промениле средината се заменувани со други физички нормални деца од непосредната средина.

При формирањето на групите се имаше предвид во експерименталната и контролната група да бидат опфатени деца од различни социјални структури, односно економска, културна и образовен степен на семејството.

Од вкупниот број деца опфатени со експериментот 169 или 56 % живеат во семејтба со средна материјална основа, додека 131 дете или 44% живеат во семејства со послаба и лоша материјална основа.

Во поглед на социјалните услови за развивање на децата во семејството добиени се следните податоци: со 2 родитела живеат 292 или 97%, додека во дефитицарни семејства со 1 родител живеат 8 деца

или во проценти изнесено 3 %. Овие податоци покажуваат и зборуваат дека во случајот поголемиот број деца живеат и се развиваат во релативно поволни домашни услови и под грижата на двата родитела. Меѓутоа, имајќи за цел да ги согледаме последиците од лошите семејни услови врз развитокот и подготвувањето на децата за училиште како и улогата на предучилишните установи во давањето помош на пропустите на овие семејства, во експериментот се вклучени и одреден број деца од ниска културна, економска и материјална средина.

Преглед на образовната структура на родителите на децата опфатени со експериментот

| | Експериментална група | Контролна група |
|---|---|---|
| 1. Висока с.с. | 30 (10,00%) | 14 ( 4,66%) |
| 2. Виша с.с. | 25 ( 8,33%) | 9 ( 3,00%) |
| 3. Средна с.с. | 99 (33,00%) | 71 (23,67%) |
| 4. Занаетчии | 42 (14,00%) | 53 (17,67%) |
| 5. Со осмо оддел. | 75 (25,00%) | 117 (39,00%) |
| 6. Непот.осн.образ. | 29 ( 9,67%) | 36 (12,00%) |
| | 300 100% | 300 100% |

Врз основа на образовниот и социјалниот статус на семејството, децата од експерименталната и контролната група, поседуваат различни семејни, материјални и образовни нивоа.

Како што се гледа од табеларниот преглед поголем е бројот на родители со повисоко образовно ниво, меѓутоа во предучилишните установи исто така се застапени деца и од другите социјални структури и категории.

Со формирањето на групите и проучувањето на проблемот, се имаа предвид социјалните ефекти врз социјализацијата, адаптацијата и аспектите и компонентите на подготвувањето на децата за поаѓање на училиште.

Со извршените испитувања при формирањето на групите во експериментот, се земени деца од семејства и со пониска културно- образовна и материјална основа и истите покажаа послаби резулати не само на образовен, туку и на социјален план во споредба со децата кои имале подобри домашни услови. Во таа смисла ќе истакнеме дека постојат деца кои потешко се адаптираат во групата и средината, манифестираат повлеченост, недоволно се иницијативни, слабо соработуват и сл.

Наспроти ваквите појави на негативно однесување, постојат деца кои изразуваат позитивни манифестации на социјално однесување, што покажува дека домашните услови и прилики наполно одговарале на потребите за правилно социјализирање и подготвување за училиште.

## СОДРЖИНСКО РАСЧЛЕНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

Проучувајќи го проблемот на подготвеноста на децата за поаѓање на училиште, преку мојата системна и долгогодишна истражувачка работа, како и сумирањето на резултатите од повеќе набљудувања, расзговори, тестирања и сл., овозможија издвојување на одделни прашања за поцелосно студиско и продлабочено проучување на проблемот за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на детето во училиште од различни семејни средини.

Ваквиот приод на проучувањето на проблемот бара поединечно да се анализираат условите и можностите што ги даваат одделни семејни средини, споредувајќи ги резултатите на домашното (семејното ) воспитување со резултатите добиени од општественото институционално предучилишно воспитување.

Содржинското расчленување на проблемот за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште од различни семејни средини се поставуваат како примарни и приоритетни следните прашања:

а) Развитокот и унапредувањето на децата во поволни семејни средини кои од различни причини немаат можност да ги посетуваат предучилишните установи.

Проучувањето на ова прашање треба да даде одговор за тоа што се подразбира и што е поволна домашна средина за развиток и воспитување на децата ? Какви резултати дава поволната домашна средина во формирањето на детската личност ? До кој период на развитокот на детето поволната домашна средина ги задоволува потребите за нормален психо-физички развиток, односно кога предучилишната установа треба да се вклопи како дополнување на семејното воспитување и сл.

б) Развитокот, напредувањето и воспитувањето на децата во неповолни семејни услови и последиците од тоа бараат посебна обработка на студијата, бидејќи денеска малку се знае за тоа какви се негативните влијанија на овие средини за правилното воспитување и образование на децата во предучилишниот период и до која мера таквите влијанија го сопираат успешниот развиток и воспитување на детето, посебно во подготвувањето за училиште. Затоа во проучувањето на проблемот преку аналитичките приоди на овие состојби, истражувањето ќе ги дефинира негативните последици на неповолните семејни и социјални средини.

в) Поволно целосни услови за развиток и воспитување на предучилишните деца (поволни семејни средини и опфатеност во предучилишните установи).Во уводниот

дел е нагласено дека предучилишното воспитување како ново и младо подрачје се што не е доволно обработено од аспект до која мера придонесува детето оптимално да ги развие психо- физичките, емоционално социјалните и креативните способности.

Оттука со ова истражува се дава можност да се согледаат резултатите што ќе ги дадат двете поволни средини (семејството и предучилишните установи) како и да се споредат добиените резултати со другите деца за кои не се обезбедени поволни услови за развиток и воспитување во семејната средина и не посетувале предучилишни установи.

г) Неповолни услови за развиток и воспитување на децата кои не се опфатени во предучилишни установи.

Една од категориите на децата според создадените услови за развиток, претставуваат децата кои се уште живеат во неповолни домашни услови, а неразвиеноста на мрежата на предучилишните установи и другите објективни тешкотии не овозможуваат опфаќање во системот на организираното општествено институционално предучилишно воспитување. Денеска во СР Македонија со организирано општествено предучилишно воспитување се опфатени околу 11 % деца од предучилишна возраст. Меѓутоа, поголемиот број

на децата се уште се наоѓаат надвор од предучилишни - те установи, иако поголем број од нив немаат поволни домашни услови за развиток и воспитување.

Од друга страна како што веќе нагласивме, современото училиште и настава поставуваат нови и посложени барања за чие совладување и напредување децата од неповолните семејни средини не се подготвени, што доведува до потешко вклопување и адапатирање во новата средина и како резултат на тоа се забележува и поголемо осипување во првото одделение. За таа цел со ова истражување се настојува да се дадат поодредени сознанија за состојбата кај овие деца на воспитно-образовен план и нивните проблеми и тешкотии во подготвувањето за училиште.

д) Улогата на предучилишните установи во опфаќањето, воспитувањето, образованието на децата од неповолните семејни средини добива посебно место во обработувањето на проблемот што ја зафаќа оваа студија. Истражувањата во студијата треба да покажат до која мера предучилишните установи може да ги компензираат и надополнуваат недостатоците на семејното воспитување, односно во кои случаи предучилишните установи како дополнување и замена на семејното воспитување, кои од различни причини не можеле да ја дадат својата родителска улога и функција.

Овој проблем денеска има посебен третман во општествената и педагошката теорија и практиката, бидеј_ќи целокупната општествена насоченост води кон тоа, да се намалат социјалните разлики кај децата независно од домашните услови, преку опфаќањето со разновидни форми на општествено институционално предучилишно воспитување и образование, како и обезбедување на услови за приближно еднаков старт во почетокот на школувањето.

Предучилишните установи преку основите на програмата реализираат програмирани содржини на воспитно- образовната дејност, а преку сето тоа обезбедуваат континуитет со основното осумгодишно училиште. Проучувањето и следењето на програмските содржини на воспитно-образовната работа имаше за цел да согледа до која мера организираното предучилишно воспитување и образование создава оптимални услови на интелектуалните потенцијали. Следењето на програмската работа во предучилишните установи, исто така имаше за цел да се согледа улогата на организираната програмска воспитно -образовна дејност во подготвувањето на децата за поаѓање во училиште, како и до која мера предучилишните установи помагаат да ги компензираат и надополнуваат пропустите и слабостите на домашното, односно семејното воспитување.

Во тој поглед Проф.Д-р.Александра Марјановиќ вели:

"Vo tekot na poslednite dve decenii, suštestveno se izmeni stavot i sfakjanjeto na opštestvenoto vospituvanje i obrazovanie na predučilišnite deca. Tie promeni se javuvaat kako posledica na dva aspekta:

a/ Temelno menuvanje na vospitnata problematika vo ranoto detstvo,

b/ Zgolemen obem i kvalitetnite novi naučni soznanija za razvitokot i vospituvanjeto na predučilišnite deca.

Овие искажувања на проф.Д-р. Александра Марјановиќ, јасно укажуваат каква е улогата и значењето на организираното институционално предучилишно воспитување и образование, но при сето тоа да се обрне внимание на природата на воспитната пракса, создавањето поволни услови, влијанијата и ефектите во развитокот и формирањето на младата и цела личност.

---

A. Marjanović.: Orientacioni program predškolskog vaspitanja i obrazovanja šestogodišnje dece, str.6, Beograd 1979 godina.

## АНАЛИЗИРАЊЕ НА ФОРМИТЕ ЗА ОПФАЌАЊЕ НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНАТА ВОЗРАСТ И НИВНАТА ПОДГОТОВКА ЗА НА УЧИЛИШТЕ

Орнаганизираното предучилишно воспитување на децата од раната предучилишна возраст во последно време зазема значајно место во системот на помасовно опфаќање и успешно вклопување и подготвување на децата за поаѓање на училиште. Ваквата поставеност,преди се, се долги на брзата индустријализација, ширење на градовите, миграционите движења, промените во семејството, истражувањата во науката, посебно на достигањата на педагошко- психолошките науки.

По општите настојувања за доизградба на системот на предучилишното воспитување, посебно да се обезбеди широко опфаќање и подготвување на децата за поаѓање на училиште, потребно е да се задржиме на некои моменти што произлегуваат од постојната основа на психо- педагошките можности кај децата за организирана воспитно- образовна работа во овој период на нивниот развиток. Имено, детето брзо ги исцрпува можностите што му ги даваат родителите на планот на воспитувањето и сознавањето на околината и објективната стварност на поширок воспитно- образовен план. Дури и таму каде што родителите работат континуирано со децата, нивните настојувања не ги задоволуваат целосно барањата и интересите, можностите и склоностите за добивање основни прет-

стави и поими. Заради тоа, а со оглед дека нашето семејство, од низа објективни и субјективни причини, дава нецелосни , делумни, резултати во воспитно - образовна работа, воспитните настојувања треба да се надополнат со организирано и планско воспитување, преку сите можни форми за опфаќање да се надополнат празнините и успешно да се подготват децата за училиште. Ваков став по однос на интелектуалниот развиток и интелектуалното подготвување, зазема познатата советска професорка по предучилишно воспитување Ана Михајловна- Леушина. Според неа детето во текот на изведувањето на воспитно- образовната работа треба плански, систематски и педагошки да се раководи,што подоцна ќе овозможи добиените претстави, поими и знаења, детето практично да ги примени во определени ситуации.

Статовите по однос на организираната воспитно- образовна работа и нејзината улога во подготвувањето на децата за поаѓање на училиште, исто така, ги потврдуваат и советските психолози:Запорожец, Елконин и Давидов, кој посебно ја подвлекуваат улогата на содржините на воспитната работа по однос на добивањето основни претстави, поими и знаења, што претставуваат основна материјална база за активирање и мобилизирање, а подоцна и вклучување во образовно - воспитниот процес.

По однос на подготовката и зрелоста на децата за поаѓање на училиште, сличен став има и Д-р Златко Преград, кој вели: "Pod zrelost za poagjanje na učilište se podrazbira takva sostojba na mladiot organizam što, vrz osnova na razvojnoto nivo na negovite fizički i psihički sposobnosti, uspešno ke deluva vo organiziranata vospitno -obrazovna rabota od aspekt na učilišteto".[24]

Меѓутоа, подготовката за поаѓање на училиште не треба да се сфати буквално дека децата треба да се здобијат со определени знаења, искуства и умеења, туку целосно и комплексно, со целокупната организација и режимот во семејството и предучилишните установи. За таа цел организираните форми на предучилишното воспитување и образование даваат широки можности за успешно подготвување.

Во системот на предучилишното воспитување и образование на СФРЈ разликуваме повеќе форми на опфаќање на децата од предучилишната возраст, како на пример: детски градинки, комбинирани детски установи, забавишта, мали училишта, сезонски детски градинки, подготвителни групи и сл.

---

[24] D-r Zlatko Pregrad -"Problemi zrelosti dijece za polazak za osnovnu školu", Br.7 -8, 1955 str.535.

Воспитно- образовната работа во споменатите установи се одвива целодневно, полудневно и делумно (по потреба), во зависност од видот, односно типот на установата. Сите спомнати установи имаат заедничка цел: опфаќање на децата од раната и предучилишната возраст и низ организирана и систематска воспитно- образовна работа, под раководство на стручно оспособени лица, запознавање со основите на објективната стварност, природата и природните појави што ги опкружуваат, систематизирање и богатење на искуствата, развивање на интелектуалните способности за самостојно и творечко мислење што претставува важен предуслов на правилен психо- физички развиток и успешно подготвување за поаѓање на училиште.

Детската градинка како воспитно-образовна установа, според досегашното искуство и практиката кај нас, па и во многу други земји, во кои е по развиена мрежата на предучилишните установи, се покажа како мошне корисна форма на опфаќање на децата од 3-7 год. возраст. Сета воспитно- образовна работа во детските градинки се одвива според изготвен план и програма за воспитно -образовна работа по возрасни групи. Во градинките децата, според физичките и психичките особености, се поделени во три групи: мала група, која

претежно ги опфаќа децата од 3 до 4 години, а која според педагошките нормативи треба да има од 15 до 20 деца; средна група, која ги опфаќа децата од 4 до години и треба да има од 20 до 25 деца и голема група, која ги опфаќа децата од 5 до 7 години, односно до нивното поаѓање на училиште. Бројот на децата во последната група треба да изнесува 25 деца, а во исклучителни случаи до 30. Меѓутоа, поделбата на децата по групи во различни земји е различна. Во земјите во кои мрежата на детските градинки е по развиена, со оглед на искуството и традицијата што ги имаат во овоа поле, бројот на групите изнесуваат 4 и повеќе. Така, на пример, во СССР во таканаречените "детски јасли" разликуваме 4 односно 5 групи, вклучувајќи ја и подготвителната група. Поделбата на децата по групи во детската градинка е неопходна, бидејќи таа овозможува адекватно поставување, обработување и реализирање на програмата, содржините на воспитно- образовната работа, како и задачите од општ и посебен карактер во согласност со степенот на развиеноста на психичките и физичките способности на децата, како и индивидуално приоѓање и запознавање на секое дете.

Современата предучилишна педагогија има издеференцирано определени задачи и барања што треба

да се реализираат во градинките. Како организирана општествена установа, во која се остварува воспитување и образование на децата од 3 години до поаѓањето на училиште, преку содржини, средства, форми и методи на работа достапни на психо- физичките способности на децата, градинките имаат задача, преку играта и заеднички живот, да создаваат услови и можности за правилно физичко, умствено, трудово и естетско воспитување.

Остварувајќи ги предвидените задачи, градинката како воспитно- образовна институција има за задача:

- да ги запознае децата со предметите и појавите во околината што ги опкружува, да го збогатува детското искуство, да го зголемува бројот на претставите, поимите за предметите и појавите, да ги развива интелектуалните способности, како и да ги оспособува за правилно сознавање на објективната стварност и правилно антиципирање и снаоѓање во определени ситуации;

- преку организиран колективен живот да создава навики за културно поведение и позитивен однос кон другарите, дисциплинираност на поведението во установата, дома, на улица и на другите јавни места.

- да формира основни работни навики, како и воспитување на основите на волјата и карактерот, како база за правилна и нормална социјализација на средината.

Широката примена на играта, слободните и задолжителните занимања во детската градинка даваат широки можности за увидување, доживување на убавото и творење. Имено, преку цртањето, сликањето, моделирањето, пеењето, драматизирањето, раскажувањето и др., се развиваат естетските чувства и творечките способности кај децата.

И на крајот, врз системна и поврзана работа од претходните групи, се врши систематизирање на добиените предзнаења, проширување на искуствата од одделните содржини, со што децата, од големата возрасна група се подготвуваат за поаѓање на училиште.

Сето тоа го овозможува разработеноста на материјата во програмата, стручниот кадар и повеќегодишното искуство во работата, примената на адекватни форми, методи и средства на работа и дидактичкиот материјал, што во голема мера се застапени во градинките.

Забавиштата се најраспространета форма на предучилишното воспитување и образование на децата нас. Тоа доаѓа од таму што за нивното отворање се

потребни мали материјални средства, бидејќи се сместени во училиштата, при детските установи, а работата со нив се одвива полудневно. Исто така, во овој вид предучилишна установа родителите партиципираат со минимални средства за обезбедување на основниот нагледен и дидактички материјал. Треба да се спомне дека, како училиштата така и родителите, покажуваат поголем интерес за опфаќање на децата во забавиште пред почетокот на школувањето, што се гледа од примерите во практиката на некои училишта, кои поради немање доволно простор, работат две смени во иста просторија.

Интересот на родителите и учителите за одење на децата во забавиште доаѓа, главно, оттаму што воспитно-образовната работа во овој вид предучилишни установи е насочена кон систематизирање на искуствата и знаењата на децата и нивното поконкретно подготвување за училиште. Согледувајќи ги позитивните резултати од работата на забавиштата, што поволно се одразува во вклопувањето на учениците во училишната работа и совладувањето на наставата, учителите при распределбата на децата по одделенија, настојуваат, да земаат што поголем број деца од забавиштата во составот на своето одделение.

Работата во забавиштата се одвива според изготвената програма од Републичкиот завод за унапредување на школството. Бројот на децата во една група во забавиштето изнесува 25 - 3о. Организацијата на воспитно- образовната програма предвидува време за игри и слободни занимања според желбите, потребите, преокупациите и индивидуалните особености, време за колективна работа, односно задолжителни занимања со определени содржини предвидени со програмата и др. активности. Воспитната работа во забавиштата трае 4 часа дневно (од 8 -12 или од 13- 17). Задолжителните занимања заземаат централно место во работата на забавиштето и се изведуваат секојдневно по две занимања со однапред определена цел, содржина и организација, методи, форми и средства за достапно пренесување на содржината на децата, во време траење од 3о до 35 минути.

Додека забавиштата во комбинираните детски установи претежно ги водат воспитувачки, забавиштата што се организирани при училиштата ги водат учители. Во практиката често среќаваме учителот, кој ги води децата во забавиштето, во идната учебна година да работи со I одделение, што овозможува континуирано водење на децата и нивното запознавање и следење во понатамошното школување.

Имајќи ја предвид развиеноста на психофизичките способности на децата од 5 -7 годишна возраст, како и потребата за нивното подготвување за запишување и следење на наставата во I одделение, пред воспитувачите и учителите од забавиштето се поставуваат повеќе задачи што треба да се реализираат преку целокупната воспитно- образовна работа во текот на годината.

Практиката покажува дека децата кои доаѓаат во забавиште се со различен степен на предзнаења за околината, природата и промените во неа,како резултат на годишните времиња и човековиот труд; математичките престави, занимањата на луѓето и другите секојдневни појави и промени со кои се опкружени во животот. Од тука се поставува како цел средувањето и надополнувањето на елементарните предзнаења на децата, односно пополнувањето на празнините во воспитната работа на родителите или празнините дошле како резултат на ниското образовно ниво на домашната средина. Ваквата појдовна основа овозможува учителот, односно воспитачот, да мине на проширување на предзнаењата на децата во различни области на животот и стварноста, согласно програмата, како и да работи врз нивното оспособување за самостојно активирање и

добивање на нови поими и претстави, оспособување за самостојно интерпретирање и толкување на содржините и настаните што ги запознале. Развивањето на говорните способности, како и правилното граматички и изразно искажување, претставува посебна грижа на наставникот во работата со децата во забавиштето. Развивањето на овие способности ќе овозможи правилно комуницирање и општење во средината, како и задоволување на љубопитноста, што овозможува богатење на детското искуство и формирање на нови поими.

Преку формирањето на математички претстави за множините, разликите и поврзаноста на предметите по големина, форма и боја и просторно распределување кај децата, се развива логичко мислење за увидување на заемно причинските односи и врските меѓу предметите и појавите што ги опкружуваат.

Со креативната воспитно- образовна работа, се настојува да се развиваат физичките способности и хармоничноста на движењето на децата, посебно на ситните мускули, со што ќе се подготви раката за вршење прецизни потребни во букварската настава. За таа цел, програмата предвидува различни видови подвижни игри и вежби на отворен и затворен простор.

Забавиштето како најраспространета форма за предучилишно воспитување, со организационата и практична поставеност на содржините на трудовото воспитување, детското творештво, ликовното и музичкото воспитување, дава широки можности за увидување, доживување и создавање на естетски вредности сообразени со возраста и натамошното будење на интересот. Тоа најдобро се гледа при поаѓањето на децата во училиштето, кога тие, без поголеми напори, ги изразуваат своите доживувања и ги интепретираат учените песни, игри, слободно манипулираат со приборот и др.,што многу ја олеснува наставата од наведените содржини при натамошното правилно развивање на индивидуалните творечки способности, заземањето критички однос кон сопственото творештво и творештвото на другите деца и блиските околу него.

Со посетувањето на забавиштето кај децата се ублажува преминот од домашната средина, во која детето се воспитува индивидуално и различно, според знаењата и умеењата на родителите. Детето, поаѓајќи на забавиште за прв пат се вклучува во организирана средина, слична на училиштето, но со помали обврски и поголема можност за организирана заедничка игра. Со вклучувањето во групата, под раководство на воспи-

тачката, децата се оспособуваат за соработка,натпреварување и самопотврдување, при што тие успешно се воспитуваат и оспособуваат за колективен живот и работа. Ваквата подготвеност на децата што поаѓаат на училиште претставува сигурен основ за организирање на животот на одделението и започнување на наставната работа.

Анализирајќи ја целокупната воспитно - образовна работа во забавиштата и ефектите што ги постигнува таа во подготвувањето на децата за училиште, може да констатираме дека посетувањето на забавиштето им дава широки можности за правилно сознавање на стварноста, за адаптирање и снаоѓање во социјалната средина, будење на чувството за работа во организираната средина и друго.

Посебна форма за подготвување на децата за училиште, претставуваат малите училиште. Тие израснаа како резултат на нееднаквата подготвеност на децата и недоволната развиеност на мрежата на предучилишните установи. Ова форма на предучилишно воспитување и подготвување на децата за поаѓање на училиште најшироко е распространето во СР Словенија, каде што се опфатени 70% од предучилишните деца, вклучувајќи ги и другите форми на опфаќање. Во помал број ова форма ја среќаваме и во СР Босна и Херцеговина.

Во зависност од објективните услови, мали училиште се организираат во текот на целата година, или само неколку месеци ( март - јуни).

Иако подготвувањето на детето за училиште е резултат на целокупната воспитна работа во предучилишниот период на детето, "малите училишта", со едногодишното или неколку месечното престојување на децата, при организираната и плански водена програмирана работа, придонесуваат за забрзување на развитокот, поправање и отстранување на грешките. При определувањето на целите и задачите на воспитно- образовната работа во малите училишта се поаѓа од повеќегодишна практика и наставната програма за другите форми на предучилишното воспитување, што се применува во градинките, при што се води сметка за општите цели и задачи на воспитувањето, хармоничноста на психо- физичките можности и возраста на детето од 6-7 години. При изработката на програмата на малите училишта се земаат мислењата, предлозите и искуствата на учителите за способностите и предзнаењата што мора да ги има училишниот почетник за совладување на наставниот план и програма, правилно вклучување во одделенската заедница и воопшто во целокупниот училишен живот. Ваква програма кај нас изработуваат Институтот за педагогија и Одделението

за психологија при Филозофскиот факултет -Љубљана, во соработка со Просветно- педагошката служба. Во програмата посебно се истакнува работата на воспитачот врз развивањето на говорните способности, способностите за набљудување, перцепцијата, помнење, извлекување заклучоци, концентрирање и запознавање на децата со средината во која живеат; вежбање за организација во простор и време. Покрај тоа се настојува кај децата да се развиваат работни навики,воспитување за самостојност во работата, меѓусебно помагање, прифаќање на редот и дисциплината во училиштето,побудување интерес за задачите што ги поставува учителот,како и усогласување на правилното однесување и почитување на другите.

Освен општите цели и задачи во предучилишното воспитување на децата, малите училишта имаат за цел и задача за непосредно подготвување на децата за училиште. На тој план се реализираат следните задачи:

- Утврдување, средување и продлабочување на предзнаењата на децата што ги добиле во домот и животната средина, како и оспособување за правилно користење на знаењата и применување во практиката.

- Развивање на умствените способности,

богатење на речникот, развивање на намерното внимание, способноста за споредување, сваќање на содржинските заемни врски, што придонесува за успешно реализирање на наставните содржини по поаѓањето на детето на училиште.

- Развивање на ситната мускулатура и оспособување за пишување на прави, полукружни и кружни линии, преку предвидени вежби на раката, при што децата се оспособуваат за ориентација во десно, цртање едно под друго, навикнување на правилно држење на телото и развивање спретност при држење на моливот.

- Развивање на математичките претстави. Сваќање на множините, споредување, составување и раздедување, разбирање на поимите: многу, малку, повеќе, помалку, исто, ништо, нешто; ориентација во простор: горе, долу, напред, назад, лево, десно.

- Оспособување за самостојност во работата, истрајност и соработка за задачите што бараат заемна работа, критичност кон сопствената работа, одговорност кон задолженијата, како и развивање интерес и љубов кон училиштето.

Работата на малите училишта е доволно афирмирана во педагошката практика. Се вршат повеќе испитувања од зрвни педагошки теоретичари, со цел да

се унапреди нивната работа, што е гаранција за ширење на мрежата на овој вид установи, како погодна форма за подготвување на децата за училиште.

Сезонските градинки се специфична форма за опфаќање на децата од предучилишна возраст, што се применува во услови кога родителите на децата, во определени периоди, односно сезони, се преангажирани во изведувањето на сезонските работи. Оваа форма на опфаќање на децата најчесто ја среќаваме во селата кога родителите, во пролетниот и летниот период, се презафатени со полските работи и не се во можност да им посветат поголемо внимание на децата, кои во идната учебна година, треба да тргнат на училиште.

Сезонски градинки најчесто се организираат при основните училишта, користејќи го просторот и инвентарот на училиштето, а воспитно- образовната работа со децата ја организираат и изведуваат учителите од училиштето. Во принцип, подготвувањето на групата го изведува учителот што треба да ги прими и води децата во I одделение.

Од досегашната наша практика може да се види дека кај нас постојат сезонски градинки на територијата на општините Гевгелија, Валандово, Кавадарци и др. места. Средства за овој вид организирана работа

на планот на подготвувањето на децата за училиште, овие градинки добиваат од месните заедници, општинските собранија, фондовите за непосредна детска заштита и други извори.

И оваа форма на воспитување и образование на децата, која се покажа како мошне корисна за подготвување на децата за поаѓање на училиште, од година во година станува се поактуелна и опфаќа се поголем број деца.

Во определени случаи, кога градинките и другите приведени форми на предучилишно воспитување на децата не можат да ја опфатат целата популација на предучилишните деца, во некои места при месните и стамбените заедници, се организираат семинари и кружоци по одделни содржини на воспитно-образовната работа, предвидени со програмата за предучилишните установи. Ваквата практика се користи со цел и намера на децата да им се дадат основни претстави,поими, знаења и умеења од непосредната околина и живата стварност, што ќе им овозможи успешно адаптирање, вклучување и активирање во I одделение на основното училиште.

Покрај семинарите по одделните содржини, во практиката среќаваме и таканаречени "подготвителни

групи" за поаѓање на училиште, кои се сè повеќе во составот на основните осумгодишни училишта, а најмногу се распространети во СР Хрватска. Работата во подготвителните групи се изведува според план и програма по определени воспитно- образовни содржини, како на пример: испитување на предзнаењата, говорните вежби, писмени вежби, запознавање со основите на математиката, за означување на природата и околината, физичкото воспитување, вклучувајќи ја и играта како централна и основна активност на детето.

Работата во подготвителните групи се одвиза два до три пати во неделата, со определен број занимања, како и со определено време на започнувањето и завршувањето. Обично групите работат на пролет, непосредно пред запишувањето на децата во училиште. Воспитно- образовната работа ја изведуваат учители, кои во идната учебна година треба да примаат I одделение. Искуствата од работата на подготвителните групи повеќе се применувани и испитувани од Бранко и Бјекослава Кос. Резултатите до кои дошле се позитивни и покрај краткото времетраење на изведувањето на работата во однос на групирањето и правилното распределување на децата по одделенија според предзнаењата, интелигенцијата и слично.

Покрај наведените форми, кои се застапени

во практиката во опфаќањето на децата, може да се нагласи дека и во многу други источни и западни земји постојат слични форми на опфаќање на децата од предучилишната возраст, што ја истакнуваат улогата и значењето на предучилишните институции во подготвувањето на децата за училиште. Во многу земји посебно се истакнува подготовката на децата за училиште во последната година од предучилишна возраст. Во тој поглед постојат едногодишни форми за опфаќање и подготвување. Така на пример, во Франција, СР Германија, ДР Германија значајно е зголемен опфатот на децата во последната година пред поаѓање на училиште и во тој поглед се вршат значајни експериментирања и иследувања, какво што е улогата на организираното предучилишно воспитување во подготвувањето за училиште.

Во СССР, покрај опфаќањето на децата во предучилишните установи, кои организационо се разликуваат од нашите предучилишни установи во склоп на детските предучилишни установи таканаречени "Детски Сад", се формираат посебни подготвителни групи за поаѓање на училиште. Подготвителните групи воспитно-образовната дејност ја организираат со цел и намера да овозможи средување, систематизирање и осмислување

на претставите, предзнаењата и искуствата за развивање на творечките особености, односно творечкото мислење, за успешно и несметано преминување во новата средина, односно училиштето.

Во последно време во оваа земја се вршат доста експериментирања на ниво на педагошките институти и Педагошкиот институт за предучилишно воспитување при Академијата на педагошките науки во СССР, со цел и намера да се увиди што треба да опфати поимот- подготвеност за училиште, односно од кои компоненти се состои подготвеноста на училиштето.

Од сето досега изнесено, може да се констатира дека кај нас и во многу други источни и западни земји, постојат различни форми од опфаќање на децата од предучилишната возраст. Меѓутоа, целта на сите споменати форми е да се увиди и констатира каква е улогата на организираното општествено институционално предучилишно воспитување со својата организациона, програмска и кадровска поставеност во разработувањето на одделните содржини на воспитно -образовно делување и како организираната воспитно -образовна работа се трансформира во подготвувањето на децата за поаѓање во училиште.

## ПРОГРАМСКА ПОСТАВЕНОСТ НА СОДРЖИНИТЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

За разлика од контролната група, каде воспитно- образовната работа со децата беше препуштена на семејството, експерименталната група на деца кои престојуваа во предучилишни установи, односно плански, организирано и систематски ја следеа програмата на воспитно- образовната работа под раководство на стручни лица, беше насочено кон целосно и темелно следење на организацијата и содржините на работата во преставно-појмовно богатење и подготвување за училиште.

Организираната воспитно- образовна работа допринесува децата да ја надминат спонтаната социјализација и да го облагородат своето поведение, што влијае на развитокот на детето и неговите психо-физички способности. Во реализирањето на програмата на воспитно -образовната работа и нивното влијание врз развитокот на психофизичките способности и здобивањето со одредени:претстави, поими, знаења, умеења и навики беа земени следните воспитни подрачја:

а) Воспитување на говорот

Имајќи предвид дека развитокот на говорот претставува важна задача во воспитно- образовната работа во предучилишните установи, поради тоа што со испи-

тувањето на децата при стапувањето во предучилишна установа, се констатира дека децата доаѓаат со различен степен на развиеност на говорот. Многу од нив се искажуваат правилно и реченично, други поседуваат мал фонд на зборови за возраста, трети погрешно изговараат одредени гласови и посложени зборови,четврти тешко го сфаќаат туѓиот говор и сл.

Затоа при планирањето на оваа содржина од страна на воспитувачите се настојува преку адекватни форми, методи, средства, дидактички игри и друг дидактички материјал, како и преку живиот збор на воспитувачот систематско и постапно комуницирање во работата со децата на правилно изговарање,богатење на речникот, правилно активирање на речникот, негување и поврзување на правилен граматички говор, негување на изразен говор, како и разбирање и усвојување на правилниот книжевен и литературен јазик.

Задачите на споменатата содржина се реализираат преку целокупната организација на воспитно- образовната работа и тоа:

- Преку воведување во животот и режимот на децата во установата;

- Меѓусебно правилно комуницирање во групата, воспитувачите и другиот вработен персонал;

- Играта како основна форма на изразување на активноста, исто така се корисфиме за правилно говорно изразување и комуницирање, посебно со дидактичките игри за развиток на говорот;

- Преку задолжителните занимања на негувањето на говорот (мајчиниот јазик);

- Преку слободните занимања;

- Реализацијата на содржините на воспитно-образовната работа од оваа област доаѓа до израз и преку запознавањето на природата и околината, при што децата имаат широки можности да го прошират видокругот на своите познавања, а со тоа и да го збогатат фондот на речникот.

Vo toj pogled S.Vasić veli:"Postojano se proširuva vlijanieto na poedinečnite faktori na govorot. Se menuva prirodnata sredina pri što deteto go uči govorot".[26]

Од посетата на предучилишните установи, занимањата, како и разговорите со воспитувачите и децата, се констатира дека успешно се вградени повеќе елементи на говорното искажување кај децата, како што се: основните форми на усното изразување, рецитирањето, драматизирањето, реченичното поврзување, раскажување,

---

[26] S.Vasić Dečji govor
"Predškolsko dete" Br.1 -2, 1973 str.2

водење на дијалог, зголемен интерес кон книгата и сл.

Сето тоа покажува дека организираната, планска и систематска работа поволно влијае врз негувањето и воспитувањето на говорот.

б) Запознавање на природата и околината

Една од централните содржини на воспитно-образовната работа што беше применета со експерименталната група во предучилишните установи, е запознавањето на природата и околината.

Со почетното испитување беше констатирано дека децата, кои доаѓаат во предучилишни установи, поседуваат релативно слаби предзнаења од оваа област. Спонтаното воспитување во различните семејни средини не вградуваа посигурни предзнаења за предметите и појавите од непосредната околина, така што беше забележено дека некои деца не ги разликуваат предметите по големина, боја, форма, намена, немаат доволно претстави за времето, природните појави, нивните заемно причински односи и врски. Совладаните претстави и поими немаат доволна смисленост и поврзаност. Овие деца, исто така се карактеризираат со недоволна изградена способност за набљудување и концентрирање на вниманието, како и истрајност во извршувањето на задачите и задолженија.

Една од основните карактеристики на спонтаното однесување кај децата се состоеше во тоа што со доаѓањето во предучилишната установа овие деца не манифестираат интерес и умеења за поврзување во групата, за активно соработување и активирање што покажува дека социјализацијата во семејството е недоволно изградена заради неадекватните услови. Навиките кај споменатите деца во голема мера заостануваат зад нивните физички можности на возраста. Поголем број на децата немаа изградени умеења за самостојно опслужување и задоволување на своите потреби и желби, што покажува дека во семејството биле презаштитени во извршувањето на задачите и задолженијата, така што и на овој план во предучилишната установа се почнува од елементарните основи на воспитувањето на навиките и однесувањето во средината.

Врз основа на програмската поставеност оваа содржина во работата со експерименталната група ги реализира следните задачи:

- Развивање на самостојност и активност кај децата;

- Изградување на чувство за социјализација во групата и пошироката средина, како и развивање на чувства за подредување на своите интереси и желби, кон интересите и желбите на групата;

- Поттикнување и оспособување за користење на посложени форми на соработка и делување на групата;

- Негување и воспитување на љубопитноста за околината и светот што ги опкружува околу себе, како и нивното активирање;

- Врз основа на непосредното набљудување и активирање се приспособува за творечкото мислење и формирање на научен и објективен поглед кон светот;

- Збогатување со одредени претстави, поими, знаења и умеења од природната и општествената средина.

Како конкретни содржини од оваа област со експерименталаната група во текот на работата беа реализирани следните воспитно-образовни содржини:

Животот во предучилишните установи, меѓусебните односи во групата, самопослужување, запознавање со животот во природата и околината, запознавање со природните појави и мртвата природа, запознавање со предметите и нивните особености, запознавање со животинскиот и растителниот свет, сообраќајното воспитување и др.

Во реализирањето на напред наведените задачи и содржини од оваа област беше планирано воспитувачите, доследно да ги применуваат следните форми: набљудување, излети и прошетки во непосредната околина,

екскурзии, посета на културно -историски установи и знаменитости, слободните занимања, задолжителните занимања, играта и слично.

Покрај споменатите форми во реализирањето на програмските задачи од оваа област, исто така беа применувани повеќе средства меѓу кои: предмети и појави од живата и мртвата природа, слики, филмови, дијапозитиви, модели и разнообразен дидактички материјал.

Од извршените посети и контакти за извршените експерименти во групата од воспитувачи беше констатирано, дека во работата, доследно се применуваа поставените методи, форми и средства во воспитно - образовната работа, за што сметам дека експериментот во целост се одвиваше според планирањето што овозможи децата успешно да ги надополнат празнините и пропустите на различните семејни средини.

в) Развивање на математички претстави и поими

Една од посложените содржини на воспитно-образовната работа со децата од предучилишната возраст е воведување во светот на математиката. Со стапувањето на децата во предучилишната установа и утврдувањето на степенот на претставите и поимите од математиката,

можеше да се увиди дека децата од оваа област поседуваат најскудни претстави и поими.

Тоа доаѓа од тамму, што градењето на математичките претстави и поими бара и поголема умешност од родителите, воспитувачот, а исто така и смислени постапки со конкретно уочување и увидување на квантитативните и квалитатитвните разлики на предметите и појавите од објективниот свет, што не може да се обезбеди во целост во домот со спонтаното семејното воспитување. Затоа децата што доаѓаат во предучилишна установа поседуваат минимални претстави за формите, големините, количинските разлики, множините и разликите меѓу предметите.

Воспитно- образовната работа со децата од оваа област се изведува програмски под раководство на воспитувачите и ги реализираат следните задачи:

- Развивање кај децата љубопитство, иницијативност, самостојност, како и чувство за доследност и точност во работата;

- Развивање процесот на мислењето, посебно логичкото мислење со цел, детето постепено да се ослободи од мислења во конкретни случаи- ситуации, како и во послложени и поапстрактни ситуации;

- Развивање способностите за уочување на квантитативните и квалитативните особености и разлики

на предметите и појавите од непосредната околина;

- Развивање способностите за уочување функциите и поврзаноста на средствата за работа, како и оспособување за практично применување на истите;

- Изградување претстави и појмови за количините на бројниот низ во рамките на програмските задачи;

- Воведување децата во снаоѓање и решавање на непознати ситуации;

Во согласност со програмата на воспитно-образовната работа, воспитувачите ги разработуваат следните содржини:

- Ориентација во простор и време; формирање на претстави за многу и малку, едно, слично, логички операции со конкретни предмети, класифицирање на предметите, уочување на геометриските форми, формирање поим за величина, изградување поим за количина, запознавање на бројниот низ до десет (10), запознавање со мерките за мерење и решавање на задачи со конкретен материјал со додавање и одземање по еден.

Во реализирањето на програмските задачи и содржини, воспитувачите ги применуваат следните форми: набљудувањето излетите за уочување на квантитативните

и квалитативните односи во непосредната околина, слободните занимања, задолжителните занимања, игрите, посебно дидактичките игри кои многу допринесуваат за развитокот на претставите, поимите, знаењата и искуството.

Имајќи ја предвид специфичноста за возраста, како и конкретноста на мислењето, воспитувачите за подобро уочување на квантитативните и квалитативните разлики и развивањето на математичките претстави и поими ги користеа: природните предмети, играчките, дидактичкиот материјал, сликите, филмовите, мерките за мерење и слично. За успешно совладување на математичките претстави дадени беа инструкции за доследно применување принципите на: нагледност, системност и постапност, што во голема мера допринесе децата да ги усвојат содржините од оваа област и да се здобијат со одреден фонд на математички претстави и појмови, да го развијат мислењето, самостојноста и практично да се снаоѓаат во непознати и потребни ситуации.

ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ

Физичкото воспитување во предучилишните установи зазема посебно место во воспитно- образовната работа. Играта, екскурзиите, посетите и другите организирани форми на движења се застапени во обработката на сите други содржини. Меѓутоа, оваа област во предучилишните установи се изведува и посебно, заради нејзиното извонредно значење за правилно физичко формирање на децата за нивниот психо- физичкиот развиток во целина и сл.

Децата од експерименталната група при доаѓањето во предучилишната установа не поседуваа потребна вештина во движењата, посебно се забележуваше слаба координација на движењата, недоволната брзина, вештина и точност на движењета, како и тешко ги совладуваа пречките.

Од сето ова можеше да се констатира дека во домот -семејството не било посветено внимание на физичкото воспитување. Поаѓајќи од овие констатации за постигнувањата на напред зацртаните цели со експериментот во реализирањето на физичкото воспитување се поставија следните задачи:

- Преку физичкото воспитување да се поттикне и подпоногне растењето и развитокот на децата;

- Да се изградат хигиенски и други навики;

- Да се изградат и утврдат навиките за правилно движење;

- Да се воспитува вниманието и самостојноста во движењето, вештината, брзината, точноста и брзото реагирање;

- Да се развиваат определени морални особености и чувство на колективизација.

Во склоп на наведените задачи беа разработени следните содржини: одење, скокање, вежби за рамнотежа, вежби за трчање, вежби за развивање на мускулите, развивање на хигиенски навики, игри на воздух, сонце, вода и слично.

Во разработувањето на задачите и содржините, ги користеа следните форми: играта како централна активност, посебно подвижните игри, дидактичките игри, игрите на воздух, прошетките, излетите, слободните и задолжителните занимања.

За поуспешно и непречено програмско реализирање на спомenатите аодржини, воспитувачите користеа различни средства, како на пример: разни справи, реквизити, играчки, користење на природните извори и слично.

Од сето тоа можеше да се увиди и константира, дека децата лесно и без некои особени тешкотии ги совладуваат содржините на физичкото воспитување со голем интерес, внимание и активност во извршувањето на поставените задачи, особено во развивањето на организмот, поедините делови на организмот, изразуваа поголема координираност на движењата во играта и развитокот на движењата на ситната мускулатура.

ЛИКОВНО ВОСПИТУВАЊЕ

Ликовното воспитување како аодржина на воспитно -образовната работа, исто така доаѓа до израз во работењето на предучилишните установи со сите свои специфичности, посебно на уочување, доживување и создавање и творење на убавото.

Децата од експерименталната група во почетокот на експериментот не покажуваа посебна смисла за уочување и увидување на естетските вредности, не покажуваа спретност на моториката на раката, како и во ракувањето со средствата за ликовно изразување. Овој факт сам по себе зборува дека во домот -семејството, родителите поради специфичноста, зафатеноста и неупатеноста не биле во состојба да ги запознаат децата во светот на ликовното изразување.

Поаѓајќи од овие сознанија, како и имајќи ги предвид зацртаните цели и задачи на експериментот во реализацијата на оваа содржина, воспитувачите во групата ги реализираа следните задачи:

- Запознавање на децата со основниот ликовен материјал и техники, како и нивното совладување и применување;

- Преку ликовното воспитување посебно се целеше на полесно преминување од фазата на шарање кон

елементарно прикажување;

- Развивање, поттикнување и негување на ликовните способности и емоционалното доживување;

- Развивање и негување на културно -хигиенски и работни навики;

- Развивање смисла и способности за вреднување на сопствените ликовни работи и работите на другите деца;

Со примената и употребата на разновидниот ликовен материјал и алат, кај децата се развиваат мускулите на раката и дланката и воопшто мускулатурата на целиот организам. Задачите на ликовното воспитување се реализираа преку следните ликовни подрачја: цртање, сликање, вајање, запознавање со елементите на применетата уметност, запознавањето со основите на естетските проценувања и сл.

И кај ова подрачје беа применувани повеќе форми и средства, кои овозможуваа доследно реализирање на поставените цели и задачи.

Сето досега изложено, само по себе доволно зборува каква е улогата на оваа содржина во адаптирањето на децата за училиште и воопшто снаоѓањето во новата средина.

МУЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ

Музичкото воспитување како специфична област на воспитно- образовната работа, на децата од предучилишната возраст зазема посебно место во програмата на предучилишните установи.

Како специфична содржина, музичкото воспитување треба да ги задоволи желбите и потребите за обезбедување услови на радосно детство. За таа цел воспитувачите ги реализираа следните задачи:

- Да се прошируваат и богатат поранешните музички впечатоци и доживувања, како и да се поддржава спонтаното музичко изразување;

- Развивање интерес и љубов за музика и другите музички активности;

- Развивање основите на музичките способности и вештини за пеење, слух, осет за ритам, музичко помнење и слично;

- Создавање услови за примена на содржините на музичкото воспитување во другите воспитно - образовни подрачја.

Задачите на музичкото воспитување полесно се реализираат преку следните содржини: слушање музика, пеење, музички игри и сл..

Во текот на реализирањето на споменатите задачи, воспитувачите како непосредни изведувачи на програмата, констатираа дека децата со посебен интерес, љубов и желба ги совладуваа основните елементи на ова подрачје, посебно во слушањето на музиката, активното учество во пеењето, преку музичките игри кои најмногу беа барани и изведувани.

Предучилишните установи како воспитно-образовни институции, покрај зацртаната програма и другата организациона и воспитна работа што редовно ја обавуваа и изведуваа, некои установи се зафатија со изведување на експериментална работа со одредени групи во поглед на организацијата, методите,формите и средствата што ги применуваат во воспитно- образовната работа со децата наполно одговорија на поставените цели и задачи на експериментот. При сето тоа воспитниот кадар, доследно се придржуваше на инструкциите и напатствијата да не вршат "подучување" во поглед на описменување и училишно учење, со што би се добила лажна слика за подготвеноста на децата за училиште. Напротив, замислите и идеите беа да се увиди како целокупната организација на воспитно- образовната работа на споменатите институции влијае на поттикнувањето, развивањето на способностите, интересите, претставно- појмовното богатење, социјализацијата

и волјево -емотивниот живот кај децата како основа и услов за осамостојување во работата, комуницирањето и самоактивирањето во социјалната средина.

Според тоа сметам дека експерименталната работа со групите со максимално залагање и применување на современите искуства и достигнувања на теоријата и практиката со применување на адекватни методи, форми и средства кои одговараат на возраста и развитокот на децата. Сето тоа покажува дека децата од експерименталната група со целокупната програмска, организациона и кадровска поставеност,добиваат оптимални услови за правилен развиток, социјализација и подготвување за училиште.

Во текот на истражувањето редовно беа посетувани групите на децата што се земени во експериментот, при што е извршено согледување на постигнатите резултати на програмските задачи, реализацијата на воспитно- образовните содржини и ефектите од примената на зацртаните форми, методи и средства на воспитно образовната работа во предучилишните установи.

Во врска со реализацијата на програмата и програмските содржини, водени се разговори со воспитувачите, како и повремено беа давани инструкции за натамошна работа во конкретизирањето и реализирањето на

содржините и натамошни задачи за правилно и успешно следење на поставените задачи на истражувањето.

Од посетата на предучилишните установи и водените разговори со воспитувачите, добиени се драгоцени податоци, а истовремено беа земени и автентични детски работи од нивното творештво кои се споредувани со творештвото на другите деца што не посетувале.

Исто така бележени беа постигањата на резултатите на децата од организираната воспитно - образовна дејност и споредувани со резултатите на децата што не посетувале предучилишно воспитување.

За одделните проблеми на воспитно - образовната работа и работата со родителите, водени се посебни дискусии со воспитувачите за изнаоѓање на најпогодни методи, средства и приоди за успешно вклучување, сфаќање и снаоѓање на децата во соодветни ситуации, при што е користено искуството, умеењето и снаоѓањето на децата за согледување на взаемните односи и врски на предметите и појавите од непосредната околина.

г) Интелектуални способности

Со психолошкото испитување на интелектуалните способности на децата што е вршено во

подготовките на формирањето на групите, добиени се следните показатели за структурата на интелектуалната развиеност на децата:

| | Експеримент. група | Контрол. група |
|---|---|---|
| Натпросечна интелигенција - 11о | 6 | 11 |
| Просечна интелигенција- 9о- 11о | 125 | 245 |
| Долна граница на просек. 9о- 8о | 19 | 44 |

Според изнесениот психолошки наод, може да се види дека групата е составена од деца чии интелектуални потенцијали наполно задоволуваат и овозможуваат нормално следење за проучување на проблемот за подготовка на децата за поаѓање на училиште.

Потребно е да се нагласи дека, користејќи ги резултатите од психолошкото испитување, во групата не се земени децата со натпросечни интелектуални способности како и оние деца кои манифестирале поизразити проблеми и дефекти на личноста (волјево-емотивниот живот, потешки неуротични деца, енурези деца, деца со потешки паури, тешко адаптабилни деца, агресивни и сл.) Сите споменати категории на деца преставуваат посебен проблем и потреба од специјален третман и помош од соодветни стручни установи.

На тој начин формирана е хомогена група со приближно еднакви и нормални интелектуални способности и здрави компоненти на личности.

## д) Социјално -емоционални состојби

Додека при формирањето на групата се издвоени деца со нормални и приближно изедначени физички и интелектуални способности во поглед на социјализацијата, децата од експерименталната и контролната група покажуваат забележителни индивидуални разлики.

Во зависност од педагошкото влијание на семејството, правилното извршување на обврските на родителите кон децата, како и од тоа дали детето посетува предучилишна установа, кај децата се забележени различни степени на адаптираност и социјализација, што понатаму имаат голема улога во подготвувањето на децата за училиште.

Во експерименталната и контролната група децата индивидуално се разликуваат по однос на подготвеноста за комуникација и адаптација, кои особености се регистрирани уште во почетокот и се следени во текот на експериментирањето.

## ѓ) Образовна структура на родителите на децата

Образовното ниво на родителите како фактор во воспитувањето и подготвувањето на децата за

училиште, преставуваше посебна компонента во одредувањето и формирањето на групата. Во двете групи се застапени деца на родители со различно образовно ниво и тоа:

| | Експериментал. | | Контролна | |
|---|---|---|---|---|
| Високо образование | група - | 26 | група - | 18 |
| Више образование | -"- | 24 | -"- | 10 |
| Средно образование | -"- | 8о | -"- | 41 |
| Изучен занает | -"- | 2о | -"- | 38 |
| Со основно образование | -"- | 42 | -"- | 54 |
| Непотпол.основ.образов. | -"- | 1о8 | -"- | 1о2 |

Од табелата се гледа дека во поглед на образовната структура на родителите се застапени деца претежно на родители со средно и основно образование, додека помал е бројот на родители со више и високо образование. Ваквата структура одговара на општата квалификациона структура на родителите во Републиката.

Во поглед на материјалната положба на семејствата што произлегува, како од квалификационата структура, така и од вработеноста на родителите, може да се каже дека и во двете групи се застапени деца од сите економско- материјални структури на семејствата(подобро стимулирани семејства, просечно,

материјално обезбедени семејства и послабо материјално обезбедени семејства).

Меѓутоа од прегледот може да се види дека во контролната група, односно во групата на децата што не посетувале предучилишни установи, значајно поголем е бројот на родителите со пониска образовна структура и послаба материјална основа.

Во однос на вработеноста на родителите, групите се различни. Имено кај експерименталната група 96% се вработени и двата родитела, додека кај контролната група децата што не посетувале предучилишни установи само 20% се вработени и двата родитела, а 80% е вработен само едниот родител.

е) Степен на здобиени преставн, поими и предзнаења на децата испитаници

Проучувајќи ги најдените состојби кај децата од експерименталната и контролната група, со првите испитувања се констатира, дека различните улоги и влијанијата на семејната и социјалната средина и околина и организираното општествено институционално предучилишно воспитување и образование,од друга страна, овозможиле не така значајно забележителни индивидуални разлики кај децата во поглед на нивната претставно-

појмовна подготвеност и здобиените знаења и искуства што може да се види од следното:

1. <u>Говорно изразување и искажување</u>

Децата, кои претходно посетувале предучилишна установа, релативно успешно и вербално комуницираат за време на испитувањето, Одговорите им беа потполни и реченични, со малку излишни зборови, при што можеше да се види целина во давањето на одговорите, раскажувањето на приказните,песничките, сликите и сл., како и давање на целосен одговор на поставените прашања. Овие деца поседуваат поголем фонд на зборови како и поголем интерес за говорно искажување и комуницирање. Исто така изразуваат поголема самостојност и слобода во искажувањето на мислите, желбите и доживувањето. Слична е ситуацијата и во збогатувањето на речникот, како и активирањето на истиот. Сето тоа им овозможува слободно и непречено говорно комуницирање во средината и околината на нивното делување и соработување.

Во поглед на степенот на напредокот на здобиените способности за искажување, децата што посетувале предучилишни установи се разликуваат, што е условено од: интелектуалните способности, материјалната и образовната структура на семејствата.

Од друга страна, заедничка карактеристика на говорната подготвеност кај децата испитаници, кои не посетувале предучилишни установи, во моментот на нивното опфаќање на експериментот се состоеше во тоа што: манифестираа поголема повлеченост во комуницирањето и општењето, послаба самостојност во говорното изразување и искажување на мислите, одговорите беа посиромашни, речникот посиромашен за возраста и сл.

Меѓутоа, треба да се имаат предвид и индивидуалните разлики на говорното искажување кај децата што не посетувале предучилишни установи, додека незнатен број [illegible] од децата манифестираа релативно задоволувачки резултати, поголемиот број деца изразуваа говорна неподготвеност во смисла на сиромашно, правилно, течно и изразно искажување на мислите, аграматичност, минимален фонд на зборови (речник), погрешно воспитување на говорот и други говорни недостатоци, кои како што се констатира,се резултат на недоволното внимание и погрешното воспитување во одредени семејства, отсутност на организирано институционално воспитување и запоставување на децата од страна на родителите, како и пропустите на планот на воспитувањето на семејството.

2. Ниво на здобиени претстави и поими

Здобиените претстави и поими за природата, околината и светот што ги окружува, отсекогаш претставувал значаен интерес на педагошко- психолошкото истражување, бидејќи фондот на изградените претстави и поими кај децата се сигурна основа и подлога за нивното подготвување за училиште. Поаѓајќи од сознанието, дека претставите и поимите квантитативно и квалитативно резултираат од дадените услови, воспитната работа со децата и слично. При формирањето на групата е обрнато значајно внимание на прашањето за степенот на здобиените претстави и поими кај децата од експерименталната и контролната група.

Со првобитното испитување се констатира, дека испитаниците во двете групи имаат индивидуални разлики во здобиените претстави и поими и дека разликите се забележително поголеми кај децата што не посетувале предучилишни установи, а тоа може да се види од следното:

Децата кои посетувале предучилишни установи манифестираат релативно добри претстави и поими за светот што ги окружува, а имено: претстави за предметите, растенијата, животните, семејството,

градинката, улицата, поштата, претстави за време, простор, форма, боја, големина, многу, малку, како и претстави и поими за минатото и борбата на нашите народи за ослободување преку празниците, прославите, јавните манифестации и сл..

- Од друга страна, и покрај меѓусебните разлики, децата кои доаѓаат направо од семејствата, односно контролната група, поседуваат побледи, сиромашни и нецелосни претстави и поими за светот што ги окружува. Нешто подобро стојат во здобиените претстави и знаења за семејството и блиските роднини. Меѓутоа, многу послаби се претставите за природниот и животинскиот свет, сообраќајот, културата и историското минато, сегашноста, квалитетот и квантитетот на предметите, појавите и настаните во природата, околината и слично.

При испитувањето посебно се уочи, дека ваквата најдена состојба на сиромашност на претставите и поимите доаѓа како резултат на тоа што семејството, односно родителите не можат да обезбедат примена на адекватни постапки, методи и средства за планско и систематско претставно и појмовно богатење за одредени содржини на воспитно- образовната работа. Додека пак оние деца, кои имале можност да посетуваат

предучилишни установи, преку целокупната организација на воспитно- образовната работа, плански и систематски и постапно се здобивале со претстави и поими за предметите и појавите во природата и непосредната околина.

3. Здобиени знаења и искуства

Почетните знаења и искуства, најдени кај испитаниците во времето на формирањето на групата, претставуваат една од компонентите на состојбите што ја искажуваат почетната основа на експериментот. Знаењата и искуствата кај децата во голема мера ја одразуваат конкретната состојба на: семејните, социо-економските и културните прилики, на степенот на образованието на родителите,на нивната ангажираност со децата и влијанието на другите членови на семејството, посебно постарите деца кои посетуваат училиште и слично, кај децата од контролната група како и конкретните прилики и помош што ја добиваат децата од експерименталната група на предучилишните установи.

Здобиените знаења и искуства кај децата што посетувале предучилишни установи,беа посодржајни. Така на пример: тие не само што ги препознаваат предметите и појавите, туку ги уочуваат и суштествените

особености кај предметите, појавите и растително-животинскиот свет, вршат поврзување на взаемните односи и врски, како и прават обиди за изведување на судови и заклучоци за: полезно, неполезно,позитивно негативно, добро, лошо и слично.

Спротивно на тоа, здобиените знаења и искуства кај децата кои не посетувале предучилишни установи имаат претежно искуствен карактер и се одликуваат со: нецелосност, неадекватност, неумешност за поврзување и уочување на битните карактеристики и особености на предметите и поимите од објективниот свет, недоволна умешност за поврзување на взаемните односи и врски, не покажуваат способност во донесувањето на судовите, ставовите, заклучоците и друго.

## 4. Поведение, умеење и навики

Поведението, умеењето и навиките како појдовни компоненти на подготвеноста на децата за училиште во експерименталната фаза, исто така побуди значаен интерес за набљудување и определување на одредени особености и специфичности.

Почетното испитување покажа дека децата многустрано се разликуваат во поведението,однесувањето, а посебно во добиените умеења и навики што

претставуваат темел на целокупната надградба за понатамошно успешно развивање и напредување. Децата од експерименталната група, вклучени во организиран колективен, социјален и емотивен живот, во предучилишните установи имаат можност да се здобијат со заеднички позитивни карактеристики на поведението, умеењата и навиките. Тие се придржуваат на режимот, правилата и прописите, коректно се однесуваат спрема: воспитувачите, постарите, врсниците на улица и во јавниот и културниот живот во средината и нивното делување. Овие деца имаат изградено позитивни карактерни особености на поведението, умеењето и навиките за колективен живот, за работа, хигиена, како и за поголема самостојност за творечко однесување и изразување. Сето тоа укажува дека децата што посетувале предучилишна установа се оспособени за организирана работа и истрајност во извршување на задачите и задолженијата.

Наспроти нив, децата кои посетувале предучилишни установи немаат заеднички и еднакво изградени навики на поведението, туку во зависност од воспитната клима на семејството, се забележуваат различни изрази и однесување и постапување, што се гледа од следното: недоволна подготвеност

за живеење и соработување во група со другарчиња, себичност, самоволност, неспособност за вклучување во колективен живот, за прифаќање на редот и дисциплината, за правилно однесување со родителите, воспитувачите и постарите другари. Исто така се забележуваат неоформени и неизградени хигиенски,работни и други навики, послаба истрајност во извршувањето на задачите, недоволна умешност во однесувањето и други слабости на поведението.

Посебно треба да се нагласи дека одреден број деца од контролната група манифестираат поголеми слабости на поведението како што се: повлеченост, слабо активирање во групата, срамежливост, неприфаќање на редот, агресивност и слично.

Волјево- емотивниот живот кај децата што посетувале предучилишни установи е побогат,посодржаен и изразен со задоволства и радости во однесувањето и постапувањето, во однос на децата кои немале можност да ги доживеат богатите содржини на животот преку различни форми на изразување на активностите на предучиличните установи. Наспроти нив, децата кои не посетувале предучилишни установи, по однос на волјевоемотивниот живот се посиромашни по содржина и изразување на негативни доживувања во однесувањето и постапувањето. Ваквото нешто се должи на слабата организација на воспитното делување и занемарување,при што децата се повлекуваат во себе.

ПОДГОТОВКИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИСПИТАНИЦИТЕ

Во договор со управителите на предучилишните установи кои го прифатија експериментот, извршени се консултации и размена на мислење за улогата и значењето на експериментот во унапредувањето на педагошката теорија и практика. За потребата на соработка во периодот на одвивањето на експериментот, за задачите што треба да ги извршат воспитувачкиот, негователскиот и другиот кадар во установите за експериментирањето и бележењето на резултатите и слично, беа извршени размена на мислења и договори за начинот и постапките на работа.

Откако ја добив согласноста од сиот воспитен и неговатолски кадар, извршив иструктажа за начините , постапките и техниката на следењето. При сето тоа се водеше сметка да не се нарушат природните текови на нормалното одвивање на воспитно-образовната работа во предучилишните установи, туку, тоа да претставува израз на квалитетно организирана, системна и содржајна воспитно- образовна работа во предучилишните установи, која е раководена од добро подготвени воспитни кадри и ќе биде исполнета со богати содржини, методски постапки што овозможуваат оптимално стекнување на знаења, умеења и навики. Со други зборови, подготовката значеше внесување на децата од експерименталната група

во таков амбиент, во кој организираниот живот и работа ќе покаже до која мера поволните услови и стручната воспитно- образовна работа ќе овозможи примена на новите методи, средства и постапки што ги достигнала сегашната теорија и пракса на организираното предучилишно воспитување, што ги развива физичките, интелектуалните и социо- емоционални способности кај децата.

Имено, преку организационото општествено воспитување на децата се настојува да се увиду каков степен на знаења и способности ќе достигне детето во предучилишната установа, како ќе се адаптира, созијализира и комуницира во однесувањето, изразувањето и манифестирањето на поведението. Воспитните групи на експериментирањето се формирани според педагошките норми, со толерантно зголемување на бројот на децата во групите. Воспитувачкиот и негователскиот кадар ги исполнуваа стручните барања , квалитети и искуства за правилно водење на организацијата, методските постапки и содржините на воспитно образовната работа со децата во предучилишните установи.

Групите беа обезбедени со потребен дидактички материјал и други нагледни средства, како и други поволни услови за непречено одвивање на воспитно -образовната дејност.

Во соработка со воспитувачкиот кадар што е вклучен во експериментот, извршено е глобално и конкретно распределување на содржините од програмата на воспитно- образовната работа по: тромесечни, месечни, неделни и дневни распределувања, кои плански постапно и програмирано ги реализираа во текот на годината, односно предвидениот период (време). На сите воспитувачи им беше дадена помошна и дополнителна литература и периодика за содржините и постапките на воспитно- образовната работа со децата. Исто така,на воспитувачите им беше дадена инструктажа за содржините на воспитно- образовните подрачја, и како истите содржини подоцна треба да се применуваат и користат во праксата, другите активности и творештвото.

Во таа насока беа дадени и упатства на воспитувачкиот и негователскиот кадар, за статистичкото водење и следење на податоците кај децата на планот на физичкиот, интелектуалниот и емоционалниот развиток, како и нивното напредување, како и нивното напредување. За таа цел беше изработен конкретен прашалник и друг статистички материјал за внесување на податоците.

Една од задачите што беа поставени со воведувањето на експериментот, е и следењето на организацијата на воспитно- образовната работа, начините и

постапките на работата, реализацијата на програмата од одделните содржини, редовното подготвување за работа на воспитно- образовен план на воспитувачкиот кадар и внесувањето на новините и новите достигнувања на педагошката и психолошката наука во секодневната работа, односно во практиката.

Оваа задача се остваруваше преку постојаните контакти со воспитувачите, управителите на установите во кои се одвиваше експериментот во текот на годината.

Сумирајќи ги резултатите од консултациите и разговоите и од непосредниот увид на работата во установите, можеше да се констатира дека,експериментот се одвиваше нормално според предвидувањата и дека во него се вградени, зацртаните повеќе содржини, методи, форми и средства за работа. Кадарот наполно одговори на поставената задача и целосно ја реализира програмата и задачите за работа во сите фази, користејќи ги притоа најпогодните услови и средства на воспитно - образовен план. Одредени прашања и дилеми се разјаснуваа и толкуваат во текот на работата по потреба.

Во остварувањето на општествената улога на институционалното воспитување и образование на децата од предучилишната возраст, констатирано е дека е

водено од квалификувано стручни кадри во реализирањето на општите и посебните цели на воспитувањето и образованието. Во тој поглед предучилишните установи својата работа ја усмеруваа на следните подрачја:

Децата, кои за првпат влегуваа во установата, забележително се разликуваа од оние деца,кои подолго време престојувале во предучилишна установа. Новодојдените деца беа со помал фонд на претстави, поими, предзнаења и искуства. Недоволно социјализирани, повлечени, потешко контактираа со воспитувачите, другарчињата и другиот вработен персонал. Оттука задачата на воспитувачите во спроведувањето на експериментот беше преку системна работа и примена на адекватни методи и средства да им помогне на децата во адаптирањето, вклучувањето во животот и сктивностите на предучилишната установа, заедно со другите деца.

За таа цел со децата се работеше на систематско надополнување на предзнаењата и искуствата од сите содржини на воспитно- образовната работа. Во предучилишните установи, децата преку целокупната организација и режим, посебно преку планирањето и изведувањето на воспитно- образовната работа од одделните подрачја, имаа можност да се здобијат со повеќе претстави, поими, знаења, искуства и навики за подобро сознавање на природата,околината и светот што ги опкружува.

Наспроти децата што посетувале предучилишни установи, во експеримento постојат и деца што не посетувале предучилишни установи, односно деца што живееле и се развивале во семејствата кои немаат пошироки објективни можности за организирано воспитување и образование. Тоа доаѓа оттаму што домашната средина ја сочинуваат родителите и другите членови на семејството, кои во прв ред се мал колектив со посебни обврски и задачи. Освен тоа,некои деца во семејството се привилегирани, додека пак други запоставени, што допринесува за појавување на одделни негативности и празнини во претставо - појмовното искуство и поведението, односно однесувањето. Постојат и деца единци што манифестираат тешкотии во адаптацијата и снаоѓањето во средината. Воспитувачите и учителите често се соочуваат со вакви проблеми. Затоа својата педагошка работа ја усмеруваат кон надополнување на празнините, корегирање на недостатоците во воспитувањето, социјализацијата, адаптацијата и активирањето во групата и средината.

## ОСНОВНИ КОМПОНЕНТИ НА ПОДГОТВЕНОСТА НА ДЕЦАТА ЗА ПОАЃАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ

Современото гледање за зрелоста на детето за поаѓање на училиште, ги надополнува ставовите и мислењата на спомenатите и другите теоретичари, така што на процесот на созревањето, активноста и учењето се гледа како на сложен и интегрален процес на развитокот на личноста на детето. Созревањето како процес и развивање на физичките и психичките функции на детето е претежно резултат на внатрешните органски промени, иако е тешко да се установи кој од овие активности што ги манифестира детето се резултат на созревањето, а кои проеизвод на вежбањето и учењето, бидејки овие компоненти во развитокот на детето тесно се надополнуваат. Така на пример: Детето треба да има извесен степен на зрелост за да проодил. Меѓутоа, напоредно со проодувањето, преку вежбање и учење, тоа се оспособува за правилно одење. Истата поврзаност на приведените компоненти јасно се уочува кај говорот на детето. Откако тоа ќе достигне извесна зрелост за појава на говорот, со вежбање, учење и активирање, детето се оспобобува за правилно комуницирање. Ваквата сложеност и поврзаност на созревањето, активноста и учењето е основа врз која се темелат и се развиваат и многу посложени функции на детето, преку кои тоа ја спознава

околината до она мерка, до која му овозможува достигнатиот степен на зрелост. Од друга страна, познати се многубројни експериментирања, чии резултаи покажуваат дека се некорисни вежбањата за определени активности кај децата, за кои тие не достигнале потребен степен на зрелост. Наспроти тоа, ваквото вежбање има негативни последици во натамошниот развиток на детето,особено губењето интересот на детето за таа активност, создавање негативни чувства и др.

Меѓутоа, потребно е да се знае дека постојат сериозни причини што укажуваат дека не смееме да го запоставуваме учењето за сметка на созревањето, зашто во раното детство и предучилишната возраст постојат оптимални можности за развивање на детето и неговото богатење со определени претстави и поими,кои, ако се запостават, ќе доведат до осиромашување на развојните можности на личноста, што подоцна тешко се надополнуваат. Затоа е потребно воспитната дејност да го поттикнува развојот и созревањето на детето. Оттука организираниот престој и воспитувањето на децата во предучилишните установи има силно влијание детето навреме да ја достигне својата физичка и интелектуална развиеност, емоционалната и социјалната зрелост и заинтересираноста за училиштето и училишните обврски.

Втората основна компонента што го обезбедува успешното унапредување на детето во образовниот процес е подготвеноста за училиште. Подготвеноста на детето за училиште ја сочинуваат повеќе компоненти: добивање определен квантум на знаења за природата што го опкружува, разликување на предметите според обликите, боите, големината и др.;потоа добивање определени поими за непосредната општествена средина и основните елементарни норми за однесувањето на луѓето меѓу себе во обезбедувањето во животните потреби и во работата. Сето тоа претставува основа што ќе овозможи детето да ја развива наставната материја и да го надоградува новото наставно градиво на порано добиените знаења. Во тој дух советскиот психолог Л.А. Венгер го дефинира овој поим како развиеност на физичките, умствените, моралните, естетските и творечките способности.

Според тоа при разработката на прашањето за готовноста на детето за училиште нужно е, пред се, да се задржиме на зрелоста и подготвеноста на детето како интегрални целини во неговиот физички, интелектуален и социјално -емоционален развиток.

## ФИЗИЧКАТА ЗРЕЛОСТ И ПОДГОТВЕНОСТА

Физичката зрелост и подготвеноста на детето за запишување на училиште, значи дека тоа поседува определена сила и издржливост, доволно адекватни за да го овозможат неговото подолго активирање во наставно- воспитниот процес и во другите училишни и вонучилишни активности.Меѓутоа, физичкиот развој на децата не е рамномерен и идентичен за сите, туку напротив, секое дете има свој индивидуален напредок во етапите на развитокот. Во прилог на тоа ќе ја наведеме мислата на Аркин, кој вели дека фазите на животот се камен темелник или етапи на развитокот на човечкото суштество. Временските граници, во кои се одвива секоја возраст, вели понатаму Аркин, не треба да се земаат како точна граница, бидејќи постојат индивидуални разлики, што не треба да се воопштуваат, или подобро речено,како што во природата нема определени граници кога настанува пролетта, така и во детскиот развиток не постои строга граница кога завршува раното детство и кога започнува предучилишната возраст. Оттука произлегува и сознанието дека во развитокот на детето се определени како ориентациони, кој се карактеризираат со одделни заеднички особености во развитокот на децата. Во таа смисла треба да се имаат предвид и индивидуалните отстапувања на децата

(во позитивна или негативна смисла) во физичкиот развиток. Телесната развиеност на предучилишното дете и пропорциите на неговата физичка структура многу се разликуваат од детето на училишната возраст. Детето, кое започнува да оди на училиште, се карактеризира со релативно намален однос на главата и телото, проширени рамена, издолжување на нозете, како и значајно повисок степен на скостеност, што придонесува за поголема стабилност на идниот ученик. Заедно со тоа се развива и јакне мускулатурата, посебно ситната, која што преставува основа за совладување на определен напор во изведувањето на наставата и другите активности. Детето ученик наеднаш се сретнува со низа обврски што ги поставува образовно-воспитниот процес, како што се: станување во определено време, самостојност во подготвувањето за училиште, совладување на извесна оддалеченост до училиштето, издржливост за време на часовите, извршување на задачите што ги поставува наставата (пишување, цртање, обликување), изготвување на домашните задачи и сл. Приведените обврски и задачи детето е должно да ги исполнува секојдневно и навреме, а за тоа е потребна и определена енергија. Оттука поаѓањето на училиште се смета за голема пресвртница во животот на детето.

Големото мнозинство деца, под грижата и економската можност на родителите, имаат максимум нега и исхрана за нормален и непречен физички развиток, а уште поголем е бројот на оние деца,кои немале потешки заболувања во раното детство и предучилишниот период, па според тоа и нивниот психички развиток напредувал врз здрава основа. Но има и такви деца кои прележале потешки заболувања или со својата болежлива природа немале можност за нормален психички развиток.

Оттука, ако сакаме зрелоста на детето за посетување на училиште да ја поставиме на педагошки аспект, анализирајќи го неговиот физички развиток ја согледуваме основата за развојот и на другите способности. Затоа не се поставува само прашањето децата да бидат бездруго прегледани од лекар при запишувањето во училиште, а посебно кога се настојува да се определи зрелоста за предвремено запишување за училиште, туку да се добијат податоци, како детето физички се развивало во раното детство и во предучилишната возраст и колку индивидуалната положба на физичкиот развиток влијаела на интелектуалниот развиток и развитокот на другите страни на личноста. Во прилог на тоа зборува и податокот дека при испитувањата се вршени во нашата дијагностичка практика за запишување на децата во училиште, се констатира дека оние деца,кои

имале пречки во физичкиот развиток, како и оние, кои подолго време биле стационирани во здравствени установи заради корекција на физичките нарушувања (коскозглобни заболувања и др.) покажа дека овие деца отстапуваат во давањето точни одговори на тестовите за зрелост и подготвеност за училиште од нормалната популација, макар што интелектуално не заостануваат, а и здравствената состојба во подоцнежниот развиток била нормализирана.

Нормалниот физички развиток на децата во раната и предучилишна возраст има пресудно значење за целокупниот натамошен развиток. Појавата на говорот и другите интелектуални функции се темелат врз физичкиот напредок и детскиот организам. Раното проодување на детето го шири кругот на можностите за перцепирање на различни предмети, што пак му овозможува да го шири својот фонд на претстави и ги задоволува неговите интереси. Нормалниот развиток на моториката му овозможува на детето активирање во домот и околината, преку кои тоа ја запознава стварноста што го опкружува и ги развива неговите способности за делување и комуницирање. Физичката кондиција на детето порано да се најде со своите врсници претставува, исто така, голема предност во целокупниот негов натамошен развиток.

Меѓутоа, не треба да се испушти од предвид, дека како физичкиот така и интелектуалниот развиток на детето напредуваат во определени фази и законитости, па оттука на нормалниот физички развиток на детето гледаме само како на една од компонентите што обезбедува зрелост и подготвеност за училиште.

УМСТВЕНАТА ЗРЕЛОСТ И ПОДГОТВЕНОСТА

Напоредно со физичкиот развиток на детето се развиваат и неговите интелектуални способности. Нормалниот развиток на говорот во изминатите фази од развитокот на детето е од големо значење за неговото подготвување за училиште и за натамошното школување во основното училиште. Говорот кај децата се развива според еден модул што е речиси истоветен кај сите деца. Без оглед на јазикот, тие на ист начин учат да зборуваат. Додека, пак, темпото, со кое се совладува говорната вештина, зависи од физичката и интелектуалната развиеност на детето и од говорната стимулација што ја добива од околината.

Испитувањата што се вршени кај нас за подготвеноста на децата за запишување во I одделение, покажуваат дека помал број деца имаат сиромашен речник и аграматичен говор, иако интелектуално не заостануваат. Тоа се должи на слабата домашна стимулација на говорните вештини, а посебно на слабата стимулација на појавата и развитокот на социјалниот говор кај децата се карактеризира по 3-та година од животот, кога се поставени социјалните контакти меѓу детето и неговата општествена средина. Постепено со ширењето на контактите со другите и со јакнењето на желбата

на детето да стане член на некоја социјална група,тоа започнува се повеќе да се служи со говорот како социјално оружје. Социјализираниот говор кај предучилишното дете има тенденција на побрз развиток, богатење на јазичкиот лексикон и граматичко оформување. Во тој поглед секако кај децата може најмногу да придонесе посетувањето на предучилишната средина. Потребно е да ги спомнеме и особеностите на речникот на предучилишното дете, за да можетие и одделно да се стимулираат; тоа се: речникот за искажување на предметите,појавите и промените во природата. Имено, токму речникот не е усвоен во толкава мера, за да може детето течно и поврзано да ги искажува мислите, да ги опишува предметите и појавите и да раскажува на ниво во границите на возраста; речникот за бројки, за учтиво контактирање со другите во околината и посебно со постарите и непознатите и најпосле често среќаваме и таканаречен "таен јазик". Секако втората група особено на говорот кај децата не заостанува, бидејќи низ играта имаме широки можности за стимулирање, оформување и активирање.

Детето, кое што интелектуално напредува во процесот на созревањето и умствената активност, се оспособува да ги согледува (открива) поединостите на предметите и појавите што дотогаш биле испуштани, да

го концентрира вниманието и подолго да го задржи врз тие особености, со цел да ги разјасни и да ја открие врската меѓу поединостите што ги набљудува и целината што била порано распознаена и претставува негово искуство.

Способноста на интелектуалните функции за распознавање на околината во определен период од развитокот на детето ја соџинува неговата помала или поголема зрелост. Додека тоа во раното детство е интелектуално способно лобално да ги набљудува предметите и појавите во околината што го опкружува и врз нив да добива глобално искуство, предучилишното дете е веќе интелектуално зрело да анализира достапни ситуации и врз основа на поединостите да доаѓа до свои заклучоци. Детето во оваа возраст не ги одразува предметите во својата свест според нивниот облик и намена (топка како тркалезен предмет наменет за игра, јаболко, исто така, тркалезно што се јаде и т.н.), туку ги открива нивните квалитети:големина, облик, мирис, вкус, основна структура, поврзаност, потекло, намена и друго. Напредно со појавата и постепениот развиток на аналитичкото мислење, детето ги учи зборовите со кои се искажуваат поединостите на предметите и појавите и се оспособува за вербално соопштување на здобиените знаења и искуства. Од

друга страна, збогатениот фонд на речникот му овозможува на детето да го надополнува своето искуство за квалитетните особености на предметите преку вербалните соопштувања на другите. Низ тој процес постепено се одделува и се развива апстрактното мислење за сметка на конкретното мислење во ситуации. Созревањето на интелектуалните способности понатаму овозможува детето да мине од фаза аналитичко набљудување на предметите на анализирање на сликите на предметите и појавите, а потоа и способност за анализирање на искажани мисли и сл., и способност врз нив да изведува свои заклучоци. Оваа фаза во созревањето на детето е позната и како "возраст на прашања", која почнува во 3-та година од животот и нејзиниот врв го достигнува некаде до 7-та година.

Меѓутоа,колку детето ќе се оспособи за аналитичко поимање на околината и колку тоа ќе биде подготвено да се одели од непосредно конкретно набљудување на предметите и појавите за да дојде до определени искуства и знаења, ќе зависи од помошта што му се дава на тој план. Ако била задоволена детската љубопитност со доволно јасни и доволно образложени одговори на неговите поставувани прашања, ако родителите имаат доволно ширина во познавањата и ако

се расположени да го збогатат искуството на своето дете со достапно и стрпливо пренесување на просторно и временски оддалечени предмети и појави, тоа има објективна можност да ги развива своите способности за апстрактно запознавање на светот, поимно да се богати и интелектуално да созрева за откривање и освојување на нови посложени врски и односи меѓу предметите и појавите. Од друга страна, овој процес е во голема мера обусловен и помогнат од разновидни активности на детето во домот и околината. Доколку предметите со кои ракува детето (играчки, прибор, спортски предмети и сл.) се разновидни; доколку се шири кругот на колективот во кој соработува детето; доколку му се дава можност почесто да ја набљудува природата (градина, нива, шума, поток, река и др.) и околината (продавница, пазар, услужни занаети и др.); доколку детето посетува филмски и театарски претстави, музеи, зоолошка градина, изложби и други објекти, дотолку повеќе се шири и содржински се богати неговото животно искуство.

Макар што е доволно истакната потребата за организирање, активирање и стимулирање на интелектуалниот развиток на детето од страна на родителите и другите возрасни во домот, здобиените знаења, заедно со искуството на децата во играта и другите контакти

во животната средина не обезбедуваат поширока и поцелосна подготвеност на детето за училиште. Затоа, подготвувањето на децата за училиште во поширока смисла се реализира во предучилишните установи. Под грижата на доволно стручно подготвени кадри, низ достапни облици на работа и со помош на најразлични нагледни средства, детето во предучилишните установи го шири кругот со нови познавања за природата и предметите во неа: се запознава со промените во природата што ги носат годишните времиња и активната работа на човекот. Напоредно со поимното богатење, детето го шири својот речник и ја развива говорната вештина, со што се оспособува за активно учество во општествениот живот, во социјалната средина.

Во тој сложен процес на дејствување на повеќе фактори, детето интелектуално созрева и добива определен квантум на знаења. Интелектуалната зрелост на детето се манифестира низ зрелоста на одговорите што тоа ги дава. Имено, како тоа ги разбира прашањата, објаснувањата, раскажувањата и другите вербални соопштувања во контактирањето со другите; какви се неговите одговори- богатството на речникот, конструкцијата на одговорите; врз кои особености на предметите донесува заклучоци, каква е содржајноста на одговорите и друго, дава општ впечаток на интелектуалната зрелост на детето за поаѓање на училиште.

## СОЦИЈАЛНО- ЕМОЦИОНАЛНАТА ЗРЕЛОСТ И ПОДГОТВЕНОСТА

Социјално- емоционалната зрелост и подготвеноста за запишување на децата во училиште, претставува степен на усвоени социјални норми во поведението, со помош на кои тие го заземаат своето место во социјалната група.

Развивајќи се како социјално суштество, детето уште во раната возраст започнува да усвојува социјални вредности од средината што го окружува, а пред се, започнува да ги усвојува достапните социјални манифестации на родителите. Така, детето, покрај имитирањето на однесувањето на луѓето, го учи и усвојува говорот како средство за комуницирање во социјалната средина. Усвојувањето на говорот на детето му овозможува и да бара објаснување за определени постапки во социјалното поведение на возрасните. Токму во таа насока децата им поставуваат многубројни прашања на возрасните, кога сакаат да го разберат социјалниот живот и нормите во социјалното однесување. Учењето на приказните, бајките, игрите и др. отвораат безброј прашања, на кои децата бараат одговор.

Во процесот на растењето и поимното богатење, детето се стреми да ги усвои социјалните вред-

ности за активен живот во социјалната средина. Тоа осознание, дека поединецот е посигурен во заедница, го мотивира детето да ја прифати групата како поволна форма за игра, забава и соработка. Но во исто време детето се става во положба да ги мери, споредува и потврдува своите вредности со другите во групата. Оттука животот и активноста на детето во социјалната група има решавачко значење за неговата социјална адаптација.

Меѓутоа, различен е степенот до кој одделни деца ја манифестираат социјалната зрелост и подготвеност за активна работа во организирана социјална група, многу од нив се и популарни за поголем број деца и групи; други пак, со своето однесување во групата влијаат одбивно, поради што се слабо или воопшто или воопшто не се прифатени од другите членови на групата. Широки се границите на социјалната освоеност, на степенот на усвоеноста на поединецот во социјалната група и социјалната средина. Во тие граници среќаваме деца кои со својата популарност заземаат доминантно место во групата и се "ѕвезди" кои ја водат социјалната група. Наспроти нив, среќаваме деца кои не можат да се вклопат во групата и се самоизолираат или се изолирани од другите членови на групата.

Позната е Доловата скала на социјалната зрелост, со која за секоја година од развитокот на детето се дадени социјални вредности што треба тоа да ги манифестира при испитувањето. Социјалните вредности, односно норми во Доловата скала се поделени во повеќе категории:

- Општа самостојност на детето
- Самостојност во облекувањето
- Самостојност во јадењето
- Самостојност во управувањето со себе
- Комуницирање со околината
- Социјализација во потесна смисла (лични контакти и слично)
- Локомоција (движење)

Резултатите добиени при испитувањето на зрелоста според оваа скала го определуваат степенот на социјалната зрелост и подготвеност на детето за училиште.

Социјалната зрелост и подготвеноста на детето од старата предучилишна возраст ќе ја процениме според неговите општи способности за пријдување, соработување и натпреварување во социјалната средина. Како детето е прифатено од врсници во групата, каков

е неговиот однос кон другарчињата, како се обраќа кон постарите, неговата способност да соработува и извршува определени активности, како е неговиот однос кон активностите и неговото однесување спрема нормите и правилата што ги поставува социјалната средина, претставуваат мерила за согледување на социјалната подготвеност на детето за училиште. Децата што ги поседуваат приведените социјални вредности, имаат реални можности за успешно адаптирање и социјализирање во новата училишна средина.

Меѓутоа, кога се поставува прашањето за социјалната подготвеност на детето во определен период од неговиот развиток, потребно е да се истакне дека постојат многу фактори што влијаат за успешна социјализација, како што се: интелигенцијата, карактерните особености на детето, здобиените навики за самостојност во работата, здравствената состојба, предзнаењата, воспитувањето и др.

Децата со повисока интелигенција имале реални можности рано да ја усвојат говорната вештина и успешно да комуницираат со другите во домот и околината, а со тоа и да се здобиваат со нови знаења за предметите и појавите, за луѓето и работата. Во играта со своите врсници тие деца имаат предност,

бидејќи лесно ги усвојуваат правилата на играта, откриваат нови форми на игра и забава, пренесуваат кај другите деца нови ситуации и знаења, објаснуваат, дополнуваат и др., поради што стануваат популарни во социјалната група и најчесто ја водат групата.

Позитивните волјеви и карактерни особености кај детето претставуваат значајна основа за неговата успешна социјализација во социјалната средина. Секако волјата и карактерот не се манифестираат во оној вид како кај возрасните. За детето се недостапни и туѓи карактерни црти и интензитетот на волјата кај возрасните. Но сепак нивните први несигурни чекори, преку кои се манифестира истрајноста во работата и играта, ги сметаме за најважни етапи во развитокот на волјевите и карактерните особености на личноста. Како понатаму ќе јакнат и ќе се развиваат овие никулци на волјата и карактерот, одлучна улога има воспитувањето на детето, бидејќи од тие нејасни и често бесмислени копнежи во раното детство, со прабилно воспитување, се формираат волјата и карактерот на возрасниот човек. Во дијалектичкото единство на волјата и карактерот детето уште во предучилишната возраст има наклоност за самостојност во вршењето на дејностите. Меѓутоа, ако во раната и предучилишната

возраст не е воспитувана самостојноста кај детето во самопослужувањето и другите достапни активности, тоа ќе се најде пред многу тешкотии при неговиот премин во организирана средина, каква што е предучилишната установа и училиштето. Ваквото дете ќе има тешкотии и на образовен план, бидејќи ако кај него не се изведувани навики за самостојност во домашните активности и во играта, тешко ќе се изгради самостојност на мислењето.

Од друга страна,пак, активноста на детето во социјалната група многу зависи од неговата здравствена состојба. Здравите, емотивно стабилни деца претежно се добро расположени, лесно ги прифаќаат обврските што произлегуваат од активноста со другите во домот или во играта, активно соработуваат во социјалната средина и со тоа се во можност полесно да ги усвојат социјалните норми. Физичкото здравје и емотивната прифатеност на детето претставува темел за градење на социјалната атмосфера, што ќе овозможи да се развие правилен меѓу - себен однос на детето и другите членови во социјалната средина.

Зрелоста на детето во емоционален поглед, од друга страна, ја гледаме преку стабилноста на емотивните реакции и способноста тоа да ги контролира своите емотивни реакции: страв, лутина, плач и др. Покрај тоа,

зрело дете за училиште треба да ги поседува и повисоките чувства: чувство за одговорност,за интелектуалната работа, за истрајност во работата, за исполнителност на задачите, чувство за убаво во просторот, литературата и музиката и др. Оттука можеме да кажеме дека дете кое не е способно да ги контролира своите емоции и кај кое не се развиени повисоките чувства,емотивно не е подготвено за училиште. Поаѓањето на детето во училиште бара повисок степен на социјализација. Дете кое е повлечено, без доволно енергија, социјално дезинтересирано, станува незабележано или неприфатено од другите во одделението. Таквото дете е немирно,пати од чувство на помала вредност, поради што е несигурно и нема свое активно место во групата. Од друга страна, и екстровертираното, агресивното дете е исто така неприфатено од групата заради неусогласеноста на неговите дејствија со целите и задачите на колективот (групата).

Воспитувањето на детето на социјален план во предучилишниот период, треба да обезбеди негова соработка со другите деца во одделението и соработка со учителот; да обезбеди детето да се адаптира во училиштето без тешкотии, да ги прифати училишните норми и да ги исполнува барањата и задачите што ќе ги добива во наставната работа и другите училишни

активности. Оттука, воспитувањето на повисок степен на социјализација, заедно со изградените навики за културно однесување во социјалната средина, е најзначајна компонента за подготвеноста на детето за училиште.

Меѓутоа, подготвеноста на детето за училиште во смисла на здобиени знаења за природната и општествената стварност и човековиот труд, претставува посебна тема, којашто од своја страна го заокружува поимот што го опфаќа оваа материја. Несомнено е дека организираното општествено воспитување на децата, кое се изведува во предучилишните установи: градинки од чист тип, комбинирани или сезонски градинки и забавишта, има голема улога во прифаќањето, воспитувањето, образовањето и подготвувањето на децата за училиште.

## ИСПИТУВАЊЕ НА ПОДГОТВЕНОСТА НА ДЕЦАТА ЗА ПОАЃАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ

- Експериментална и контролна група -

Со завршувањето на експериментот во предучилишните установи -експерименталната група,и во семејствата -контролна група, пред запишувањето на децата во училиште,во согласност со проектот и програмираните задачи, се пристапи кон испитување на подготвеноста на децата за училиште.

Подготовките за спроведување на оваа задача (испитување) се базираа врз подлогата и искуството што го имавме на овој план, бидејќи и дотогаш непосредно вршевме испитување на предзнаењата на децата за училиште како потреба што ја диктираше практиката и ја применуваа одредени стручни служби и училишта.

Од друга страна, во интерес на поцелосното проучување на проблемот за поаѓање на децата за училиште, извршив и специјални подготвувања за одредување на сите аспекти на подготвеноста за поаѓање на училиште.

Како надворешен соработник на Медицинско- педагошкото советувалиште, сега Завод за ментално здравје, извршив и потребни консултации, со што беа

одредени постапките за медицинско- здравственото и психолошките мерења на групата како компоненти за согледување на: физичките, интелектуалните аспекти и способности на децата. Овие мерења се извршија со примена на стандардните тестови што се користеа во медицината, психологијата и педагогијата.

За испитувањата на предзнаењата на децата извршиб подготовки во смисла на избор на тестови на предзнаења за училишни почетници. Исто така беа извршени консултации со училишните педагози со сондирање на нивните искуства како и изготвување на тестовен материјал и примена на истиот.

Со извршените медицински и психолошки тестирања се добиени резултати кои покажуваат дека физичките и интелектуалните способности на децата се во границите на нормален просек, со исклучок на две деца, кои имаат пониски интелектуални способности и не се земени во групата. Според тоа може да се каже дека групата е хомогена во поглед на здравствената и интелектуалната основа на децата за поаѓање на училиште.

По извршените медицински и психолошки испитувања, беа извршени консултации со лекарите и другите стручни профили, кои учествуваа во испитувањето, при што беа разгледувани и реализирани најде-

ните состојби кај поединците, а исто така беа согледани и состојбите, кои подоцна ќе бидат земени при педагошкото испитување.

Со оглед на специфичноста на оваа студија, која исклучиво се задржува на подготвеноста на децата за поаѓање на училиште, иако располагав со поединечни медицински и психолошки испитувања, не се определив тој материјал посебно да го анализирам и презентирам во студијата, бидејќи сметам дека истиот зафаќа друга област, односно медицински и психолошки аспекти.

Педагошкото испитување беше вршено во следните области: говорно искажување и подготвување за говорно комуницирање, здобивање претстави и поими од природата и околината, здобиени математички претстави и поими, поведението на децата и социјалната подготвеност.

Култивирање на говорот

Култивирањето на говорот во смисла на подготвеност на слободно, лесно и течно искажување и комуницирање, како и степенот на изграденоста на говорот за возраста е согледан како општа импресија при испитувањето на децата од двете групи.

Во зависност од вклученоста на детето во

говорното искажување во семејството, средината, другарчињата, предучилишните установи, како и секој - дневното системно и планско реализирање на програмскиот материјал, односно до која мера му се помогнало на детето да ги развие говорните способности , откриени се различни степени на култивираноста на говорот на децата, што може да се види од следните табели:

Експериментална група

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изразит култивиран говор . . . . . | 25 |
| 2. | Добро култивиран говор . . . . . | 1o5 |
| 3. | Послабо култивиран говор . . . . . | 2o |
| | Вкупно: | 15o |

Контролна група

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изразит култивиран говор . . . . . | 8 |
| 2. | Добро култивиран говор . . . . . | 5o |
| 3. | Послаб култивиран говор . . . . . | 92 |
| | Вкупно: | 15o |

Како што може да се види од табеларниот преглед, степенот на култивираноста на говорот зависи од:

--Од говорните стимулации што ги добива детето во семејството, како резултат на степенот на говорната комуникација и културното ниво во семејст-

вото од една страна, а од друга страна од организираното водење и применување на адекватни воспитно-образовни средства за култивирање на говорната вештина.

- Од сето ова се констатира дека децата што посетувале предучилишни установи, процентуално постигнуваат повисок степен на комуникација на говорот во споредба со децата што не посетувале предучилишни установи.

Одделните случаи на деца, кои направо од семејствата доаѓаат во училиште,имаат,исто така, високо или добро култивиран говор. Тие деца припаѓаат на семејни средини во кои постои висок степен на изграденост на семејните говорно- комуникативни односи, што претставува база за култивирање на говорот на детето, независно од тоа што детето не било вклучено во предучилишна установа. Треба да се нагласи и тоа дека овие деца и со првото испитување при формирањето на групата, исто така покажува добар степен на говорното комуницирање. Меѓутоа, кај децата од експерименталната група постои значајно унапредување на резултатите во култивирањето на говорот, во споредба со првото испитување при формирањето на групата. Поголем број деца, кои со првото испитување

покажува слаба говорна развиеност, како резултат на системната и организираната работа во предучилишните установи достигнале повисок степен на култивираноста на говорот и воопшто во комуникацијата, што покажува дека организираното воспитување и образование дава поголем степен на култивираност на говорот, што претставува значаен прилог во подготвувањето на децата за училиште.

Вториот аспект- област на подготвувањето на децата за училиште од експерименталната група,што беше согледуван со ова проучување, ја зафаќаше областа на говорната вештина во смисла на правилно, течно, изразно и поврзано искажување на мислите на децата.

Познато е дека секое дете поседува индивидуален степен на развиток на говорната вештина,што ја условуваат повеќе фактори, како што се; вербалните способности, интелигенцијата и другите индивидуални особености на личноста од една страна, како и факторите на семејната средина и околина, организираната работа во предучилишните установи и сл. До кој степен ќе му се овозможи на детето правилно искажување и воспитување на говорот, многу зависи од индивидуалниот развој на говорот и воспитно- образовното влијание. Испитувањата на вештината на говорното искажување на децата од експерименталната и контролната група ги

ги дадоа следните резултати:

Експериментална група

| | |
|---|---|
| 1. Целосно и течно искажување . . . . . | 11о |
| 2. Добро искажување за возраста . . . . | 3о |
| 3. Послабо искажување за возраста . . . | 1о |
| Вкупно: | 15о |

Ако ги погледнеме показателите на табелата,ќе констатираме дека децата што посетуваат предучилишна установа постигнуваат висок степен на развиеност на говорната вештина. Тоа доаѓа оттаму што децата во предучилишните установи престојуваат подолго време и нивниот развиток и воспитување на говорот и говорното искажување е стимулирано, потпомогнато и контролирано од воспитниот и другиот персонал на предучилишната установа. Освен тоа, од испитувањата можеше да се види дека и забавиштата, како едногодишна форма на опфаќање на децата,исто така постигнуваат добри резултати во негувањето и изградувањето на говорната вештина кај децата. Одделните случаи, што и покрај посетувањето на предучилишните установи не покажале повисоки резултати на изграденост на говорната вештина, се констатира дека резултираат од индивидуалните разлики кај децата и од слабите домашни услови во стимулирањето и изградувањето на говорот.

За разлика од претходното испитување, децата од експерименталната група покажаа забележителен напредок во смисла на целосно правилно и течно искажување на реченичен говор, што покажува дека голема е улогата на организираното воспитување на говорот во предучилишните установи.

Контролна група

| | | |
|---|---|---|
| 1. Целосно и течно искажување | . . . . . | 5o |
| 2. Добро искажување за возраста | . . . . | 4o |
| 3. Послабо искажување за возраста | . . . | 6o |
| | Вкупно: | 15o |

Од табелата може да се види дека изграденоста во говорната вештина кај децата што не посетувале предучилишни установи е значително послаба. Имајќи предвид дека говорот кај овие деца е развиван и воспитуван исклучиво во семејните услови и влијанието на околината, индивидуалните достигнувања кај горе споменатите деца се наоѓа на ниво на условите и можностите што им се дадени во домашните услови. Тие деца, кои добивале подобри воспитни влијанија и стимулации во негувањето на говорната вештина, покажаа релативно добри резултати, додека поголемиот број деца, кои во семејните услови немале можности на системно и правилно воспитување на говорот,

значително заостануваат во развивањето и збогатувањето на говорната вештина.

Имајќи предвид дека детето е родено како говорник во светот, а течноста и целосното говорно искажување претставува основен елемент на подготвеноста на децата за следење на наставата во училиштето, односно не може да се очекува успех во учењето, ако децата не се оспособени правилно да одговараат на прашањата на наставникот, правилно не се искажуваат, да поставуваат прашања и слично. Затоа изнесените податоци покажуваат дека поголемиот број деца што не посетувале предучилишни установи, не достигнале доволен степен на изграденост на говорната вештина, зборува дека тие во училиштето стапуваат недоволно подготвени во една од основните сфери, од кои зависи успехот на детето во училиштето, односно учењето.

Иако со испитувањето не се имаше цел да се увиди и прикаже подготвеноста на децата во смисла на препознавање букви и слично, со испитувањето можеше да се констатира дека некои од децата во тој поглед спонтано постигнале позитивни резултати што може да се види од следното:

<u>Експериментална група</u>

| | |
|---|---|
| 1. Препознавање на буквите и нивното поврзување | 100 |
| 2. Делумно препознавање на буквите . . . . . | 40 |
| 3. Не препознаваат букви . . . . . . . . . | 10 |
| Вкупно: | 150 |

Наспроти тоа што беше уочено и дадено на знаење на воспитувачите да не вршат "подучување, како што може да се види од табелата, поголем број деца спонтано ги научиле буквите, а некои од нив се оспособиле и за поврзување. Оваа појава беше посебно проучена и анализирана, при што се утврди дека спонтаното описменување се јавило како резултат на интересот на децата за откривање на буквите како резултат на влијанието на сликовниците, телевизијата, желбата за подржавање на постарите деца во семејството, а понекогаш и преголемата амбиција на родителите за предвремено описменување, сфаќајќи го како "подготвување за училиште"

Контролна група

| | | |
|---|---|---|
| 1. Препознавање на буквите и поврзување | . . . . | 8о |
| 2. Делумно препознавање на буквите | . . . . | 5о |
| 3. Не препознаваат букви | . . . . . . . . . . . | 2о |
| | Вкупно: | 15о |

Изнесениот табеларен преглед покажува, дека децата, кои се воспитувале исклучиво во семејни услови и средини, покажуваат исто така добри резултати. Тоа доаѓа оттаму што родителите подготвеноста на децата за училиште ја согледуваат исклучиво преку буквалното подучување во изучувањето на буквите. Од разговорот со родителите можеше да се констатира дека извесен број родители на овие деца вршеле притисок врз децата за нивното описменување, што секако довело до препознавање, поврзување и пишување на белезите на одделни гласови.

## СТЕПЕН НА РАЗВИЕНОСТ НА МАТЕМАТИЧКИ ПРЕТСТАВИ И ПОИМИ

Познати се ставовите и дискусиите што се водени во педагошката теорија и практика по прашањето за елементите и содржините на математичката подготовка на предучилишното дете. Во конкретниот случај потребно е да се нагласи дека заеднички се сознанијата на стручњаците, дека на математичката подготовка не се гледа на оспособеност децата да се служат со формалните броеви и математичките операции, бидејќи ваквиот приод претставува вештачко "подучување" кое придонесува на развитокот на математичките способности и творечкото мислење, што доведува до губење на интерес за содржините од оваа област, а и не го потпомага стимулирањето и учењето во основното училиште.

Кога се зборува за можностите на предучилишното дете за математичките содржини, тогаш според мислењето на Жан Пијаже, се има предвид развојот на "логичките математички претстави и поими што ги одразуваат конкретните предмети и појави што им претходеле на формалните броеви".

Според тоа, предучилишното дете во процесот на организираната воспитно- образовна работа во предучилишните установи добива широки можности за

увидување и сознавање на квалитативните и квантитативните вредности на предметите и појавите, кои под раководство на воспитувачите плански и системно се разработуваат со адекватни форми, методи и средства, зависно од психо- физичките способности.

Поаѓајќи од ова сознание, при испитувањето на математичките претстави и поими кај децата од експерименталната и контролната група, не се имаше за цел формалната подготвеност , туку специфичностите и можностите на децата за уочување, увидување и утврдување на квалитативните и квантитативните особености на предметите како на пример: многу, малку, големо, мало, тркалезно , криво, кратко, долго, боја, форма, оддалеченост и сл.

Сето тоа покажува дека целта на експерименталната работа во предучилишните установи беше насочена кон разработување на одделни математички содржини што имаат за цел да ги развијат математичките способности кај децата. Во таа смисла И. Ивиќ, вели:"Математичките претстави, претставуваат предуслов за успешно сфаќање на математичките содржини и понатамошното развивање на математичките претстави и поими".[26]

Со извршеното тестирање на математичките предзнаења на децата што се предмет на ова истражување, добиени се следните резултати:

26) Иван Ивић: Могућности предшколског детета за учење елемената математике
Предшколско дете бр. 2 1971, стр. 125

Експериментална група

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поседуваат добри математички претстави и поими | 5о |
| 2. | Поседуваат послаби математич.претстави и поими | 84 |
| 3. | Недоволно -здобиени математички претстави и поими | 16 |
| | Вкупно: | 15о |

Како што може да се види од добиените податоци, околу 90% од децата што посетувале предучилишни установи покажуваат добри резултати во совладувањето на математичките претстави и поими, додека само 10% од испитаните, и покрај секодневната воспитно- образовна работа во предучилишните установи, се запишуваат со слаби математички претстави и поими.

"Предшколско дете" бр.2/71 стр.125

Анализирајќи ја оваа појава од бележниците и дневниците во предучилишните установи, дојдовме до показатели кои зборуваат дека овие деца им припаѓаат на семејства со пониско образовно ниво и други семејни проблеми, кои не даваат можности за стимулирање и развивање на математичките способности, односно не овозможуваат поврзаност и заедничко делување на домашното и институционалното воспитување.

Контролна група

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поседуваат добри математички претстави и поими | 12 |
| 2. | Поседуваат послаби математич.претстави и поими | 41 |
| 3. | Недовол.здобиени математички претстави и поими | 97 |
| | Вкупно: | 15о |

Овие показатели на испитаниците од контролната група доволно јасно зборуваат дека формирањето на математичките претстави и поими не може да се постигне без системна и организирана работа во предучилишните установи. Тоа доаѓа оттаму што во семејните услови, родителите не можат правилно да ги упатат и канализираат, а згора на сето тоа, воспитната работа не се изведува системно и континуирано, што е особено значајно за формирањето на математичките претстави и поими.

Податокот од 65% на децата од контролната група, кои не посетувале предучилишни установи, кои се неподготвени во однос на математичките претстави,поими и способности, зборува дека домашното -семејно делување и воспитување не може да ги задоволи потребите на детето во развитокот, посебно во подготвувањето за училиште, од причини што семејството во услови на неговото раслојување, вработеноста на мајката и другите промени што настануваат со индустриската и технолошката револуција,

не може да одговори на барањата на современото воспитување и образование, што ги поставува нашето социјалистичко самоуправно воспитување.

Анализирајќи ги резултатите од експериментот на експерименталната и контролната група, како и сознанијата за математиката, како посложена и апстрактна содржина, можеше да се констатира дека наспроти сложеноста преку програмската поставеност, стручната и системска работа, се добиваат успешни резултати кај децата во смисла на изградување и формирање на математичките способности, и здобивање на потребни претстави и поими како предуслов и основа на детето со поаѓањето на училиште успешно да се вклопи и активира во процесот на наставата, односно да ги надополнува и надоградува претставите и поимите од оваа област.

Од друга страна, може слободно да се каже, дека неуспехот на децата во голема мера се должи и на недоволната упатеност и подготвеност. Покрај изнесените констатации, може да се каже дека организираната воспитно- образовна дејност со децата во предучилишните установи според развивањето на математичките претстави и поими, успешно влијаела и врз развитокот на логичното и творечкото мислење.

## ЗДОБИЕНИ ПРЕТСТАВИ И ПОИМИ И ПРЕДЗНАЕЊЕ ОД ПРИРОДАТА И ОКОЛИНАТА

Природата и околината како непосреден извор на сознавање на светот и околината,за децата има големо значење. Тоа доаѓа оттаму што детето во непосредните контакти со предметите, појавите и настаните се здобива со мноштво разновидни претстави и поими, кои претставуваат основа за понатамошното самостојно сознавање и формирање на правилен поглед на свет.

Меѓутоа, познат е фактот дека децата од оваа возраст со својата љубопитност покажуваат интерес за светот околу нив, но не се способни сами да ги откриваат квалитативните , квантитативните, врските за природата и околината што ги окружува,заради што упатуваат голем број прашања до родителите и другите возрасни. Овој факт сам по себе доволно зборува дека на децата од предучилишна возраст им е потребна помош за осознавање на повеќе појави,врски и односи. Погрешно е мислењето дека детето ги сознава овие предмети и поими со кои доаѓа во допир само. Детето може да ги види, но сепак не може да се здобие со претстави и знаење за нивните карактеристики како и врските помеѓу едните и другите.

Меѓутоа, преку организираната воспитно-образовна работа на децата им се даваат јасни и поврзани претстави за формирањето и запознавањето со природата и околината и негувањето на научниот поглед на свет.

Имајќи го предвид организирањето на експерименталната група, како и консултациите со воспитувачите и раководителите на предучилишните установи, беше поставена ориентација за широко запознавање на децата со природата и околината на воспитно- образовните содржини и организирано водење и запознавање со секојдневните потреби и настани во средината и денешницата.

Во текот на експериментот, беа изведени повеќе консултации и разговори за методите,постапките на воспитно -образовната работа, користењето на средствата, формите на работа и други слични напаствија и објаснувања. Се констатира дека со помошта на воспитувачите целосно се реализира воспитно- образовната програма од запознавањето на природата и околината, како и другите програми.

Испитувањето на предзнаењето на децата од оваа област беа вршени со помош на тестовите кои редовно се применувани при запишувањето на децата за училиште, при што се добиени следните резултати:

Експериментална група

1. Поседуваат добри претстави, поими и знаења од областа на природата и околината . . . . . 82
2. Поседуваат послаби претстави, поими и знаења од областа на природата и околината . . . . 52
3. Недоволни претстави, поими и знаења од областа на природата и околината . . . . . 16

Вкупно: 150

Од изнесените показатели може да се види дека преку секојдневната организирана работа и реализацијата на содржините на природата и околината, околу 90% од децата добиваат целосни релативно добри резултати, поими и знаења во подготвувањето за училиште од оваа област. Исто така треба да се напомене дека предучилишните установи со својата кадровска и организациона поставеност, овозможуваат целосна и добра реализација на воспитно- образовната работа што дава можност за надоврзување, појаснување и насочување на претставите, поимите и знаењата во семејството, околината и за поттикнување и будење на нов интерес кај децата за понатамошно сознавање и откривање на природата и околината.

Секако децата што живеат во поволни семејни услови и повисоко културни ниво, каде имаат

можност заедно со родителите да ги посетуваат културните и историските знаменитости и институции и почесто се водат во природа (подалечна и поблиска),експериментот покажува дека организираното воспитување и образование во предучилишните установи постигнува мошне добри резултати од запознавањето на природата и околинатата. Меѓутоа, како што може да се види од податоците,извесен број деца, наспроти успешно изведената стручна работа во предучилишните установи, не ги дадоа очекуваните резултати. Тоа доаѓа оттаму што овие деца од предучилишните установи дошле со минимум основи на здобиени претстави од оваа област, од една страна , и послаба помош и стимулација на родителите и другите неповолности во семејните услови, кои не овозможуваат поврзано и взаемно делување на двата фактора во предучилишниот период во развитокот и воспитувањето на децата.

<u>Контролна група</u>

1. Поседуваат добри претстави, поими и знаења од областа на природата и околината . . . . . 17
2. Поседуваат послаби претстави,поими и знаења од областа на природата и околината . . . 41
3. Поседуваат неповолни претстави,поими и знаења од областа на природата и околината 92

Вкупно: 15o

Од добиените податоци јасно се гледа дека децата од контролната група, преку 60% се запишуваат во училиште без доволно здобиени основи од запознавање на природата и околината, што претставува голема пречка за нивното успешно вклучување во наставата и следењето на наставната содржина од оваа област. Ако ги анализираме поединечните одговори, ќе констатираме дека овие деца се појмовно посиромашни, нивните предзнаења се нецелосни, а исто така се и со неправилен поглед на свет, што доаѓа како резултат на влијанието на стихијното домашно воспитување од различни семејни средини, каде преовладува традиционалното сфаќање и предрасуди. Секако ваквото погрешно воспитување ќе бара посебна педагошка работа на наставниците во училиштето за корегирање на погрешно добиените претстави и за надополнување празнините, како и правилно насочување на понатамошните знаења и умеења од природата и околината.

Карактеристичен е податокот дека дури децата и од релативно поволните средини, како резултат на вработеноста на родителите и нивната ангажираност во јавниот и општествениот живот, поголемата отсутност на родителите од семејството и сл., исто така покажаа послаби резултати на тестовите од оваа област. Тоа уште еднаш го потврдува фактот дека не се доволно само

материјалните услови, туку развојот на детето и неговото подготвување за училиште бара сестрана ангажираност на родителите, воспитувачите и другите општествени фактори.

Општите констатации, кои се добиени преку сумирањето на резултатите од тестирањето за подготвеноста на децата во запознавањето на природата и околината, покажуваат дека семејството,само, дури и со обезбедени услови и ангажираност на родителите,не обезбедуваа целосно формирање на претставите, поимите и способностите на децата во запознавањето со природата и околината.

Од друга страна, пак, голем е бројот на семејствата кои од повеќе причини не ја исполнуваат својата функција во оспособувањето на децата за откривање на светот што ги окружува во смислено и правилно запознавање со предметите и појавите и во збогатувањето фондот на претставите и поимите, што претставува сигурна основа на подготвеноста на детето за поаѓање во училиште.

Наспроти ова, добиените резултати од организираната и системна работа со децата во предучилишните установи покажуваат дека успешно се отстрануваат слабостите на домашното воспитување, се надополнуваат празнините и предзнаењата на децата и им се дава

широко поле на сознавање и здобивање претстави и поими, што овозможува успешно вклучување во наставата и постепено осамостојување во учењето.

Сумирајќи ги напред изнесените резултати за подготвеноста на децата за училиште од напред наведените содржини на воспитно- образовната работа: негување на говорот, развивање на математичките претстави и поими, запознавање на природата и околината и сл.,на децата што посетувале и не посетувале предучилишни установи, може да се констатира дека во сите наведени области повисоки резултати се добиени кај децата од експерименталната група, односно децата што посетувале предучилишни установи. Поединечните резултати кај децата што посетувале предучилишни установи се различни и разликите се во корелација со нивото на интелектуалните способности, со степенот на предзнаењата, претставите, поимите и искуствата при запишувањето во предучилишната установа и разликите во домашните услови, пред се, разликите на културното и образовното ниво на родителите, како и нивната готовност на соработка со предучилишната установа.

Од друга страна постигнатите резултати што го покажуваат и манифестираат децата што не посетувале предучилишни установи, се во склад со разликите на семејните услови и разликите на интелектуалните способности на децата.

Меѓутоа, општиот повисок степен на подготвеноста на децата од експерименталната група е резултат на организираната системна работа во предучилишните установи, под раководство на стручно способен кадар,кој применува адекватни форми, методи, постапки и средства на воспитно- образовен план. Според тоа, можеме да кажеме дека предучилишниот период е познат како мошне чувствителен и критичен период во развитокот и формирањето личноста на детето."Zatoa organiziranoto prifakjanje i vodenje na deteto e od posebna važnost i značenje za razvitokot, vospituvanjeto i obrazovanieto"[1].

Овие зборови јасно укажуваат дека предучилишниот период е значаен и пресуден и за интелектуалниот развиток,дека интервенцијата во текот на овој период има трајни позитивни влијанија во понатамошното формирање на децата. Секако со овие констатации не се има за цел да се дадат конечни судови и дефиниции за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште, бидејќи проектот на експериментот продолжува и во I одделение во основното училиште, каде дефинитивно ќе се сумираат резултатите на успехот, поведението, акаптираноста и воопшто како предучилишните установи се трансформирале во подготвувањето на децата за училиште и постигнувањето подобри резултати во наставата и учењето.

---

[1] D.Elkainid - Teorijata na predučilišnoto vospituvanje "Predškolsko dete"-Br.4/ 76 str.3o9

# ПОДГОТВЕНОСТА НА ДЕЦАТА И ПОСТИГНАТИОТ УСПЕХ ВО I ОДДЕЛЕНИЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Прва скала во системот на образованието и воспитанието е I одделение кое претставува пресвртво животот на детето како организационо содржинска дејност, својата работа ја темели и надоврзува на здобиените предзнаења и искуства во предучилишната возраст, односно во предучилишните институции.

Затоа и резултатите што ги постигнува детето во наставата од I одделение и понатаму се тесно поврзани и зависни од достигнатиот степен на развиеност на способностите на детето и неговата подготвеност во предучилишниот период, односно до која мера детето добило можност да биде опфатено и вклучено со организирано општествено и институционално предучилишно воспитување и подготвување за училиште. Имајќи ги предвид изнесените елементи во студиското проучување што го опфаќа овој труд, покрај другото, се постави за цел да се изврши согледување, анализирање и споредување на резултатите на децата од експерименталната и контролната група што ги постигнале во I одделение од основното училиште.

За таа цел извршени се и посебни подготовки:

1. Избор на тестовен материјал за испитување на училишните знаења на наставните содржини;

2. Изготвување на прашалници за редовноста, активноста, мотивираноста и однесувањето на учениците во наставата и училиштето;

3. Подготвување на интервју (разговор) за импресиите и мислењата на наставниците во поглед на разликите во учењето и снаоѓањето на децата што посетувале и не посетувале предучилишни установи;

4. Проверување на ученичката и училишната документација, како што се: писмени работи, работни тетратки, цртежи и успехот на ученикот во текот на годината;

5. Учеството и успехот во слободните ученички активности.

По извршената подготовка и испитувањето на знаењата на учениците постигнати во наставата од I одделение, во соработка со одделенските наставници и училишните педагози, добиени се следните резултати:

А. ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА ГРУПА

Децата од експериментот, кои се предмет на ова истражување, беа запишани во 7 основни училишта, од кои 5 во Скопје, 1 во Кочани и 1 во Прилеп.

По завршувањето на учебната година од извршената проверка на успехот на учениците добиени се

следните показатели:

Општ успех на учениците од I одделение- експериментална група, кои посетувале предучилишни установи

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични | . . . . . . . . | 1o5 |
| - Многу добри | . . . . . | 32 |
| - Добри | . . . . . . . . | 9 |
| - Доволни | . . . . . . . . | 4 |
| | Вкупно: | 15o |

УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ

Мајчин јазик

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Одлични | . . . . . . . . | 98 | 65% |
| - Многу добри | . . . . . | 32 | 22,3% |
| - Добри | . . . . . . . . | 14 | 9,3% |
| - Доволни | . . . . . . . . | 6 | 4% |
| | Вкупно: | 15o | |

Математика

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Одлични | . . . . . . . . | 86 | 57,3% |
| - Многу добри | . . . . . | 40 | 26,6% |
| - Дабри | . . . . . . . . | 19 | 12,6% |
| - Доволни | . . . . . . . . | 5 | 3,3% |
| | Вкупно: | 15o | |

Запознавање на природата и општеството

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Одлични | . . . . . . . . | 9o | 6o,1% |
| - Многу добри | . . . . . | 39 | 26 % |
| - Добри | . . . . . . . . | 15 | 1o % |
| --Доволни | . . . . . . . . | 6 | 4 % |
| | Вкупно: | 15o | |

Ликовно воспитување

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . | 1о4 | 7о% |
| - Многу добри . . . . . | 3о | 2о% |
| - Добри . . . . . . . . | 14 | 9,3% |
| -, Доволни . . . . . . . . | 2 | 1,3% |
| Вкупно: | 15о | |

Музичко воспитување

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . | 111 | 74% |
| - Многу добри . . . . . | 26 | 17,3% |
| - Добри . . . . . . . . | 10 | 6,6% |
| - Доволни . . . . . . . . | 3 | 2 % |
| Вкупно: | 15о | |

Физичко воспитување

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . | 11о | 73% |
| - Многу добри . . . . . | 29 | 19,3% |
| - Добри . . . . . . . . | 1о | 6,6% |
| - Доволни . . . . . . . . | 1 | 0,6% |
| Вкупно: | 15о | |

Како што се види од прегледот, средниот успех на децата од експерименталната група што посетувале предучилишни установи:

| | |
|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . . . | 99,33 |
| - Многу добри . . . . . . . | 32,7 |
| - Добри . . . . . . . . . . | 13,7 |
| - Доволни . . . . . . . . . | 3,67 |

Податокот добиен од прегледот доволно зборува дека околу две третини од испитаните ученици имаат одличен успех по предметите, а нешто помалку од една третина многу добар успех, односно минимален е процентот на децата што покажале добар и доволен успех.

По однос на интересот и самостојноста во учењето, иницијативата и истрајноста, добиени се показатели што покажуваат дека 94% самостојно и доследно ги извршуваат задачите во наставата и имаат поголема иницијатива во работата, а само 4%, односно вкупно 6 ученици покажуваат послаби резултати на овој план.

Едно од барањата што беа поставени при испитувањето на овие ученици се однесуваше за способноста за усно и писмено искажување. Од прегледот на ученичкиот материјал и резултатите на тестирањето се констатира дека 98% од учениците наполно ги задоволиле барањата на усното и писменото искажување, меѓутоа за усното искажување се добиени нешто подобри резултати.

Во поглед на адаптацијата во наставата и училишниот живот кај овие ученици не се јавени посебни тешкотии, бидејќи овие деца стапиле во училиште со

добра основа и искуства за заеднички колективен живот. Наспроти нив одделни ученици во текот на наставата манифестирале поголема слобода,што некои наставници ваквата појава ја означуваат како недисциплина, иако тоа може да се земе и како позитивна манифестација во социјалното однесување.

### Б. КОНТРОЛНА ГРУПА

Децата од контролната група беа земени од истите основни училишта што претходно беа спомената.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Основно училиште "Златко Тасевски | 26 |
| 2. | Јосип Броз Тито . . . . . . . . | 24 |
| 3. | Основно училиште "Ј.Х.Песталоци" | 9 |
| 4. | Основно училиште "В.Циривири". . | 10 |
| 5. | Основно училиште "К.Шапкаров". . | 25 |
| 6. | Основно училиште "М.Пијаде"Кочани | 21 |
| 7. | Основ.училиште "11 Октомври"Прилеп | 35 |
| | Вкупно: | 15о |

Заедничкото групирање на децата кои посетувале и не посетувале предучилишни установи како експериментална и контролна група, беше организирано со цел и двете групи ученици да следат настава на ист план и програма кои беа водени од исти наставници и со примена на исти форми,методи и средства во рамките на одделенијата.

Од друга страна се имаше за цел експерименталната и контролната група да се опсервираат во текот на експериментирањето од страна на наставниците и истражувачот за да може да се споредуваат способностите, знаењата, умеењата и вештините во процесот на учењето и реализирањето на наставните содржини и задачи, за да можат да се уочат разликите и сличностите на поведението, социјабилноста, дисциплината, интересот, мотивацијата, работните навики и сл..

Во тој контекс во индивидуални разлики на способностите и подготвеноста на децата во учењето се имаше за цел да се даде оценка точна за сличностите и разликите во подготвеноста на децата за училиште кои посетувале предучилишни установи и оние што не посетувале предучилишни установи.

За општиот успех на крајот од I-то одделение од основното училиште, од контролната група се добиени следните резултати:

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . . . . | 62 | 41% |
| - Многу добри . . . . . . . | 39 | 26% |
| - Добри . . . . . . . . . . | 36 | 24% |
| - Доволни . . . . . . . . . . | 10 | 7% |
| - Недоволни . . . . . . . . . | 3 | 2% |

Вкупно: 15o деца

Како што може да се види од прегледот, 33% од учениците што не посетувале предучилишни установи покажале добар, доволен и недоволен успех, што претставува 1/3 една третина од групата во споредба со експерименталната група на добри и доволни е за 24% поголем, бидејќи во експерименталната група само 9 ученици покажаа добар и доволен успех.

Од друга страна повисокиот успех на одлични и многу добри ученици е изразито поголем кај експерименталната група -деца што посетувале предучилишни установи со 87%, односно 1о5 ученици одлични и 32 ученици многу добри. Додека процентот на учениците со повисок степен -успех од контролната група -деца, што не посетувале предучилишни установи изнесува 67% со одличен, односно 62 ученика одлични и 39 многу добри.

## УСПЕХ ПО ПРЕДМЕТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД КОНТРОЛНАТА ГРУПА

### Мајчин јазик

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични | 56 | 37% |
| - Многу добри | 41 | 27,3% |
| - Добри | 36 | 24% |
| - Доволни | 14 | 9,3% |
| - Недоволни | 3 | 2% |
| Вкупно: | 15о деца | |

### Математика

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични | 58 | 39% |
| - Многу добри | 33 | 22% |
| - Добри | 39 | 26% |
| - Доволни | 16 | 1о,6% |
| - Недоволни | 4 | 2,6% |
| Вкупно: | 15о деца | |

### Запознавање на природата и општеството

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични | 59 | 39,9% |
| - Многу добри | 36 | 24% |
| - Добри | 38 | 25,3% |
| - Доволни | 13 | 8,9% |
| - Недоволни | 4 | 2,6% |
| Вкупно: | 15о деца | |

Ликовно воспитување

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . . . | 66 | 44% |
| - Многу добри . . . . . . . . | 45 | 30% |
| - Добри . . . . . . . . . . | 28 | 19% |
| - Доволни . . . . . . . . . . | 9 | 6% |
| - Недоволни . . . . . . . . . | 2 | 1,3% |
| Вкупно: | 15o деца | |

Музичко воспитување

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . . . | 7o | 46% |
| - Многу добри . . . . . . . | 45 | 30% |
| - Добри . . . . . . . . . . | 23 | 16% |
| - Доволни . . . . . . . . . | 9 | 6% |
| - Недоволни . . . . . . . . | 3 | 2% |
| Вкупно: | 15o деца | |

Физичко воспитување

| | | |
|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . . . . . | 78 | 52% |
| - Многу добри . . . . . . . | 43 | 29% |
| - Добри . . . . . . . . . . | 21 | 14% |
| - Доволни . . . . . . . . . | 7 | 4,6% |
| - Недоволни . . . . . . . . | 1 | 0,6% |
| Вкупно: | 15o деца | |

Од изнесениот преглед за успехот на учениците од контролната група -деца што не посету-

вале предучилишни установи, може да се види дека помал е бројот на учениците што постигнале одличен и многу добар успех, додека поголемиот број ученици постигнале среден и послаб успех. Така на пример,по мајчин јазик имаме 37% одлични ученици и 27% со многу добар успех што е релативно помал успех во споредба со експерименталната група -деца што посетувале предучилишна установа. Додека пак добри се 24% и доволни 9,3%,а недоволни 2%, што исто така е поголем процент во споредба со експерименталната група. Слични се резултатите и од другите наставни предмети што ќе ги дадеме споредбено.

Експериментална група — Контролна група

Мајчин јазик

| Експериментална група | | | Контролна група | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Одлични ....... | 98 | 65% | - Одлични . . . | 56 | 37% |
| - Многу добри . . . | 32 | 21% | - Многу добри | 41 | 27,3% |
| - Добри ....... | 14 | 9,3% | - Добри . . . | 36 | 24% |
| - Доволни ...... | 6 | 4,4% | - Доволни . . | 14 | 9,3% |
| - Недоволни . . . . | - | - | - Недоволни | 3 | 2% |
| Вкупно: | 15o деца | | Вкупно: | 15o деца | |

Математика

| Експериментална група | | | Контролна група | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Одлични ....... | 86 | 57,5% | - Одлични | 58 | 39% |
| - Многу добри .... | 4o | 26,6% | - Многу добри | 33 | 22% |
| - Добри ....... | 19 | 12,6% | - Добри | 39 | 26% |
| - Доволни ...... | 5 | 3,3% | - Доволни | 16 | 1o,4% |
| - Недоволни . . . . | - | - | - Недоволни | 4 | 2,6% |
| Вкупно: | 15o деца | | Вкупно: | 15o деца | |

| Експериментална група | | | Контролна група | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

## Запознавање на природата и општеството

| Експериментална група | | | Контролна група | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Одлични . . . . . | 9о | 6о% | -Одлични . . . . | 59 | 39,9% |
| - Многу добри . . . | 39 | 26% | -Многу добри | 36 | 24% |
| - Добри . . . . . | 15 | 10% | -Добри . . . . | 38 | 25,3% |
| - Доволни . . . . . | 6 | 4% | -Доволни . . . . | 13 | 8,2% |
| - Недоволни . . . . | - | - | -Недоволни . . . | 4 | 2,6% |
| Вкупно: | 15о деца | | Вкупно: | 15о деца | |

## Ликовно воспитување

| Експериментална група | | | Контролна група | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Одлични . . . . . | 1о4 | 70% | -Одлични . . . | 66 | 44% |
| - Многу добри . . . | 3о | 20% | -Многу добри | 45 | 30% |
| - Добри . . . . . | 14 | 9% | -Добри . . . | 28 | 19% |
| - Доволни . . . . | 2 | 1% | -Доволни . . | 9 | 6% |
| - Недоволни . . . | - | - | -Недоволни | 2 | 1% |
| Вкупно: | 15о деца | | Вкупно: | 15о деца | |

Експериментална група | Контролна група

## Музичко воспитување

| Експериментална група | | | Контролна група | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Одлични . . . . . . | 111 | 74% | - Одлични . . . | 70 | 46% |
| - Многу добри . . . | 26 | 15% | - Многу добри | 45 | 30% |
| - Добри . . . . . . | 10 | 6,6% | - Добри . . . | 23 | 16% |
| - Доволни . . . . | 3 | 2,1% | - Доволни . . . | 9 | 6% |
| - Недоволни . . . | - | - | - Недоволни . . | 3 | 2% |
| Вкупно: | 15o деца | | Вкупно: | 15o деца | |

## Физичко воспитување

| Експериментална група | | | Контролна група | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Одлични . . . . | 11o | 73,5% | - Одлични . . | 78 | 52% |
| - Многу добри . . | 29 | 19,3% | -Многу добри | 43 | 29% |
| - Добри . . . . | 1o | 6,6% | - Добри . . | 21 | 14% |
| - Доволни . . . . | 1 | o,6% | - Доволни | 7 | 4,4% |
| - Недоволни . . . | - | - | - Недоволни | 1 | o,6% |
| Вкупно: | 15o деца | | Вкупно: | 15o деца | |

Статистичката обработка на постигањата на испитаниците при запишувањето и на крајот од I-то одделение за улогата на предучилишните установи во подготвувањето на децата за училиште од различни семејни средини, ги даде следните резултати:

Со примената на тестот за училишни почетници при запишувањето на децата за училиште, разликите во: социјализацијата, преставно-појмовните сознанија, снаодливоста, говорното искажување, општата подготвеност и сл. беа забележителни кај децата од експерименталната група, односно што посетувале предучилишни установи, во споредба со контролната група, односно децата што направо доаѓаат во училиште од своите семејства. Впрочем ваквите сознанија во практиката на предучилишните установи и основните училишта, се повеќе се потврдуваат.

Со запишувањето на децата од експерименталната и контролната група во прво одделение се пристапи кон следење и пратење на развитокот и резултатите во учењето одделно за секое дете по предмети и групите како целини.

Со статистичкото мерење, извршено на крајот на I-то полугодие и на крајот на учебната година, добиени се следните резултати:

## ОПШТ УСПЕХ НА ДЕЦАТА (УЧЕНИЦИТЕ ВО I ОДДЕЛЕНИЕ)

| Експериментална група | | | Контролна група | |
|---|---|---|---|---|
| - Одлични | 1.05 | 70 % | 62 | 43,33% |
| - Многу добри | 32 | 21 % | 39 | 26,00% |
| - Добри | 9 | 6,% | 36 | 24,00% |
| - Доволни | 4 | 26,60% | 10 | 6,66% |
| - Недоволни | - | - | 3 | 2,00% |
| Вкупно: | 15o деца | | 15o деца | |

Како што може да се види од прегледот, најголемо отстапување на контролната група во споредба со експерименталната, се јавува во постигнувањето на максималните резултати изразени со одличен успех. Додека од вкупно 150 ученици од експерименталната група 105 или 70% постигнале одличен успех во прво одделение, а кај контролната група од 150 ученика одличен успех постигнале само 62 ученика или 43,33%. Од добиените резултати, исто така се гледа дека е голем бројот на децата од контролната група кои во наставата во I одделение, покажале добар и доволен успех, односно 36, или 24% добри и 10,6,66% доволен. Додека кај експерименталната група има 9 или 6% добри и 4 или2,66% доволни. Покрај изнесените податоци и резултати значајно се да се констатира дека од експерименталната групи нема ученици со не-

доволен успех, а од констролната 3 ученика имаат недоволен успех.

Средниот успех на експерименталната и контролната група на полугодието и крајот на учебната година изнесува:

| Групи | I полугодие | II полугодие |
|---|---|---|
| Експериментална | 4,25 | 4,52 |
| Контролна | 3,86 | 4,00 |

Резултатите на средниот успех на учениците (испитаници) покажува дека контролната група забележително заостанува во успехот, како на полугодието, така и на крајот на учебната година, што покажува дека наставата во I одделение може да ги елиминира разликите и ефектите на организираното институционално предучилишно воспитување и образование, како и подготвеноста за училиште.

Од примената на поттестовите и добиените вкупно бодови, статистички се обработени и е добиена М (аритметичка средина) СД (стандардна девијација) за експерименталната и контролната група.

| Експериментална | | Контролна | |
|---|---|---|---|
| М = | 28,47 | М = | 26,78 |
| СД | 5,69 | СД | 6,27 |

И овие показатели укажуваат на разликите во подготвеноста на децата за училиште, односно за улогата на предучилишните установи како системски и воспитно - образовни институции. Стандардната девијација кај контролната група е забележителна со 6,27 што произлегува од различниот социјален состав и различната подготвеност на децата за училиште.

Од сето ова произлегува дека разликите меѓу групите се значајни што го потврдуваат и статистичките обработки на добиените резултати.

<u>Наобразба на родителите (татко)</u>

| | Експер. | Контрол. |
|---|---|---|
| Висока стр.с. | 24, (16,00%) | 7, (4,66%) |
| Виша с.с. | 19, (12,66%) | 6, (4,00%) |
| Средна с.с. | 43, (28,66%) | 36, (24,00%) |
| Занаетчии | 11, ( 7,35%) | 25, (16,66%) |
| Со осмо одде л. | 32, (21,33%) | 56, (37,33%) |
| Непот.осн.образ. | 21, (14,00%) | 20, (13,33%) |
| | 150 (100%) | 150, (100%) |

<u>Наобразба на двата родители</u>

| | Експер. | Контрол. |
|---|---|---|
| Висока с.с. | 30, (10,00%) | 14, ( 4,66%) |
| Виша с.с. | 25, ( 8,33%) | 9, ( 3,00%) |
| Сред. с.с. | 99, (33,00%) | 71, (23,67%) |
| Занаетчии | 42, (14,00%) | 53, (17,67%) |
| Со осмо оддел. | 75, (25,00%) | 117, (39,00%) |
| Со непот.ос.об. | 29, ( 9,67%) | 36, (12,00%) |
| | 300 (100%) | 300 (100%) |

Социјалната структура на децата од експерименталната и контролната група, исто така е значајна компонента која не може да се занемари во статистичката обработка на резултатите. Врз основа на извршеното анкетирање за социјалната и образовната квалификациона структура на семејствата на децата од експерименталната и контролната група од изнесената табела може да заклучиме, дека децата што посетувале предучилишни установи повеќе се на родители со повисок образовен статус, односно имаат и подобри семејни, општи и посебни услови, а во едно и ги користат благодетите на организароното институционално предучилишно воспитување и образование, што не е случај со децата од контролната група.

# СОГЛЕДУВАЊА ЗА УСПЕХОТ НА ДЕЦАТА И УЧЕНИЦИТЕ ОД ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА И КОНТРОЛНАТА ГРУПА

Со обработката на податоците за постигнатиот успех на децата- ученици во I одделение, што се предмет на ова истражување и добиените резултати, можеше да се согледа следното:

- Постојат значајни разлики во успехот кај учениците што посетувале и учениците што не посетувале предучилишни установи. Тие разлики посебно се уочливи кај екстремните случаи, односно кај одличните ученици и учениците што покажале недоволен успех. Изразито е голем бројот на одлични ученици кај експерименталната група, додека помал е бројот на одлични ученици кај учениците од контролната група. Кај експерименталната група забележено е дека не постојат ученици со недоволен успех, додека кај контролната група се забележува постоење на недоволен успех речиси по сите наставни содржини.

Од добиените податоци, исто така, се согледува дека постои висока корелација со претходните резултати на испитувањето на децата при запишувањето во I одделение. Имено, оние деца кои покажале подобра подготвеност за поаѓање на училиштето, односно при уписот добиле повеќе поени со тестирањето и на крајот на

учебната година. Тоа покажува дека учениците од контролната група, кои не посетувале предучилишни установи,во текот на учебната година не успеаа да ги надополната претставите, поимите, како и предзнаењата што ги здобиле другите ученици со организираното, општествено институционалното предучилишно воспитување, што значи дека стратните разлики имале големо влијание за постигнување на поголем успех во учењето и совладувањето на наставното градиво.

- Анализирајќи ја ученичката документација за успехот на учениците по одредени наставни содржини во текот на годината како што се: писмените работи, работните тетратки, обработувањето на лектирите и сл., се констатира дека децата -ученици од експерименталната група, кои посетувале предучилишни установи, постигнале повисоки резултати во писменото искажување, односно во совладувањето на писменоста, во решавањето на математичките задачи и другите писмени работи, вежби и описи од природата и околината.

Сето ова покажува дека децата што се подготвувани и посетувале предучилишни установи постигнале повисок степен на самостојност во работата и повисоки способности за увидување, откривање, анализирање, опишување, поврщување и снаоѓање во решавањето на проблемите и задачите што ги добивале во изведувањето на наставата.

Неподготвеноста на контролната група, неизграденоста на нивните способности во оптимална мера, не увежбаноста на мислењето за активно и творечко снаоѓање и решавање на задачите, отсутноста на концентрацијата на вниманието, отсутноста на мотивиреноста, истрајноста и доследноста на активности на волјата,во извесна смисла се јавиле како причина на недоволна самостојност во решавањето на задачите и проблемите, писменото искажување и сл.

- Подготвеноста на децата во смисла на нивниот однос кон учењето, следењата на наставата и адаптирањето во училишниот живот, исто така покажува разлики кај децата -ученици што организирано се подготвувале и посетувале предучилишни установи и кај децата- ученици што направо доаѓаат од дома- семејството.

- Во текот на I одделение децата- учениците од експерименталната група немаа никакви тешкотии во адаптирањето и социјализирањето со другите ученици,така што тие лесно и без тешкотии ги прифатија нормите, задачите и задолженијата на училиштето, наставата и наставникот, што значи безболно и нечувствително е извршен преминот во училиштето. Наспроти нив, кај децата што не посетувале предучилишни установи, се забележени помали или поголеми потешкотии во адаптирањето и

социјализацијата, посебно во почетокот на учебната година, а кај еден дел од овие деца, и за целиот период во текот на учебната година во I одделение. Повлеченоста, пасивноста и другите слични манифестации, беа почесто забележани кај овие деца и од време навреме претставуваа сериозни пречки во совладувањето на градивото и во поведението.

Од податоците и разговорите со наставниците и другата ученичка документација, можеше да се согледа дека дисциплината, во смисла на интерес на ученик и творечкиот однос кон наставата, е значително на повисоко ниво кај децата што посетувале предучилишни установи. Извесни забелешки можат да се дадат на децаташто посетувале предучилишни установи. Тие се со послободно однесување на часовите, што не може да се земе за недисциплина, бидејќи тие со тоа не ја поременуваат наставата ниту односот со другите ученици. Напротив, нивното послободно однесување, според исказувањата на некои наставници, внело поголема живост и активност за творечко однесување и сознавање. Од друга страна, наставниците забележуваат дека кај учениците на крајот од учебната година,кои не посетувале предучилишни установи, дисциплината е различна. Некои ученици покажуваат правилен однос кон наставата и учењето

и имаат добро поведение, што е резултат на правилното семејно воспитување, додека други ученици покажуваат послаб однос во учењето и поведението. Послабата дисциплина се манифестира од пасивниот однос кон учењето, неизвршувањето на домашните задачи, реметењето на дисциплината на часовите, неодговорноста во извршувањето на училишните задачи, агресивноста кон другарите и сл. Сето тоа бара поголемо ангажирање на наставниците за правилно канализирање и упатување во учењето, извршувањето на училишните задачи, за да не би го пореметиле нормалното изведување на наставата. Според искажувањето на наставниците, послабата дисциплина на овие ученици имала директно влијание на нивниот послаб успех и на работата на одделението во целина.

- Заедничкиот живот на децата-учениците опфатени во предучилишните установи во голема мера придонело да се развие чувството на колективен заеднички живот, што успешно го манифестираат и изразуват во I одделение на основното училиште. Овие деца имаат развиено чувство и смисла за соработка,за групна работа, меѓусебно помагање во извршувањето на задачите и другите слични активности, што претставува позитивно јадро за формирањето на ученичкиот живот. Според мислењето на наставниците, одделенскиот колектив лесно

се формира во почетокот на учебната година, пред се, заради тоа што децата од експерименталната група дошле подготвнеи за колективен живот и заедничко однесување.

Индивидуалното воспитување на децата во различните семејни услови, што не посетувале предучилишни установи, создале различен однос за колективно однесување во одделението и училиштето. Во целина сите овие деца имаат тешкотии во прифаќањето на колективните норми, меѓутоа,некои ученици, благодарение на лошите семејни услови, покажале сериозни тешкотии во вклучувањето во колективниот живот на одделението. И покрај постојаната ангажираност на наставниците одреден број деца -ученици и до крајот на учебната година не постигнале задоволителни резултати на овој план.

- Смислата за соработка како колективна манифестација беше индивидуално застапена, меѓутоа, општа е констатацијата дека некои деца -ученици, кои посетувале предучилишни установи, максимално го развиле чувството на соработка, така што во I одделение покажале висок степен за соработка. Од друга страна, одреден број на деца- ученици, кои се развивале во дефицитарни семејни прилики, екстремно се слаби и не

покажуваат интерес и смисла за соработка. Дури со поголемата ангажираност на наставниците, во извесна смисла, согледани се изрази и манифестации на почетни резултати на соработка.

- Училишните норми на однесување (поведението) и учењето, не еднакво се извршувани од учениците. Децата од предучилишните установи, кои биле опфатени во организиран заеднички колективен живот, се однесувале позитивно во извршувањето на задачите и задолженијата, лесно ги прифаќале училишните норми и сл. Тоа доаѓа оттаму, што организацијата на животот и извршувањето на задачите и задолженијата во предучилишните установи се блиски на организацијата, задачите и задолженијата на училиштето. Според тоа висока е корелацијата на извршувањето на задачите и задолженијата во училиштето, во споредба со децата -учениците од контролната група што не посетувале предучилишни устаyови.

- Посебно место во анализирањето на поведението на децата- учениците што посетувале и непосетувале предучилишни установи заземаат и здобиените навики.

Од разговорите со наставниците, ученичката документација и другите податоци, согледано е дека уште со доаѓањето во I одделение, децата што посетувале предучилишни установи покажуваат висок степен на изграденост

на навики за лична хигиена, ученичкиот прибор, одржувањето хигиената на училницата, училиштето и навиките за правилно и културно однесување со наставниците, учениците; висок степен на изграденост на навики за правилно однесување на улица и други јавни и културни установи и сл. Работните навики како што се: истрајноста и доследноста, извршувањето на училишните задачи, домашните задачи, творештвото, самостојноста и др., беа мошне развиени кај децата што посетувале предучилишни установи. Наставниците едногласно укажуваат дека без поголемо нивно ангажирање и сосема лесно овие ученици се вклопиле во училишната средина и извршувањето на обврските.

Од друга страна, навиките кај децата- учениците кои направо доаѓаат во училиштето се различни. Кај некои од нив ,по влијание на домашното- семејно воспитување, создадени се подобри културни навики,за правилно однесување на часовите со врсните и наставниците, додека кај други, кои доаѓаат од пониски културни и семејни средини, покажаа лошо формирани навики за однесување во одделението, како и во поширока училишна средина.

Работните навики, исто така, се послаби. Мал е бројот на децата од контролната група кои покажаа добри работни навики.

Сето тоа, според искажувањето на наставниците, претставуваше сериозна пречка во извршувањето на ученичките задачи и обврски и постигнувањето на подобар успех, што бараше максимално ангажирање на наставниците за формирање на позитивни навики кај овие деца.

Децата што посетувале предучилишни установи имале можност организирано да учествуваат во повеќе слободни активности. Сето тоа придонесе кај нив да се развие интерес, смисла и љубов за членување и активно учество во различните слободни активности во одделението и училиштето како, на пример: музички, рециторски, драмски, фискултурни, ликовни и други слични активности. Според мислењето на наставниците овие деца доаѓаат сосема подготвени и со изразити желби за учество на слободните активности на училиштето, што придонесува за проширување живот во училиштето, го збогатуваат и омасовуваат, а со тоа се збогатуваат со пошироки знаења и умеења од различните сфери на образовно- културниот и спортско- забавниот живот.

Децата што доаѓаат направо од семејствата во училиштето и децата што немале можност организирано да учествуваат во различни слободни активности, не покажуваат интерес и смисла за членување и активно

учество во слободните активности во одделението и училиштето. Во таа смисла со поголемо ангажирање на наставниците, одреден број ученици подоцна во текот на учебната година, беа вклопени во одделни ученички активности.

Сето ова покажува дека голем е придонесот на организираното општествено институционално предучилишно воспитување во негувањето и будењето интере на детските активности

<u>Мислења на наставниците за работата на децата- учениците од експерименталната и контролната група во текот на годината.-</u>

По завршувањето на учебната година и извршеното испитување за постигнатите резултати во I-во одделение, според предвидувањата на проектот, беше побарано мислење на наставниците што ги воделе одделенијата на децата од експерименталната и контролната група за уочувањата, забелешките и проблемите со кои се среќавале во текот на наставата и учењето со цел да се види дали постојат разлики кај децата што посетувале и не посетувале предучилишни установи.

За таа цел се изготви прашалник во кој се бараше одговор за способностите на децата во

совладувањето на наставата, интересот за учење, навиките, претставно- појмовното богатење, адаптирањето, дисциплината, поведението и слично.

Од добиените одговори на прашалниците можеше да се заклучи дека сите наставници сметаат да децата што посетувале предучилишни установи се подобро подготвени за училиште и во тој поглед ги истакнуваат следните согледувања:

Децата што посетувале предучилишни установи, покажаа поголем фонд на претстави и поими за непосредната околина, домот, годишните времиња; полесно се вклучија во совладувањето на наставното градиво, покажа поголема концентрација на вниманието на часовите поголема мобилност, самостојност, и активност во увидување и разрешување на задачите и проблемите. Исто така, полесно ја совладуваа букварската настава што се должеше на претходното познавање на белезите на поедините гласови. Врз сето тоа наставниците, исто така, констатираат дека децата што посетувале предучилишни установи поседуваат поцелосни и заокружени знаења, умеења и навики.

Во прилог на горното наставниците позитивно се изразија и за говорното искажување за што велеја дека подобро се изразуваат- правилно и течно, литературно

и сл.; писменото искажување е подобро во формирањето на реченицаите, како на пример -содржајно, кратко, јасно и поврзано.

- Математичкото градиво подобро го совладуваат; математичкото мислење е логично и поврзано, покажуваат поголема активност и мобилност.

Имаат пошироки претстави за природата и околината, природните појави и настаните во општествената средина, што овозможува пореално уочување и увидување на објективната стварност за согледување на взаемно причинските односи и врски.

- Покрај спомнатите согледувања, наставниците истакнуваат дека кај овие деца (ученици) се забележува поголема самостојност, креативност, поразбиено творештво, цртежите се пореални, посодржајни и слично.

- Децата што посетувале предучилишни установи многу лесно се адаптираат во училишната средина, социјализацијата е постигната без потешкотии и пречки. Пошто се послободни во однесувањето во одделението и училиштето што не ја нарушува дисциплината, а однесувањето примерно е добро.

Сите овие одговори на наставниците покажуваат дека се задоволни со децата што посетувале

предучилишни установи, како во поглед на успехот, активноста и поведението и затоа со задоволство ги прифаќаат во училиштето, за што настојуваат од стручните служби на училиштето, да добијат поголем број деца што посетувале предучилишни установи.

Мислењата на наставниците за децата што не посетувале предучилишни установи во повеќе сфери е послабо, што може да се види од следните автентични одговори на наставниците:

- Учениците што не посетувале предучилишни установи, послабо се подготвени за училиште; потешко го совладуваат наставното градиво, што укажува на потребата на задолжително едногодишно посетување на предучилишна установа- забавиште и подготвување за училиште.

- Не поседуваат доволен број на претстави, поими и знаења за непосредната околина, предметите и појавите, како и растителниот и животинскиот свет.

- Говорното искажување е посиромашно, речникот исто така сиромашен, лошо формулираат реченици и се служат со провинцијализам, што во поголема мера ја отежнува работата и реализацијата на наставните содржини. Писменото искажување е површно и бегло и наидуваат на потешкотии, за што бараат помош од наставникот.

- Учениците што не посетувале предучилишни установи, не поседуваат доболен фонд на математички претстави и поими. Некои потешко уочуваат бои, недоволно се активни и со страв поминуваат на самостојна работа, не се вешти во повеќе активности за што бараат помош од наставникот што и како да работат.

- Повеќе од наставниците се едногласни во своите искажувања, дека децата што не посетувале предучилишни установи се послабо самоактивни во творечката работа, како и не поседуваат добар степен на изградени работни навики.

По однос на социјализацијата и адаптацијата на децата што не посетувале предучилишни установи, забележителни се некои разлики. Имено, некои потешко се социјализираат и адаптираат, додека пак други добро, макар што некои негативности тешко се корегираат и исправаат. Некои од наставниците се изјаснуваат дека кај одреден број деца се забележува повлеченост и не изразуваат смисла за соработка и натпреварување.

Во поглед на дисциплината, децата што не посетувале предучилишни установи во почетокот се мирни и дисциплинирани, ако не се насочат, склони се на попуштање и нарушување на редот, што може негативно

да влијае врз активноста на одделението.

Од добиените одговори од наставниците може да се види, дека децата што не посетувале предучилишни установи, не се доволно подготвени за училиште, што создаваат низа проблеми и потешкотии како во наставата така и во поведението. Ваквите потешкотии бараат поголемо ангажирање и индивидуално приоѓање, како и мотивирање на учениците во наставата.

Мислењата и согледувањата што ги дадоа наставниците за децата -ученици што доаѓаат во училиште од различни семејни структури, ги потврдуваат резултатите што се добиени со истражувањето на експерименталната и контролната група, дека организираното институционално предучилишно воспитување, со својата програмска организациона и кадровска поставеност, успешно влијаат врз подготвувањето на децата за училиште, следењето на наставата и нивната социјализација и адаптација.

## КОНСТАТАЦИИ ЗА ПОДГОТВЕНОСТА НА ДЕЦАТА ЗА ПОАЃАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ

Истражувањата на развојната психологија и предучилишна педагогија, потврдуваат дека периодот на развитокот на детето од предучилишната возраст дава вонредни можности за целокупниот развиток на детето. Извонредниот интензитет на растењето и созревањето , како и еластичноста на детскиот организам во овој период дава големи можности за воспитни влијанија,преку што се поставуваат основите на личноста и поведението на детето.

Истражувањата што се дадени во оваа студија недвосмислено докажуваат дека преку извршените следења и експериментирања на групите во текот на повеќегодишниот временски период на следење, дека институционалното предучилишно воспитувања и образование, игра пресудна улога во обезбедувањето на оптимален психофизички развиток на детето и неговото подготвување за поаѓање на училиште. Имено, со истражувањето се констатира дека другите форми на опфаќање на организирано општествено предучилишно воспитување и образование на децата имаат, исто така, големо значење за обезбедување на основни елементи на психо- физичкиот развиток, социјализацијата,,поведението и создавање на приближно еднакви стартни услови за поаѓање на училиште.

Од степенот до која мера се развиени одели форми на вонинституционалното воспитување на децата во смисла на организиран престој, кадровските и другите програмски услови, зависи какво е нивното влијание во севкупното остварување на целите и задачите на нашето Социјалистичко самоуправно општество.

Во јакнењето на општата физичка кондиција на детето, што ќе му овозможи со стапувањето на училиште да ги совладува физичките напори како што се:одење, пешачење до училиштето и назад, носење на училишниот прибор, седење подолго време на клупа, физичко напрегање во извршувањето на задачите и задолженијата, запознавање на околината со сетивните органи и,преку нив, вклучување во комуницирањето со околината и непосредната средина.

Предучилишните установи за разлика од семејствата со целокупната организациона, програмска и кадровска работа, овозможуваат нормален физички развиток. Меѓутоа, не само општа физичка подготвеност, туку од посебно значење е и создавањето на широки можности за специфични матурирања на детето во развивањето на сите сетивни органи.

Интелектуалниот развиток, како компонента на општата физичка развиеност и подготвеност на детето

за поаѓање на училиште со истражувањето, се согледа дека постигнува оптимален развиток ако со децата се работи плански, организирано и ако децата се водени од стручно квалификувани кадри со примена на адекватни форми, методи, средства и содржини.

Децата од предучилишните установи во споредба со децата од семејствата покажа повисок степен на изграденост на интелектуални способности, како што се: развивање на способности за визуелно и аудитивно дифиренцирање, развивање на способности за асоцирање, откривање на проблемските задачи и нивно решавање, способности за говорно искажување и комуницирање и сл.

Институционалното предучилишно воспитување и образование со својата организациона, програмска и кадровска поставеност овозможуваат систематски и планско развивање и збогатување на децата со претстави, поими и знаења од областа на негувањето и култивирањето на говорот, математиката, запознавањето на природата и околината, физичкото, ликовното и музичкото воспитување и воопшто развивањето и култивирањето на творештвото.

Од студиското проучување, исто така, можеше да се констатира дека децата кои организирано

престојувале во предучилишна установа успешно ги разликуваат формите, големините, боите, вршат анализирање, синтетизирања и имаат поширoки познавања за непосредната околина, временските промени во природата и други слични сознанија што претставува основа за успешно вклучување во образовно- воспитниот процес во училиштето. Предучилишното воспитување и образование на децата опфатени во предучилишните установи, исто така, поволно влијае во развивањето на емоционално- социјалните доживувања и односи, а со тоа поволно се влијае врз емоционално- социјалната подготвеност. Покрај тоа, емоционално- социјалната подготвеност претставува интегрален дел на индивидуата на секое дете. Од емоционалната стабилност и подготвеност зависи вклучувањето на детето во групата, соработката, прифаќањето на врсниците и слично. Имајќи предвид дека развивањето на индивидуата на детето е долготраен процес, кој бара активен однос со секој поединец во групата и средината, потребно е посебен приод и посебно култивирање. Во спротивност може да се постигне емоционална нестабилност како, на пример, плашливост, повлеченост, несигурност, агресивност, недисциплинираност, одбојност и сл. можат да имат сериозни последици во адаптирањето, снаоѓањето и воопшто подготвувањето за училиште како и вклучувањето во процесот на наставата и учењето.

Во тој поглед емоционално- социјалната подготвеност многу зависи и од начинот и приодот на родителите и воспитувачите во секоја работа, Истра - жувањата потврдуваат дека децата што посетувале предучилишни установи, поседуваат поголем степен на развиеност на емоционална и социјална стабилност и адаптирање. Исто така, истажувањето потврдува дека децата што посетувале предучилишни установи добиваат широки основи за социјализирање и комуницирање, а исто така изразуваат поголема подготвеност за прифаќање и извршување на одредени задачи и задолженија. Една од компонентите за подготвувањето на децата за поаѓање на училиште и извршувањето на училишните задачи и обврски е развиеноста на моториката. Со истражувањето се дојде до сознание дека организираната работа со децата во предучилишните установи овозможува правилно развивање на моториката и правилна координација и движења на сетилните органи и рацете.

# З А К Л У Ч О К

Истражувањето на проблемот за улогата на предучилишните установи и подготвувањето на децата за училиште од различни семејни средини, се одвиваше според изработениот проект, кој од рецензентската комисија беше прифатен и позитивно оценет. Во истражувачката работа беа опфатени две групи на деца: експериментална и контролна. Нивниот развиток, воспитување и образование, беше следен една година во предучилишната возраст, односно предучилишна установа и една година во I одделение, односно во основното осумгодишно училиште.

Кај децата се извршени испитувања и тоа:

- Пред поаѓање во предучилишна установа;
- Испитување при запишување во I одделение;
- Испитување на крајот од I одделение.

Контролната група е испитувана при уписот во I одделение и на крајот од I одделение.

Резултатите се статистички обработувани, а децата кои во текот на испитувањето беа попречени од објективни причини, не беа земени предвид во понатамошното испитување, како и оние деца што покажаа изразито слаби интелектуални способности.

Експериментот беше изведен на подрачјето

на СР Македонија, при што беа земени централни градски подрачја, развиени и неразвиени подрачја,односно Скопје со околината, Прилеп со околината и Кочани со околината.

- Во текот на подготовката и изведувањето на истражувањето беа давани одредени конкретни упатства и објаснувања за доследно и целосно изведување на експериментот.

Имајќи ја предвид целокупната замислена подготвеност и реализација, сметам дека експериментот целосно и успешно е изведен, а резултатите добиени од изведувањето на експериментот се веродостојни и можат да се користат како стручно, научни резултати и заклучоци.

Согледувајќи ја актуелноста на проблемот за улогата и значењето на институционалното предучилишно воспитување, поентата на истражувањето беше насочена кон откривањето вредностите и позитивните резултати што ги дава организираното општествено предучилишно воспитување.

- Во експериментот беа применувани различни методи, постапки, форми, средства и содржини, кои се применуваат во научно- истражувачката дејност од областа на воспитното образование.

Покрај воспитувачите и наставниците во експериментот зедоа учество и училишните педагози, управителите на предучилишните установи, директорите на основните осумгодишни училишта, психолози, лекари-педијатри и родителите на децата.

- Добиените показатели и резултати статистички се вреднувани и обработувани, при што се користени педагошко- психолошките статистички обработки.

- По обработката на материјалите од испитувањата, резултатите од воспитно-образовната, наставната работа, детската и ученичката документација и другите расположиви материјали, добиени се одговори на хипотезите, дилемите и прашањата што беа поставени во почетокот на истражувачката работа.

- Децата што посетувале предучилишни установи покажаа подобри резултати во учењето и совладувањето на наставата, постигнаа повисок успех во одделни наставни содржини, бидејќи во предучилишните установи имале системна и планска разработка на повеќе содржини на воспитно- образовна работа, што им овозможила да создадат добри основи на способностите за понатамошно воведување- проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките. Наспроти нив децата, кои направо доаѓаат од семејствата во

училиштето, покажаа послаби резултати во учењето, совладувањето на наставата и постигнаа понизок успех од наставните предмети. Освен тоа тие не покажаа добро изградени способности за самостојна, активна и творечка работа, како и не поседуваа основни предзнаења за понатамошно проширување, продлабочување на знаењата и за понатамошно сознавање.

- Во поглед на изграденоста на навиките кај децата што посетувале предучилишни установи, се добиени високи резултати. Во текот на учењето од I-то одделение овие деца, за разлика од децата на контролната група, беа значително посамостојни во работата, поистрајни и со поголема одговорност ги прифаќаа задачите и задолженијата и, како резултат на тоа, постигнуваа и подобри успеси и резултатите во учењето и наставата .

- Резултатите што беа добиени во истражувањето во поглед на социјализацијата и однесувањето покажаа дека, децата што посетувале предучилишни установи, брзо, лесно и без тешкотии се адаптирале и вклопиле во одделенскиот и училишниот живот и дека претставуваат позитивно јадро во формирањето на одделенскиот колектив и работата на слободните ученички

активности. Овие деца, исто така, покажаа високо степен на соработка со другите деца од одделението и училиштето во натпреварувањето и прифаќањето и извршувањето на задачите, како и покажаа поголеми амбиции за постигнување на повисок успех и позитивно однесување на поведението.

- Децата што посетувале предучилишни установи изразуваа и манифестираа послободно однесување во наставата и поведението, со што не беше нарушувана дисциплината, бидејќи повеќе од наставниците, ваквата појава и манифестација, ја окарактеризираа како слободен дух на детската природа,која може успешно да се канализира со правилно прифаќање и активирање на детските творечки дејности и активности.

- Недоволната педагошка функција на одделни семејства, ниското образовно ниво, презафатеноста на родителите за децата што не посетувале предучилишни установи, претставуваат сериозни пречки во нивното успешно подготвување за училиште, а со тоа се срекаваат со голем број проблеми и тешкотии во совладувањето на наставното градиво, учењето, социјализацијата во училишната средина и др.

- Предучилишните установи како почетни и примарни воспитно- образовни институции, како што

покажа експериментот со целокупната своја организациона, програмска и кадровска поставеност, вршат значајни корекции на пропустите и слабостите на семејното воспитување, бидејќи го прошируваат кругот на претставите и поимите за природата и околината, богатењето на речникот, правилното говорно искажување, формирањето на основни математички претстави и поими, за квалитативните и квантитативните особености на предметите, ги развиваат интересите за естетско уочување, доживување, творење и сл., што претставува сигурна основа на подготовка, за понатамошно успешно вклопување, учење во основното училиште и активно вклучување во социјалната средина.

ПРЕДЛОЗИ И НАСОКИ

Поаѓајќи од добиените резултати на истражувањето за улогата и значењето на предучилишните установи во подготвувањето на децата за поаѓање на училиште од различни семејни средини и постигањата на тој план, за натамошно согледување и унапредување на институционалното предучилишно воспитување и образование се актуелизираат следните предлози и насоки:

1. Натамошно ширење на организирани форми на општествено предучилишно воспитување и образование.

Сегашниот развиток на предучилишното општествено воспитување и образование, се карактеризираа со мала развиеност мрежата на предучилишните установи во Републиката и тоа главно во градовите со мал број опфатени деца, што во процент изнесува околу 12,5% од децата на возраст од 0 до 7 години, како и постоењето на забавиштето при основните осумгодишни училишта, како подготвителни групи за поаѓање на училиште.

Имајќи предвид, дека предучилишните установи се користат најмногу за прифаќање на децата на вработените родители и дека во нив не можат да најдат место децата, на кои најмногу им е потребна предучилишна установа како што се: децата на не образованите

родители, на социјално -економскитенкатегории, на привремено вработени во другите Републики и земји, деца на земјоделците и други.

Ваквата положба доведува до зголемување на јазот што го создаваат социјалните разлики на семејниот живот, бидејќи децата од економските поситуирани семејтва се опфатени со организирано општествено институционално предучилишно воспитување и образование, додека децата што немаат можности за правилно воспитување во семејството остануваат надвор од системот на предучилишното воспитување и образование.

Поаѓајќи од фактот деца целодневниот престој во предучилишните установи не му е потребно на секое дете, туку само на оние на кои им се вработени родителите, а општественото воспитување му е потребно на секое дете, затоа во натамошното унапредување на системот на предучилишното воспитување и образование, треба да се заложиме за развивање на бројни форми за општествено воспитување и образование со полудневни и други слични програмирани активности, кои ќе овозможат масовно опфаќање, организирање и стручно предучилишно воспитување и образование на децата кои немаат потреба од целодневно престојување во предучилишни установи.

2. Поаѓајќи од стручните, научните и практичните сознанија, како и од добиените резултати со ова истражување, дека децата што стапуваат во училиште направо од семејствата, потешко се социјализираат, адаптираат и потешко се вклучуваат во следењето на наставниот процес, се наметнува потребата за задолжително едногодишно престојување и подготвување за поаѓање на училиште на секое дете, односно од сите социјални и економски средини и структури.

За таа цел потребно е позабрзано да се шири мрежата на забавиштата при основните осумгодишни училишта, а посебно на село, каде нема други предучилишни установи, како и изнаоѓање на други слични форми на полудневно, едногодишно и сезонско опфаќање на децата.

2..Сегашната организациона поставеност на предучилишните установи не дава можности за престој на децата кои не се опфатени со целодневен престој. Тоа доаѓа оттаму што предучилишните институции во голема мера се затворени со строго организациона поставеност и нормираност. Имајќи ги предвид современите стручни гледања, а истовремено општествените барања и потреби, овие институции не можат понатаму да бидат затворени, туку тие треба широко да се от-

вораат за потребите на месните заедници и организациите на здружен труд. Тоа укажува дека предучилишните установи, покрај своите програмски задачи што ги остваруваат со децата што се опфатени со целодневен престој, треба и мораат да реализираат и скратени воспитно- образовни програми со децата што не се опфатени на подрачието на месната заедница, а со тоа да се развијат и прераснат во центри за работа со родителите на планот на развојот, воспитувањето и образованието на децата.

4. Предучилишните установи не смеат да бидат изолирани институции во месната заедница со сопствени гледања, цели и задачи, туку тие треба да воспостават тесна соработка со сите организирани општествени организации, институции и средини на подрачјето на кое што делуваат.

Поврзаноста на предучилишните установи со училиштето треба да овозможи взаемно и континуирано делување, соработка што ќе придонесе за унапредување на организираните форми, програмска, и кадровска поставеност, како и ќе овозможи поблиско запознавање и полесно преминување од една во друга институција.

Поврзувањето на предучилишните установи со другите културни, општествени институции и

организации на подрачјето исто така, има големо значење за непосредното запознавање на децата со средината и општеството во целина.

Сето ова укажува на фактот дека е потребно предучилишните установи да изнајдат форми, начини, методи и приоди за поголемо и непосредно поврзување и поопштествување на својата дејност.

5. Потребата за опфаќање на децата на вработените родители во услови на недоволно изградени капацитети на предучилишните установи, создаде положба на преоптоварување на групите на децата. Ваквото преоптоварување претставува физичко згрижување на децата, што го оневозможува остварувањето на вистинските цели и задачи на предучилишното воспитување и образование, што секако негативно влијае врз емоционалниот и интелектуалниот развиток и напредување.

Имајќи го предвид сето ова, се наметнува потребата за натамошно проучување на внатрешната организираност на работата на предучилишните установи, со цел да се изнајдат соодветни форми на организација со кои групите се растоварени и најфлексибилно поврзани.

6. Поаѓајќи од сегашните програми на воспитно- образовната работа, како и од стручно- научните истражувања и согледувања кај нас и во другите земји, се јавува потреба за понатамошно проучување, разработување и унапредување на програмите на воспитно- образовната работа со децата од предучилишната возраст.

Унапредувањето на воспитно- образовните програми,треба да се насочи кон поттикнување и непосредно запознавање со околината и светот што го опкружува, а сето тоа ќе овозможи насочување со форми на активностите.

Воспитно- образовните програми треба поконкретно да се ориентираат и постават на сите форми за опфаќање со: целодневен, полудневен и краток престој на децата.

7. Континуитетот на предучилишното воспитување и образование, и образованието и воспитувањето на основните осумгодишни училишта во првите четири години, ни претставуваат посебен педагошки проблем, што го поставува современата педагошка и психолошка мисла за осовременување на предучилишното воспитување и основното образование.

Предучилишните установи развиваат широка воспитна дејност, преку која децата се наобразуваат

и здобиваат претстави, поими, знаења, искуства, а истовремено и успешно се подготвуваат за поаѓање на училиште, додека пак основните училишта од првите четири одделенија, преку наставата и образованието, се воспитуваат и подготвуваат за понатамошно учење и живот.

Поврзувањето на предучилишното воспитување и образование, и основното образование, треба да се бара во контекстот на трансформирањето на образовниот систем и претворање на институционалното воспитување во општествено воспитување, што бара и трансформирање на програмите и нивно поврзување со општеството, средината, ОЗТ и другите културни и јавни институции.

Истражувањето, кое ги открива најефикасните начини, како во предучилишните установи, така и во првите четири одделенија од основното училиште, многу ќе придонесе во решавањето на сложените прашања на трансформацијата на образовните системи и континуитетот на воспитно- образовната работа меѓу предучилишните установи и основното училиште.

8. Натамошно осовременување бара унапредување на воспитно -образовната работа во предучилишните установи и индивидуалното запознавање на децата и нивното понатамошно унапредување. Тоа бара и изнаоѓање на нови форми на методи и средства за работа, како и

унапредување на постојните. Сето тоа ќе овозможи развивање, култивирање на творештвото и творечките способности кај децата, на непосредно запознавање на природата и околината, развивање на мисловните способности, непосредно доживување, соработување и создавање на услови за оптимален развиток и поголемо активирање и ангажирање на децата.

Тоа ќе се постигне со големо ангажирање на стручниот кадар во предучилишните установи, ангажирање на стручните служби, општинските заводи за унапредување на предучилишното и основно образование, Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето и другите стручни институции и асоцијации.

9. Имајќи предвид дека носителите на целокупната воспитна работа во предучилишните установи се кадрите (воспитувачи), унапредувањето на предучилишното воспитување и образование, не може успешно да се остварува без стручно квалификувани кадри и постојано стручно изградување и усовршување на кадрите во овие институци За таа цел натамошната активност треба да се насочи кон изнаоѓање и применување на поефикасни форми за стручно изградување на кадрите. Во тој поглед посебна улога треба да преземат педагошките академии, заводите за

унапредување на образованието и воспитувањето,филозовските факултети, наставно- научните студиски групи на педагогија и сл.

10. Поаѓајќи од фактот дека предучилишната педагогија, претставува релативно млада педагошка наука, се уште не можеме да се задовилме со сознанијата што се научно верифицирани, така што и натаму треба да се вложуваат напори во истражувањето на полето на предучилишното воспитување и образование. Посебно треба да се истражува: организацијата, формите, методите на воспитно- образовната работа, играта како насочена активност, насочените активности во воспитно- образовната работа на одделните воспитно- образовни подрачја и слично.

За постигнување на овие зафати неопходно е, покрај теоретските научни истражувања, следење на практиката како база на педагошката научна мисла и во тој поглед да се постигне меѓусебно взаемно делување.

11. Издавачката дејност како една од компонентите за следење, применување и унапредување на педагошката мисла, има големо влијание во наобразувањето и понатамошното стручно информирање и усовршување.

Досегашната издавачка дејност, посебно во нашата Република, на планот на предучилишното воспитување и образование не задоволува. За таа цел се налага потреба од издавање на стручна- прирачна и друга литература од областа на предучилишната теорија и практика, за што одделни издавачи,програмски треба да ја насочат својата издавачка активност на полето на предучилишното воспитување и образование.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Antonova,T.: Specifičnosti interakcije djece starijeg predškolskog uzrasta za vršnjacima,"Predškolsko dete" Br.1/76

2. Arkin, E.A.: Igra i rad u životu deteta, P.K.Z,Zagreb, 1950 god.

3. Arkin, E.A.: Razgovori o odgoju,P.K.Z, Zagreb 1947 god.

4. Arkin, E.A.: Vaspitanje predškolskog deteta, Izdavačko preduzeče Srbije, Beograd

5. Azenštedter,J: Sistem vaspitanja Marije Montesori,Budućnost, Beograd 1925 god.

6. Аксарина,Н : Воспитание детеи ранега возраста , Москва 1977 година.

7. BAAR,E.: Radni listovi za djecu u dječjim vrtićima i na početku školovanje, Školska knjiga, Zagreb, 69 godina

8. Bartuškova M.: Pedagogija predškolske dobi, Školska knjiga, Zagreb 1968 godina

9. Belinova L.i Jirova M. Kako pripremiti dijete za školu, Svetlost Sarajevo, 1976 godina

10. Belošević Bosiljka: Značaj vaspitanja predškolske dece, Narodna knjiga, Beograd 1956 godina.

11. BER-Majer: Problemi ranog učenja i predškolskog vaspitanja, Predškolsko dete, Br.4/71 god.

12. Bergant, M : Promene u porodici i problemi porodičnog vaspitanja, Pedagogija, Br.1 1973 god.

13. Brkić, P : Socijalno ponašanje deteta u ranom detinjstvu, Predškolsko dete, Br.3 od 1971 god.

14. Bruner, D : Igra "skrivalice" i učenje strukture pravila, Predškolsko dete Br.2/77 god.

15. Bruner, D : Proces obrazovanja, Pedagogija, Br.2-3 1976 godina.

16. Брунер, Д. и др.: Иследовање развитија познаватеной и дејателности, педагогика, Москва, 1971

17. Vasilev, S.: Psihološko- pedagoški aspekt pripremanje dece u porodici i u dječjim vrtiću za školu, Predškolsko dete Br.4/ 76 g.

18. - Vaspitni rad u predškolskim ustanovama (Kolektivni rad prof.škole za vaspitača), Savremena škola, Beograd 1965 god.

19. Vigotski, L.: Učenje i razvoj u predškolskom uzrastu "Predškolsko dete" Br.4, od 1971 god.

20. Vigotski, L.: Mišljenje i govor, Nolit, Beograd

21. Vigotski, Л.: Мишленије и реч, Москва, 1934 година.

22. Gaan, D.: Neki oblici saradnje i vaspitača predškolskih ustanova, porodica i djete Br.2 od 1969 god.

23. Gligorijević, B.: Vaspitanje socijalnog ponašanja kod dece pomoću igre, Predškolsko dete Br.5 -6 1958 godina.

24. Gračeva L.: Koriščenje logičkih zadataka za umni razvoj predčkolaca, Predškolsko dete Br.1 -4 od 976 godina.

25. Grujić, V. : JAN AMOS KOMENSKI- Osnivač predškolske pedagogija, Život i škola Br.9-10 od 1972 godina.

26. Grupa autora: Prilog metodici predškolskog vaspitanja, Zavod za udžebnika, Beograd 1967 god.

27. Grupa autora: Primjena programa odgojno-obrazovnog rada u dečjem vrtiću, Zavod za osnovnog obrazovanja, Zagreb 1968 godina.

28. Grupa autora: Planiranja odgojno- obrazovnog rada u dječjem vrtiću, Zavod za osnovnog obrazovanja, Zagreb 1971 god.

29. Delić,J,P,N : Psihološko vaspitanje lične i funkcionalne zrelosti dece za polazak u školu, Predškolsko dete, Br.1-4/75 g.

30. Dicić,M : Vrednovanje rezultata rada u predškolskim ustanovama, Predškolsko dete, Br.1 od 1971 godina.

31. Došen, A.: Odgoj i obrazovanje u dečjem vrtiću, P.K.Z., Zagreb /1977 godina.

32. Došen, A.: Neki aspekti ostvaruvanja programa odgojno-obrazovnog rada u dječjim vrtićima,pogledi i iskustva 1972 g.

33. - Дошколное воспитание ;научние доклади, Г.П.И. Герцена, Ленинград, 1974 година.

34. Dolanc, A.: Novi oblici predškolskog vaspitanja dece u Sloveniji, Komuna, Beograd 197o godina br.11

35. Drašković,N.: Prilog istoriji predškolskog vaspitanja u Sarajevu, Iskustva Br.9 -10/ 1972 god.

36. Duran,M. : Utjecaj jednogodišnjeg odgojno-obrazovnog rada u predškolskoj ustanovi za polazak u školu, Predškolsko dete br.1-4/76 g.

37. Džorđević,B.: Predznanje učenika I razreda osnovne škole i njihov kasnije uspeh, Predškolsko dete Br.1 od 1971 godina.

38. Elkanjin,D.: Simbolizam i njegova funkcija u igri djece, Predškolsko dete Br.2-3/ 1976 god.

39. Elkin, D. : Pijaže i Montesori, Predškolsko dete,Br.1-4 od 1971 godina.

40. Erikson,E.: Igra, rad i razvoj, Predškolsko dete br.2 od 1971 godina.

41. ;- Enciklopediski pedagoški riječnik, Zagreb, 1963 godina.

41[а]. Запорожец,А: Воспитание и обучение в детском саду, Педагогика, Москва, 1976 година.

41[б]. Запорожец А: Формирование воспријатија у дошколника, Просвешчение, Москва, 1968 година.

42. Запорожец, А: Психологија личности и дејателности дошколника, Просвешчение, Москва 1965

43. Залужској, М: Подготвителнаја к школе група в детсюш саду, Просвешчениjе, Москва 1972 год.

44. Ivić, I.,i dr.: Razvoj i merenje inteligencije, Zavod za udbenike, Beograd.

45. Jelić, S. : Potrebe naučno- istraživačkog rada na području predškolske pedagogije, Pedagogija, Br.3/ 63 godina.

46. Jelić, S. : Umjetnički odgoj djeteta predškolske dobi, Predškolsko dete, Be.9-10/58 g.

47. Jovanović,P. : Priprema deteta za polazak u školu i početak školovanja, Centar za roditelje Beograd, 1968 godina.

48. Jovanović, P. : Slobodne aktivnosti u dječjim vrtićima, Predškolsko dete, Br.1-4/ 74 godina.

49. Jovanović, P. : Veza između predškolskog i osnovnog obrazovanja, Predškolsko dete Br.1-4/ 1976 godina.

5o. John, W.: Priručnik od istraživačkim metodama dečjeg razvoja, Vuk Karadić, Beograd.

51. Johanes, S: Vaspitanje i razvitak, Zavod za izdavanje udbenika SR Srbija ,Beograd.

52.

53. Kalmi, G. : Razvoj ruke i dečja nespretnost, Predškolsko dete, Br.1-4 1973 godina.

54. Kamenov,E. : Konkretne mogućnosti primene didaktike u teoriji i praksi predškolskog vaspitanja, Pedagoška stvarnost Br.3/ 70 g.

55. Kamenov,E. : Osnovni problemi dečjih vrtića u Vojvodini, Pedagoška stvarnost Br.1/ 71 god.

56. Kamenov,E. : Strkturiranje jedinice zanimanja i problem njenog funkcionalnog uklapanja u Pedagoškog rada, Pedagoška stvarnost Br.7 /1969 godina.

57. Kami, K: Pedagoške implikacije Pijažeove teorije Predškolsko dete Br.4 1971 godina.

58. Kami, K.: Skica programa za predškolsko obrazovanje, Predškolsko dete Br.4/1971 godina.

59. Knežević,M: Predškolski odgoj kao sastavni dio odgoj i obrazovanja u srednjročnom planu razvc pogledi i iskustva, Br.4 /1970 godina.

60. Kolar,N: Jedinstvo i kontinuitet vaspitanja i obr zovanja na stupnju predškolskog vaspitanja i osnovne škole, Predškolsko dete Br.1/1977 godina.

61. Kolar, N: Priprema otrok na vstop v šolo, sodobna pedagogika, Br.5-6 od 1967 godina.

62. Kolar, N: Priprema dece za polazak u školu u poslednjoj godini, Predškolsko dete Br.1/7

63. Kolar, N. : Širenje i intenzifikacija društveno - organizovanog predškolskog vapsitanja u Sloveniji, Predškolsko dete Br.1-4/73.

64. Kolar, N. : Učenje u predškolskoj dobi Br.1-2 Sodobna pedagogika /1971 god.

65. Kolberg, L. : Rano obrazovanje, Predškolsko dete Br.1-4 od 1976 god.

66. Koljocova,M. : Dete uči da nas razume, Predškolsko dete Br.2 /1977 godina.

67. Kondić, K. : Predškolska ustanova i emocionalno- socijalna zrelost, Predškolsko dete, Br.1-4/7

68. Kos, V. : Organizacija radnog dana u pripremnim odjelenjima, Život i škola Br.9-10/69 g.

69. Kos, B. : Pripremanje djece za polazak I-og razreda Život i škola, Br.9- 10/69 godina.

70. Korotkova,Z. : Kako povečati dečju aktivnost na zanimanjima, Predškolsko dete, Br.1-4/1974 god.

71. X Kongres na SKJ, dokumenti,Komunist

72. XI Конгрес на СКЈ; документи, Комунист -Скопје

73. VI Конгрес на СКМ, Комунист - Скопје

74. VII Конгрес на СКМ, Комунист -Скопје

75. Конина, М.: Детское творештво, Г.П.И. Ленина, Москва 1970 година.

76. Котирло,В: Развитие волевого поведение у дошколников, Радјанскаја школа, Киев, 1971 година.

77. Куриленко,: Сборник задач и упражнении по дошколнои педагогике,Минск, 1966 година.

78. Krivokuća, J. : Koliko porodica utiče na obrazovanje i vaspitanje dece, Predškolsko dete Br.1-4 1973 godina.

79. Levin,Menđeriskaja: Predškolski odgoj, P.K.Z. Zagreb/50 g.

80. Leušina, A. : Ličnost deteta i kolektiv, Predškolsko dete Br.1-2/ 1964 godina.

81. Лублјинскаја,А: Очерки психического развитија ребенка, А.П.Н. СССР, Москва, 1959 година.

82. Лубљинскаја,А: Детскаја психологија, Просвещение, Москва, 1971 година.

83. Лубљинскаја,А: Преемственност в процесе обученија в школе, Г.П.И. Герцена, Ленинград/69 г.

84. Ljubljinska,A.: Razgovori sa vaspitačem o razvitku deteta Zavod za udbenike, Beograd /1966 godina.

85. Леушина,А; Формирование елементарних математически представлении у детеи дошколного возраста, Москва, 1974 год.

86. Леушина, А: Дошколнаја педагогика, Г.П.И.Герцена, Ленинград 1970 година.

87. Леушина, А: Дошколнаја педагогика, Г.П.И.Герцена, Ленинград, 1972 година.

88. Логинова, В: Систем народного образованиjа в СССР, ГПИ. Герцена, Ленинград 1972 година.

89. Логинова, В: Трудовое воспитание детеи, Г.П.И.Герцена, Ленинград, 1974 година.

90. Maggobu, E : Rano učenje i ličnost, Predškolsko dete Br.3, 1971 godina.

91. Makarenko,A: Porodično vaspitanje, Beograd 1948 godina.

92. Makviker, H: Šta podrazumevaju promjene u shvatanjima o tetetovom intelektualnom razvoju, Predškolsko dete, Br.4/1971 godina.

93. Marjanović,A: Nauka o obrazovanju predškolskog deteta, Predškolsko dete Br.4/71 godina.

94. Marjanović,A: Igra i stvaralaštvo, Predškolsko dete Br.1/7

95. Marjanović,A: Predškolsko vaspitanje u sistemu vaspitanja i obrazovanja, Pedagogija br.2-3 /1967 god.

96. Marjanović,A: Savremene teorije razvoja ličnosti i vaspitanja u ranom detinjstvu, Pedagogija Br.1/69

97. Marjanović,A: Teze za diskusiju o temi: Sistem predškolskog vaspitanja u SFRJ, Predškolsko Dete Br. 1-4 1976 godina.

98. Marjanović,A: Povezivanje predškolsko i osnovnog vaspitanja i obrazovanja, Predškolsko dete Br.1/77.

99. Matić, V: Vaspitanje deteta, Tehnička knjiga-Beograd 1957 godina.

loo. Martinović,M: Saradnja dečjeg vrtića i osnovne škole, Predškolsko dete Br. 1/1977 godina.

101. Marjanović, A: Teoriska i praktična pitanja obrazovanja predškolskog deteta, Predškolsko dete Br.1/1973 godina.

1o2. Марковои,Т: Подготовка детеи к школе в семе, педагогика, Москва, 1976 година.

1o3. Маджаров, А: Математическата подготовка на седмогодишните деца, Народна просвета, Софија/1977

1o4. Метлина, С.: Математика в детском саду, Просвешчение, Москва, 1977 година.

1o5. Mialare, G: Ciljevi predškolskog vaspitanja, Predškolsko dete, Br.L-4 /1976 godina.

1o6. Mihajlović, V: Mini škola i pripremanje dece za školu, Naša čkola, Br.1-2/ 1974 godina.

1o7. Milosavljević S: Socijalni položaj porodice i uspeh učenika, nastava i vaspitanje, Br.5/68 godina.

1o8. Mikerdži, P: Koreni permanentnog obrazovanja nalaze se u ranom detinjstvu, Predškolsko dete, Br.4/71

1o9. Nikić, T: O službi pedagoga u predškolskim ustanovama, Predškolsko dete, Br.1/1971 godina.

11o. Нечевој, : Нравственое воспитание в детском саду, Просвешчение, Москва, 1975 година.

111. Непомнјашчех,Н: Опит системного иследованија психики Ребенка, Педагогика, Москва, 1975 година.

112. Новоселова,С: Развитие мишленија в ранем возрасте, Педагогика, Москва, 1973 година.

113. Новоселова,С: Дидактические игри и занјатија с детми, Просвешчение, Москва 1977 година.

114. Петров Н: Состојбата и проблемите на општествената заштита на децата од предучилишната возраст, Просветно дело Бр.7 -8, 1976 година

115. Palov, V. : Slobodna zanimanja dece u zabavištu, Pedagoška stvarnost, Br.3/1955 godina.

116. Parten,M : Socijalna igra predškolske dece, Predškolsko dete Br.2- 3/ 1972 godina.

117. Pecelj, T : Problemi prelaska dece iz predškolskog u školska doba, Predškolsko dete Br1/1977 g.

118. Perišić, M : Igre, rad i učenje u predškolskim ustanovama, Pedagoška stvarnost Br.4 /1974 god.

119. Perišić, M : Organizacija sredine i problemi planiranja vaspitno- obrazobnog rada u predškolskim ustanovama, Pedagoška stvarnost Br.1/74 g.

x120. Perunović,R i dr.:Prostorna i vremenska orientacija kao elemenat spremnost dece za polazak u školu, Predškolsko dete, Br.1 -4/1973 godina.

121. Petrov, N: Rezultati od edno istražuvanje za ulogata na semejstvoto i predučilišnite ustanovi vo podgotvuvanjeto na decata za učilište, Predškolsko dete Br.1 -4/1973 godina.

122. Petrović,M: Povećan obuhvat dece predškolskim vaspitanjem i obrazovanje, Predškolsko dete Br. 1 od 1977 godina.

123. Петров, Н: Форми за опфаќање на децата од предучилишната возраст, Просветно дело Бр.5-6/1972.

124. Петрова,Е: Формирање на општи понјатија у децата од детската градина, Народна просвета, Софија 1965 година.

125. Петрова,З: Занатија по развитке речи с детми, Прросвешченије, Москва 1970 година.

126. Прмјакова,В: Вопроси умственого воспитанија детей дошколного возраста, ИРКУТСК, 1972 год.

127. Петроченко,Г: Подготовка детей 6 -7 лет и подготовка их к школе, Минск 1975 година.

128. Поддјаков,Н: Мишление дошколника, педагогика, Москва, 1977 година.

129. - Програма воспитанија в детском саду, Просвешченије, Москва 1976 година.

13o. Петров,Н: Откриени светови, - Скопје/1975 год,

131. Porodica i socijalizacija mladih, Savet za vaspitanje i zaštiti dece, Beograd 1970 godina.

132. PETZ, B. : Osnovi statističke metode, Zagreb 1974 g.

133. Pedagoški rečnik I i II, Beograd, 1967 godina.

134. Pješčić, M: Uticaj predškolskog vaspitanja na uspeh u I razredu, Predškolsko dete,Brl /1977 g.

135. Pregrad,Z : Obrazovanje kadrova na području naučnog istraživačkog rada u predškolskoj pedagogiji, Pedagogija br. 4/65 godina.

136. Prodanović,L: Priprema deteta i roditelja za polazak u predškolsku ustanovu, Predškolsko dete Br. 1 -2/1964 godina.

137. Радинои,Е: Умстеное воспитание детей, Просвешченија Москва, 1963 година.

138. Рубинштеин, Л: Омишлени путах его исследованија, Москва, 1957 година.

139. Rudeš, A : Dečji vrtić u sastavu osnovne škole, Pogledi i iskustva Br.4/ 1968 god.

140. Rudeš, A : Planiranje odgojno-obrazovnog rada u dječjim vrtićima, Pogledi i iskustva Br.4 /1973 godina.

141. Savremeni problemi predškolskog vaspitanja,Beograd 69.

142. Smit, N : Treba li da deca uče čitanje u predškolskoj ustanovi, Predškolsko dete Br.4/1971 god.

143. Smiljanić,V: Gotovost za učenje, nastava i vaspitanje Br.1 i 2/ 1967 god.

144. Sorokina,A: Predškolska pedagogika, Belgrad 1956 god.

145. Savičević,D: Obrazovanje za život u porodici,Zavod za udbenike -Beograd.

146. Smiljka, V : Zadaci za utvrđivanje jezične razvijenosti predškolske djece u dječjem vrtiću, Zagreb, 1975 god.

147. Suvremena matematika i predškolsko dijete, Zavod za osnovnog obrazovanja, Zagreb /1972 god.

148. Стаменова,З: Испитување на развиеноста на децата за поаѓање во училиште, Просветно Дело бр. 5 и 6 1976 година.

149. - Семејството и воспитувањето на детето Совет за грижи и воспитување на децата -Скопје, 1971 година.

150. Суботскии, Е: Психологиjа отношении партнерства у дошколников, Московского униврзитета 1976 год.

151. Сохина, Ф: Развитие речи детеи дошколного возраста, Просвешчение, Москва, 1976 година.

152. Сохина, Ф: Подготовка детеи к школе в детском саду, Педагогика, Москва 1978 година.

153. Toličić, I. : Temelj šolanja predškolska vzgója pro- svetni delavec Br.18/ 1971 god.

154. Uputstva za organizaciju vaspitnog rada u dečjem vrtiću Znanje,. Beograd /1950 godina.

155. Усова, А: Рол игри в детском саду, А.П.Н. СССР Москва, 1961 година.

156. Усова, А: Обучение в детском саду, Просвешчение, Москва, 1970 година.

157. Filipović, M.: Pripremljenost djece za polazak u školu, Iskustva Br.3 -4/1973 godina.

158. Frejland,R: Razvoj socijabilnosti kod deteta, Zavod za unapređivanje školstva, Srbije,Beogra 1959 godina.

159. Furland, I : Dijete i učenje, Roditeli i škola,Zagreb/

160. Furland, I : Početak osnovnog školovanja,Školska knji Zagreb 1974 godina.

161. Hađiselimović,D: Zrelost za početak osnovnog školovanja Pogledi i iskustva, Br.5/1974 godina.

162. Hlačev, M. : Sistematizacija didaktičkih sredstava, Predškolsko dete, Br.2 i 3 od 1972 god.

163. Herlog, E: Razvoj djeteta, Zavod za udbenike, Beograd.

164. Hes, R: Rano učenje kako proces socijalizacije, Predškolsko dete, Br.4 /71 godina.

165. Holt, D: Kako deca uče,Predškolsko dete br.1-4/74.

166. Calwell,M: Kakva sredina pruža detetu najpovoljnije uslove za učenje, Predškolsko dete Br.2/ 1977 godina.

167. Boguslavska,Z: Psihološke osobenosti saznanja aktivnosti dece predškolskog uzrasta u uslovima didaktičke igre, Predškolsko dete Br.2-3 1972 godina.

168. Cvetković,J. : Organizacija jednogodišnje pripreme za školu, Predškolsko dete Br.1 /1977 god.

169. Čordašić, M : Pripremanje deteta za polazak u školu, Rad, Beograd/1959 godina.

170. Мужић, В: Методологија педагошког истраживања Светлост, Сарајево 1977 година.

171. Потковак, Крнета: Педагогија, Београд 1965 година.

172. Шабаевој, М: Историја дошколној педагогики в России Просвешченије, Москва 1976 година.

173. Жлебник, Л: Историја школства и педагошких идеја, Научна књига -Београд.

174. Johanson. : Criteria of school readines, Stocholm

175. Bernstein,B: Class,Godes,and Control, London 1971

176. Bloom,B.S. : Stability and change in human characteristics, New York 1964 godina.

# СОДРЖИНА

Страница

1. УВОД

2. Потреба за проучување улогата на предучилишните установи во подготвување на децата за училиште . . . . . . . . . . . . . . . . 13

3. Теоретско и практично значење на проблемот 26

4. Практично значење на проучувањето на проблемот 34

5. Историјат и дефинирање на проблемот . . . 43

6. Цели и задачи на истражувањето . . . 59

7. Хипотези на истражувањето . . . . . . . . 65

8. Методологија на истражувањето . . . . . 69

а/ Разработка на проблемот

б/ Истражувачка работа . . . . . . . . . 80

в/ Содржинско расчленување на проблемот 86

г/ Анализирање на формите за опфаќање на децата од предучилишната возраст и нивната подготовка за училиште . . . . . . . . . 92

д/ Програмска поставеност на содржините на воспитно- образовната работа во предучилишните установи . . . . . . . . . . 113

е/ Подготовки за следење на испитаниците 144

ж/ Основни компоненти во подготвеноста на децата за поаѓање на училиште . . . . . 150

з/ Испитување на подготвеноста на децата за поаѓање на училиште . . . . . . . . . 172

Страница

9. Подготвеноста на децата и постигнатиот успех во I одделение од основ.училиште 195

1о.Согледувања на успехот на децата и учениците од експерименталната и контрол.група 212

11. Констатации за подготвеноста на децата за поаѓање на училиште . . . . . . . . . . . 227

12. З а к л у ч о к . . . . . . . . . . . 232

13. Предлози и насоки . . . . . . . . . . . 238

14. Користена литература . . . . . . . . . . 248

15. С о д р ж и н а . . . . . . . . . . . 262

....ооо....